**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1327

Скопје, 1 април 2025 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1327 ОД 1 АПРИЛ 2025 ГОДИНА


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Архитектура на индустриското наследство – природно осветлени фабрики** од авторот: **вонр. проф. д-р Горан Мицковски**.............................6-11
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Теа Дамјановска, м-р Михајло Стојановски**)..........................................................................12
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Накије Миртезани, Клементина Бусева, Марија Аризанковска, Петар Трајчевски, Албан Синани, Ана Мијаличиќ, Цвете Божиноска, Катерина Цветковска, Мухамед Имишти, Ангела Василева**).........................................................................................................13-14

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за доделување на звањето – почесен професор (professor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на **проф. д-р Питер Марк**, редовен професор на Рурскиот универзитет во Бохум, СР Германија..........................................................................15-21

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија** од **м-р Ѓунтер Мерџан**, пријавена на Економскиот факултет - Скопје.......22-31
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги** од **м-р Јани Манасов**, пријавена на Економскиот факултет – Скопје..........................................................................................................................32-38
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Агрон Меџити, Косто Димоски, Даниела Николовски, Сандра Николовска, Наташа Давидовска, Теа Савеска, Марија Смилеска**)..........................................................................................39-40

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика и енергетика и животна средина, на Машинскиот факултет – Скопје (**д-р Виктор Илиев**)..........................................................................................................................41-52

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и ревматологија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ**)..........................................................................................53-70
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дерматовенерологија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Катерина Дамевска**)..........................................................................................................................71-83
3. Рецензија на ракописот **Практикум по ортопедска пропедевтика** од група автори..........................................................................................................................84-88

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Маргарета Јовчевска, Александра Бошнакоска, Марија Ристова, Димитар Врглевски, Кире Јованов, Ана Кракутовска, Влатко Владевски, Јован Буровски, Дамјан Богоевски, Симона Лазаревска, Сајма Хасановиќ, Фјола Јакупи, Вехап Арслани, Ненад Мицевски, Сара Крстевска, Венцислав Козар, Александар Јордев, Михаил Пејковски, Огнен Минчев, Бојана Георгиева, Анастасија Јаневска, Симона Чинго, Јасмина Сливоска, Георгина Србиноска, Благица Ристовска, Христина Богдановска, Галина Никодиновска, Магдалена Илиевска, Бобан Мицевски, Стефанија Андреева, Памела Павловска, Александра Тепеѓозова, Ели Динева, Ердина Веселоска, Тина Божинова, Мартина Павловска, Александра Ристевска, Емилија Анчевска, Жане Ристовска, Зорица Гиновска, Бисера Шегмановиќ, Магдалена Николовска, Миа Младеновска, Анастасија Петричевска, Едона Асани, Марко Миливојевиќ**)...................................89-94

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Душица Заова, Дејан Кунески**)........................................................................................................95
2. Реферат за доделување на звањето почесен професор (professor honoris causa), на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на **д-р Светлана Мојсов**.................96-106

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на две лица во сите научни звања во научната област ортодонција, на Стоматолошкиот факултет - Скопје (**н. сор. д-р Билјана Богдановска, н. сор. д-р Јасна Петровска**)..........................................................................107-139
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Д-р Арта Аслани Беќири**)............................................................................................................140
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Д-р Хусние Емини, Д-р Мартина Анастасовска, Д-р Захра Амза, Д-р Надежда Живковиќ**)....................................141
4. **Приговор** од **прим. д-р Будима Пејковска Шахпаска** на Референтот за избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет – Скопје, објавен во Билтенот број 1326 од 15.3.2025 година........................................................................................................142-145
5. **Одговор** од **Рецензентската комисија** на Приговорот од прим. д-р Будима Пејковска Шахпаска на Референтот за избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет – Скопје, објавен во Билтенот број 1326 од 15.3.2025 година.....................................................................146-147

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област електрични кола и процесирање на сигнали, на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**д-р Марија Марковска Димитровска**)...................................................148-162
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сашо Цветановски, Христијан Славкоски, Емилија Чона, Матеа Маринова, Мартин Цветановски**)..........................................................................................................163-164

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца** од **м-р Миранда Барути-Сулејмани**, пријавена на Филозофскиот факултет – Скопје……………………………………………………………165-170

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања во наставно-научната област општа и компаративна книжевност (6.02.02.28), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Ведран Диздаревиќ**)……………………………………………………………171-182
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Љуљзим Рамиќи**)……………………………………………………………183
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Борис Симоновски, Елиф Пошка**)……………………………………………………………184

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дендрологија и фитоценологија (4.01.05.01), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**вонр. проф. д-р Бојан Симовски**)…………185-203

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО**

1. Реферат за избор на асистент/асистент истражувач во научната област рибарство (4.01.07.01) во Институтот за сточарство и рибарство – Скопје (**м-р Ирина Маневска**)……………………………………………………………204-210

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Сликата на другиот во албанската книжевност на 20 век** од **м-р Реџеп Хоти**, пријавена на Институтот за македонска литература - Скопје……………………………………………………………211-217

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „АРХИТЕКТУРА НА ИНДУСТРИСКОТО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНО ОСВЕТЛЕНИ ФАБРИКИ“ ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ГОРАН МИЦКОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје бр. 6/54 од 7.3.2025 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Архитектура на индустриското наследство – природно осветлени фабрики“ од авторот: д-р Горан Мицковски (вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје), наменет за студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје, за предметот Архитектура на индустриското наследство, избрани се: д-р Марија Мано-Велевска и д-р Александар Радевски (редовни професори на Архитектонскиот факултет во Скопје).

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Архитектура на индустриското наследство – природно осветлени фабрики |
| **Назив на предметната програма:** | Архитектура на индустриското наследство |
| **Назив на студиската програма:** | Постдипломски студии по архитектура – втор циклус студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 2+1 и 3 ЕКТС-кредити |
| Предметот Архитектура на индустриското наследство на Архитектонскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 2+1, број на ЕКТС-кредити – 3 и се слуша во 3. семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 164 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ги литературата и предговорот) и содржи 120 слики. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Марија Мано-Велевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Радевски, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Марија Мано-Велевска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Архитектура на индустриското наследство – природно осветлени фабрики“ е структуриран во три главни дела, придружени со Предговор од авторот и Библиографија.<br>Првиот дел се однесува на индустриското наследство како категорија на материјално и културно наследство на едно општеството што зазема посебно место во историјата на архитектурата. Покрај историски и теоретски осврт за вреднувањето и третманот на индустриското наследство, дадени се и пристапите кон заштита, специфично приспособени за индустриските објекти и структури.<br>Вториот дел ја претставува типологијата на природно осветлените фабрики како особен дострел во еволуцијата на индустриската архитектура и револуционерен пристап во проектирањето на производствените објекти. Од аспект на вреднување на архитектурата, природно осветлените фабрики зборуваат за синтеза на функционалните барања и техничко-технолошките достигнувања, каде што природното осветлување и конструкцијата се препознаени како клучни аспекти во архитектурата на производствените објекти.<br>Во третиот дел се презентирани 20 студии на случај на природно осветлени фабрики изградени во Македонија во втората половина од 20 век. Во изборот на 20 примери на природно осветлени фабрики од територијата на Македонија, претставени се 20 различни начини на употреба на карактеристични конструктивни системи во комбинација со елементи за природно осветлување, категоризирани во четири категории: специфични, фасадни, лантерни и шедови. Во секој од истражените примери, се испитува и соодветно се презентира архитектонската вредност, просторните карактеристики и технологијата на градба, што придонесува кон вреднување на историското значење на објектите, кои, пак, се или напуштени или неупотребени, и укажува на предизвиците пред кои се наоѓаат објектите по затворањето на производството во нив. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот е усогласена со предметната програма на предметот Архитектура на индустриското наследство што се изучува во рамките на постдипломските студии од втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Бидејќи содржи осврт на индустријализацијата и развојот на индустриските објекти, вклучително и преглед на сегмент од |

| | |
|---|---|
| | локалната архитектонска продукција во тој домен, ракописот може да биде корисна литература за предметите Архитектонско проектирање 5 и Архитектонско студио 7.3, каде што се изучува проектирањето на индустриски згради во рамките на постдипломските студии од втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот претставува вреден дидактички материјал што се темели на повеќегодишна истражувачка и педагошка работа на авторот во областа на проектирање на индустриски објекти и значењето на индустријата како економски и културен сегмент на урбаните средини.<br>Ракописот претставува значаен придонес кон отворањето на клучната тема за архитектурата на индустриските објекти како специфичен дел од материјалното и културното наследство, надоврзувајќи се на поширокаta дискусија за потребата од вреднување и заштита на архитектурата од 20 век, како и за проверка на можноста за повторна употреба на напуштени или недоволно искористени индустриски објекти.<br>Покрај општиот преглед на развојот на индустријата и индустриските објекти како специфично архитектонско творештво, преку избор на најзначајни светски примери од 20 век, особен дел од ракописот е посветен на индустријализацијата на територијата на Македонија, по Втората светска војна. Преку екстензивно истражување се потврдува тезата дека фабриките проектирани и градени во периодот од 50-тите до 80-тите години на минатиот век не се само објекти каде што се произведуваат добра, туку се објекти во кои работат луѓе. Иако денес индустријата сè повеќе се потпира на автоматизирани процеси каде што сè помалку се присутни луѓе и, соодветно на тоа, природното осветлување изостанува како обликовен елемент во архитектонското проектирање на производните објекти и простори, природно осветлените фабрики како индустриско наследство од минатиот век пренесуваат знаења и техники кои се применливи во проектирањето на други видови работни простори, како и на останати програми кои бараат големи и флексибилни простори. Тоа е, впрочем, еден од водечките аргументи за т.н. адаптивна реупотреба на индустриското наследство како можен начин на заштита.<br>Во систематизацијата на разгледуваните примери, обемниот информациски материјал е прочистен и |

| | |
|---|---|
| | сведен на јасни и прецизни цртежи, кои ги пренесуваат клучните наоди на истражувањето и ја покажуваат врската на конструкцијата и осветлувањето, преку кои се истакнуваат квалитетите на архитектурата на производните објекти.<br>Како запис од едно архитектонско истражување кое е пренесено на јасен, концизен и методолошки утврден начин, ракописот може да им послужи на сите студенти по архитектура (од сите три циклуси на студии) и како основа за други истражувачи во областа. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 164 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 точки. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ги литературата и предговорот) и содржи 120 слики. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Архитектура на индустриското наследство, примарно наменет за студентите на Архитектонскиот факултет.

Скопје, 24.3.2025 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Марија Мано-Велевска, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР РАДЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Природно осветлени фабрики“, наменет за студентите од Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, содржи предговор, по што следуваат три поглавја: Индустриското наследство, Типологија на природно осветлени фабрики и Студија на случај: Македонија 1950–1980, со анализа на референтни индустриски објекти.<br>Во ракописот, детално се разработени принципите на природно осветлување во индустриските објекти, при што се идентификуваат и анализираат четири карактеристични типови на внесување природна светлина: специфични отвори, фасадни решенија, лантерни и шед-системи.<br>Графичките прилози се аналитички и прецизно ги прикажуваат сите специфики на истражуваната проблематика. Сите графички прилози во ракописот се авторски, што дополнително ја нагласува оригиналноста и вредноста на трудот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Архитектура на индустриското наследство на Архитектонскиот факултет во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Текстот и графичките прилози содржани во ракописот се јасни, прецизни и концизни, при што овозможуваат лесно разбирање на содржината и нејзината примена. Сметам дека учебникот претставува значајно образовно средство кое во голема мера ќе ја унапреди наставата по предметот Архитектура на индустриското наследство за студентите од вториот циклус студии, како и за сродни студиски програми.<br>Пристапот на авторот кон оваа проблематика е темелен и мултидисциплинарен, опфаќајќи повеќе клучни аспекти што се од суштинско значење не само за анализата на индустриските објекти од аспект на природната светлина, туку и за нивното вреднување и можна адаптација во современи услови.<br>Особено значајно е што учебникот го нагласува квалитетот на природната светлина во индустриските објекти, што дополнително може да придонесе за нивната функционална трансформација и адаптивна реупотреба. Овие стратегии не само што помагаат во зачувување на физичките остатоци од индустриското наследство, туку и во зачувување на културните и историските наративи, кои играат важна улога во обликувањето на националниот идентитет. |

| | |
|---|---|
| | Овој аспект е клучен како за архитектите, така и за поширокото разбирање и зачувување на индустриското наследство.<br>Со својата јасна структура, аналитички пристап и богата визуелна документација, учебникот претставува вреден придонес за стручното образование и практичната примена во областа на архитектурата на индустриските објекти. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот, предаден на рецензија, содржи 164 страници во формат 21 × 29,7 cm, напишани на компјутер со фонт големина 12. Текстот е структуриран во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата и предговорот), кои систематски ја обработуваат темата.<br>Во прилог на текстуалната анализа, ракописот вклучува 100 графички прилози со детални анализи на индустриските објекти, како и 20 авторски фотографии, кои дополнително ја визуелизираат обработената проблематика. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Архитектура на индустриското наследство, примарно наменет за студентите на Архитектонскиот факултет.

Скопје, 24.3.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Александар Радевски, с.р.**

*Прилог бр. 5*

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Теа Дамјановска | АРХИТЕКТУРА И МЕСТО: МОДЕРНИЗАМ, РЕГИОНАЛИЗАМ И АРХИТЕКТУРАТА НА ОХРИД 1948-1991 | ARCHITECTURE AND PLACE: MODERNISM, REGIONALISM AND THE ARCHITECTURE OF OHRID (1948 - 1991) | д-р Јован Ивановски, редовен професор | 8-6/63 од 7.3.2025 година |
| 2. | м-р Михајло Стојановски | КРИТИЧКА ИСТОРИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРИМЕР НА ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО | A CRITICAL HISTORY AND EVALUATION OF AERODROM NEIGHBORHOOD IN SKOPJE AS A CASE OF LATE-MODERN ARCHITECTURAL HERITAGE | д-р Ана Ивановска Дескова, вонреден професор | 8-6/64 од 7.3.2025 година |

# П Р Е Г Л Е Д
**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет во Скопје**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Накије Миртезани** | СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | SPECIALIZED HIGH SCHOOL FOR TECHNICAL EDUCATION | д-р Анета Христова-Поповска, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 2. | **Клементина Бусева** | НОВИ МОДЕЛИ НА ПРОСТОРЕН И ПРОГРАМСКИ РАСТ ВО СТАР АЕРОДРОМ | NEW MODELS OF SPATIAL AND PROGRAMMATIC GROWTH IN OLD AERODROME | д-р Марија Мано-Велевска, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 3. | **Марија Аризанковска** | МОДЕЛИ НА РАСТ ПОМЕЃУ МААЛСКАТА ЗАЕДНИЦА И ТРАНЗИТОРНОСТА НА МЕСТОТО, МАЏИР МААЛО, СКОПЈЕ | MODELS OF GROWTH BETWEEN THE NEIGHBORHOOD AND THE TRANSITORY OF THE PLACE, MADJIR MAALO, SKOPJE | д-р Марија Мано-Велевска, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 4. | **Петар Трајчевски** | МЕТАФОРИТЕ И НЕФИГУРАТИВНИОТ АРХИТЕКТОНСКИ ЈАЗИК КАЈ СОВРЕМЕНИТЕ МЕМОРИЈАЛИ: КЕНОТАФ ЗА СКОПЈЕ | METAPHORS AND THE NON-FIGURATIVE ARCHITECTURAL LANGUAGE IN CONTEMPORARY MEMORIALS: CENOTAPH FOR SKOPJE | д-р Мери Батакоја, вонреден професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 5. | **Албан Синани** | АРХИТЕКТОНСКИ СТРАТЕГИИ ЗА ФУЗИОНИРАЊЕ: КОНСОЛИДИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИОТ БЛОК СО РАЗЛИЧНИ УЧИЛИШНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ЕДИНСТВЕН УЧИЛИШЕН КАМПУС НА ГРАД ТЕТОВО | ARCHITECTURAL STRATEGIES FOR FUSION: CONSOLIDATION OF THE EXISTING URBAN BLOCK WITH VARIOUS EDUCATIONAL INSTITUTIONS INTO A SINGLE SCHOOL CAMPUS IN THE CITY OF TETOVO | д-р Мери Батакоја, вонреден професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 6. | **Ана Мијаличиќ** | ПРОСТОРОТ КАКО ЕКСТЕНЗИЈА НА ЧОВЕКОВИОТ УМ: КУЛТУРОЛОШКИОТ МУЗЕЈ КАКО РЕФЛЕКСИЈА НА | SPACE AS AN EXTENSION OF THE HUMAN MIND: THE CULTURAL MUSEUM AS A REFLECTION OF HUMAN EXPERIENCE, | д-р Михајло Зиноски, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ЧОВЕКОВОТО ИСКУСТВО, ПЕРЦЕПЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ | PERCEPTION AND CULTURAL IDENTITY | | |
| 7. | **Цвете Божиноска** | КУЛТУРНО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР - НОВ АРХИТЕКТОНСКИ МОДЕЛ НА ЖИВОТЕН СТИЛ | CULTURAL AND RECREATIONAL CENTER – A NEW ARCHITECTURAL MODEL FOR LIFESTYLE | д-р Михајло Зиноски, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 8. | **Катерина Цветковска** | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА СОДРЖИНИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ПЛАНСКА СТАНБЕНА НАСЕЛБА КОЛОНИЈА ОД 1950 ГОДИНА | ARCHITECTURAL REDESIGN OF PUBLIC FACILITIES IN A PLANNED RESIDENTIAL KOLONIJA NEIGHBORHOOD FROM THE 1950S | д-р Јован Ивановски, редовен професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 9. | **Мухамед Имишти** | УЧЕЊЕ И ДОМУВАЊЕ ПОМЕЃУ ГРАД И ПРИРОДА | LEARNING AND HOUSING BETWEEN CITY AND NATURE | д-р Саша Тасиќ, вонреден професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |
| 10. | **Ангела Василева** | ЦЕНТАР ЗА ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ - НЕГОТИНО | PERFORMING ARTS CENTER – NEGOTINO | д-р Димитар Папастеревски, вонреден професор | 08-6/55 од 7.3.2025 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА ПРОФ. Д-Р ПИТЕР МАРК, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА РУРСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО БОХУМ, СР ГЕРМАНИЈА

Врз основа на Одлуката за прифаќање на предлогот на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, за доделување звање – почесен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за проф. д-р Питер Марк, донесена од Комисијата за соработка со универзитетите во странство, Комисијата за настава и Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата заедничка седница одржана на 5.3.2025 година, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 549. редовна седница одржана на 26.3.2025 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за изготвување извештај со предлог за доделување на звањето почесен професор на проф. д-р Питер Марк, раководител на Институтот за бетонски конструкции на Рурскиот универзитет во Бохум, СР Германија, во состав:

- проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет – Скопје,
- проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Градежен факултет – Скопје, и
- проф. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет – Скопје.

Рецензентската комисија го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Проф. д-р Питер Марк е роден на 22 март 1970 година во Мулхајм, СР Германија. Дипломирал во 1994 година на Факултетот за градежништво и животна средина на Рурскиот универзитет во Бохум (РУБ), СР Германија. Во 1997 година докторирал на истиот факултет на тема: „Моделирање и нумеричка симулација на пукнатините во бетонот под дејство на инцидентен товар“ и се стекнал со титулата доктор на науки (Dr.-ing). Во 2006 година го одбранил својот хабилитациски труд „Армиранобетонски елементи изложени на биаксијално свиткување и смолкнување“ со што се стекнал со титулата Dr.-ing. habil. Од 2009 година, проф. д-р Питер Марк е редовен професор и раководител на Институтот за бетонски конструкции при Рурскиот универзитет во Бохум. Во периодот 2015 – 2017 година бил на функцијата декан на Факултетот за градежништво и животна средина. Во 2020 година, проф. д-р Питер Марк добива престижна понуда за местото редовен професор (позиција W3) на Катедрата за бетонски конструкции на Универзитетот RWTH во Ахен, СР Германија, но сепак решава да остане на РУБ. Од 2021 година е иницијатор на проектот за развој и поддршка на млади истажувачи и таленти „Freiwilliges Wissenschaftliches Jahr (FWJ)“ (превод: доброволна/волонтерска научна година) на матичниот универзитет. До 2022 година е партнер во консултантското биро Grassl GmbH во Дизелдорф, а во 2023 година ја основа градежната компанија Mark Ingenieure GmbH во Бохум. Поради исклучителните научни достигнувања во области кои го засегаат општеството како целина, во мај 2024 година проф. д-р Питер Марк е избран за член на Академијата на науките и уметностите на Северна Рајна Вестфалија, СР Германија, во одделот Инженерство и економија.

### Наставна и научноистражувачка дејност

Проф. д-р Питер Марк, како редовен професор на Институтот за бетонски конструкции на Факултетот за градежништво и животна средина при Рурскиот универзитет во Бохум, СР Германија, од 2009 година е одговорен за наставата на додипломските и постдипломските студии на следниве предмети: Основи на армиран и претходно напрегнат бетон I и II, Нелинеарна анализа на бетонски конструкции, Пресметка на претходно напрегнати констуркции, Основи на пресметување на армиранобетонски и претходно напрегнати мостови, Технологија на градење на енергетски објекти и Згради и индустриски објекти.

Истовремено, покрај извршувањето на редовните наставни активности, ментор е на голем број докторанди како од Германија, така и од други земји од Европа, Азија и Африка при што во моментов е ментор на 13 докторанди.

Проф. д-р Питер Марк е активен и афирмиран член на бројни меѓународни научни и стручни асоцијации, уредувачки одбори на реномирани списанија, работни групи за изработка на

европски стандарди од областа на бетонските конструкции и др., од кои како позначајни можат да се издвојат следните:

- Американски институт за бетон (American Concrete Institute (ACI))
- fib работна група 4.1 „Микроармиран бетон“ (fib TG 4.1 „Fibre Reinforced Concrete“)
- Интернационална федерација за бетон, Работна група 10.1 – Модел код 2020 (International Federation for Structural Concrete (fib) Task Group 10.1 – Model Code 2020)
- Германски комитет за бетон (German Committee for Structural Concrete (DAfStb))
- Експертски комитет A/B „Микроармиран бетон“ на DIBt (Expert Committee A/B “Steel fibre reinforced concrete” of DIBt)
- ЦЕН Технички комитет 250 „Микроармиран бетон“ (CEN/TC250 "Fibre Reinforced Concrete").

Од огромниот опус реализирани и актуелни научноистражувачки проекти во кои професорот има(л) улога на координатор или партнер, можат да се спомenат:

- Methods of interaction for the modular reuse of existing load-bearing structures
- SPP 2187 “Adaptive modular construction with flow production methods”
- SFB 837 “Interaction Models for Mechanical Tunneling”
- Thermally controlled prestressing of bonded steel lamellas for strengthening plate structures using the example of reinforced concrete bridges
- Concrete Damage Assessment by Coda Waves (CoDA).

**Стручно-применувачка дејност**

Покрај ангажираноста и целосната предаденост на наставните и научноистражувачките активности, проф. д-р Питер Марк континуирано извршува и консултантски и ревидентски услуги за специфични објекти во својство на лиценциран експерт од државата за проверка на бетонски и композитни конструкции, како и експерт за контрола на звучна и термичка изолација. Од 2007 година, тој претставува независен ревидент за анализа на конструкции и независен ревидент за хидротехнички објекти.

Проф. д-р Питер Марк е, исто така, активен член и на бројни меѓународни стручни асоцијации:

- Германски комитет за тунели (German Tunnelling Committee (DAUB))
- Интернационална асоцијација за животниот циклус во градежништвото (International Association for Life-cycle Civil Engineering (IALCCE))
- Германска асоцијација на независни ревиденти (German Association of Independent Checking Engineers (VPI))
- Комора на инженери во Северна Рајна Вестфалија (Chamber of Engineers in North Rhine-Westphalia)
- Асоцијација за промовирање на квалитет во образованието и обука за инженери за инспекции (Association for Promoting Quality in Education and Training for Inspection Engineers (VFIB)).

**Награди и признанија**

Во улога на коавтор, во 2017, 2018 и 2020 година, добитник е на признание за исклучителен труд за соодветната година за публикации објавени во реномираното списание Materials & Structures.

Од 2009 година е непосредно вклучен во мрежата за истражување и образование помеѓу земјите од Југоисточна Европа и Германија DYNET/SEEFORM, несебично иницирајќи и реализирајќи низа форми на соработка помеѓу Рурскиот универзитет, УКИМ и други универзитети од регионот. За својата континуирана поддршка на активностите на Друштвото на градежни конструктори на Македонија и придонесот за негова меѓународна афирмација, во 2013 година е избран за почесен член.

**Публицистичка дејност**

Проф. д-р Питер Марк има објавено преку 400 научни трудови, од кои околу 200 во списанија со фактор на влијание, 6 книги и преку 70 поглавја во книги. Неговата извонредност во научноистражувачката дејност е евидентна и од параметрите поврзани со цитираноста на неговите научни трудови (извор google scholar: h-index 26, цитиран 3668 пати; извор scopus: h-

index 22, цитиран 1713 пати), како и од учеството во голем број научноистражувачки проекти финансирани од Германската фондација за истражување (DFG) споменати претходно.

Тој е активен член во научните одбори на неколку списанија, како на пример: Beton- und Stahlbetonbau, Civil Engineering Design и др.

Тој е еден од авторите на книгата „Optimization Aided Design - Reinforced Concrete“ (2022).

**Значење за развојот на наставно-научни млади кадри и научноистражувачката дејност на нашиот универзитет**

Придонесот на проф. д-р Питер Марк во подобрувањето на научноистражувачката дејност на Градежниот факултет, е голем, би рекле и непроценлив. Непроценлив затоа што одредени аспекти на неговиот алтруистички пристап кои дополнително влијаат врз развојот на научната и друга мисла на младите кадри на Факултетот едноставно не можат да бидат квантифицирани.

Соработката со почитуваниот професор започна како дел од Меѓународниот центар за докторски студии од областа на инженерството (SEEFORM), во чии рамки 15 членови на наставниот кадар на УКИМ, при изработката на своите докторски дисертации, соработуваа со професори од повеќе универзитети во Германија, меѓу кои и со професорот Питер Марк, кој беше коментор при изработката на докторските трудови на двајца кандидати од Градежниот факултет во Скопје.

Во првата генерација:

*проф. д-р Тони Аранѓеловски, Time-dependant behaviour of reinforced high-strength concrete elements under action of variable loads, 2010.*

Во третата генерација:

*проф. д-р Дарко Наков, Time-dependent behaviour of steel fibre reinforced concrete elements under sustained and repeated variable loads, 2014.*

Во 2013 год., проф. д-р Питер Марк иницира нов тип на соработка помеѓу Рурскиот универзитет и Градежниот факултет при УКИМ, насочена кон непосредно стипендирање на наши млади соработници – докторанди кои истражувањето го реализираат на двата универзитета, а финансирањето во најголем дел е од средства на Институтот за бетонски конструкции на Рурскиот универзитет во Бохум, СР Германија. Притоа, под менторство на проф. д-р Питер Марк и коменторство на проф. д-р Горан Марковски од Градежниот факултет во Скопје, досега е заокружена дисертацијата пријавена на РУБ:

*доц. д-р Марија Доцевска Јованова, Concrete creep under variable loadings, 2024,*

а во фаза на реализација се уште две дисертации, исто така пријавени на Универзитетот во Бохум:

*ас. м-р Дејан Јанев, Monitoring of prestressed concrete bridge cluster, 2019;*

*м-р Евгенија Стојкоска, Experimental investigations on reinforced concrete beams exposed to variable loadings, 2020.*

Покрај покривањето на директните трошоци на истражувањето, младите истражувачи имаат можност за финансиски покриено учество на меѓународни собири, работилници, набавка на софтвер, литература и др.

Овој повик и уникатна можност за студирање и стипендирање на трет циклус студии на РУБ е континуирано отворен и за нови кандидати од нашиот факултет.

Во рамките на оваа соработка, а по иницијатива и организација на проф. Марк, донирана е современа опрема за Лабораторијата за материјали и конструкции на Градежниот факултет во Скопје. Со дел од таа опрема, опремена е Лабораторијата за испитување на долготрајни дејства на бетонот која го носи називот BLUE Lab (**B**ilateral **L**ong-term **U**niversity **E**xchange). Покрај ова, донирани ни се и голем број лабораториски алати и машини кои до скоро беа употребувани во престижната лабораторија на РУБ.

Ваквата долгогодишна интензивна соработка резултира и со заеднички настапи на меѓународни собири, како и со објавување на заеднички трудови во релевантни списанија:

1. T.Arangjelovski, G.Markovski, and P.Mark; “Influence of repeated variable load on long-term behavior of concrete elements” Mini-Symposia: Numerical modeling of long-term behavior of concrete structures using B3 model; Proceedings of the Third International Symposium on Life-Cycle Civil Engineering, Hofburg Palace, Vienna, Austria, 3-6 October 2012, Life-Cycle and Sustainability of Civil Infrastructure Systems, CRC Press/Balkema, The Netherlands ISBN: 978-0-415-62126-7.

2. G. Markovski, T. Arangjelovski, D. Nakov, P. Mark, "Determination of the coefficient to define long-term effects on concrete elements under variable load", Beitrage zur1.DAfStb-Jahrestagung mit 54.Forschungskolloquium, Deutscher Ausschuss fur Stahlbeton, November 2013, Ruhr Universitat Bochum, pp.291-296
3. T.Arangjelovski, G.Markovski, and P.Mark; “Influence of repeated variable load on long-term behavior of concrete elements” Journal of Civil Engineering and Architecture, Volume 8, Number 3, March 2014 (Serial Number 76) pp.302-314, David Publishing Company, New York,USA; ISSN1934-7359, **(IF 0,811)**.
4. D. Nakov, G. Markovski , T. Arangjelovski, P. Mark , “Determination of the coefficient ψ2 to define long-term effects on concrete elements under variable load”, ScientificJournal of Civil Engineering, Volume 4, Issue 1, June 2015
5. D. Nakov, G. Markovski, P. Mark, T. Arangjelovski " Analytical analysis ofdrying shrinkage of SFRC based on experimental results" Conference Fibre concrete 2015, September 10-11, 2015, Prague, Czech Republic.
6. Docevska, M.; Heek, P., Markovski, G.; Mark, P. Fibre modelling of RC elements subject totime-variant mechanical and thermal actions, In: Proc. of the 2016 Symposium of ASES, Serbia, 2016, pp. 173-183.
7. D. Nakov, G. Markovski, T. Arangjelovski, P. Mark, “Experimental and Analytical Analysis of Creep of Steel Fibre Reinforced Concrete”, Periodica Polytechnica CivilEngineering 62(1), September 2017, DOI10.3311/PPci.11184, **(IF 0.877).**
8. M. Docevska, G. Markovski, T. Arangjelovski, D. Nakov, P. Mark, “Numerical procedure for long-term deflection prediction of RC elements subjected to differentload histories”, MASE 17th International Symposium, Ohrid, October 2017, ISBN 978-608- 4510-32-1.
9. D. Nakov, G. Markovski, T. Arangjelovski, P. Mark , “Creeping effect of SFRC elements under specific type of long term loading”, RILEM Bookseries, Vol. 14, PedroSerna et al: CREEP BEHAVIOUR IN CRACKED SECTIONS OF FIBRE REINFORCED CONCRETE, DOI 10.1007/978-94-024-1001-3_17, Published by Springer, 2017.
10. Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Influence of load histories on long-term behavior ofRC structure In Proc. of the 5. DAfStb-Jahrestagung mit 58. Forschungskolloquium, Bd. I, Kaiserslautern, 2017, S. 22-33. (ISBN 978-3-00-057267-8)
11. Tkocz, J.; Heek, P.; Thiele, C.; Vitt, G.; Docevska, M.; Mark, P.: Tests and numerical simulation of SFRC slabs exposed to fire, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 645-658.
12. Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads, Materials & Structures 52:83, DOI: 10.1617/s11527-019-1384-3, 2019 **(IF 2,901)**
13. Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Creeping effects of concrete under varying stress histories, Scientific Journal of Civil Engineering 8(2), ISSN 1857-839X, pp. 95-100., 2019
14. Nakov, D.; Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Mark, P.: Influence of the residual tensile strength on the factor for quasi-permanent value of a variable action ψ2 , RILEM Bookseries, Vol. 30, Pedro Serna et al: Fibre Reinforced Concrete: Improvements and Innovations, eBook ISBN 978-3-030-58482-5, Hardcover ISBN 978-3-030-58481-8, Series ISSN 2211-0844, Springer, pp. 380-391, 2021
15. Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Experimental and analytical study on recovery of concrete creep under repeating loads, In: Planning, design, construction and building renewal (iNDiS 2021), eds. Radonjanin, V., Vukobratović, V. & Lukić, I., Novi Sad, Serbia, pp. 379-388, 2021
16. Stojkoska, E.; Arangjelovski, T; Markovski, G.; Mark, P.: Long-term behavior of RC beams subjected to sustained load: comparison between experimental and analytical results according to Eurocode 2, Scientific Journal of Civil Engineering 10 (1), ISSN 1857-839X, pp. 75-80., 2021
17. Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Creep and creep recovery behavior of concrete under slow load cycling, In: Proc. of the 14th fib PhD Symposium in Civil Engineering, eds. M. di Prisco, A. Meda, G.L. Balazs, Rome, Italy, pp. 393-400, 2022
18. Janev, D.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Markovski, G.; Mark, P.: Dynamic Behaviour of RC Bridges Under Moving Loads: A Simplified Numerical and Analytical Approach, In: Proceedings of the 20th International Symposium Resilient Structures, ed. Nakov, D., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 382-394, 2023
19. Docevska Jovanova, M.; Markovski, G.; Arangjelovski, T; Mark, P.: Creep experiments on reinforced concrete elements under time-varying load histories, In: Proceedings of ConCreep12 conference,

Delft, The Netherlands, 2024

Вреди да се спомене дека за трудот под наслов: „Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads”, автори: Марија Доцевска, Горан Марковски и Питер Марк, добиено е признание за исклучителен труд објавен во 2019 година (анг. Outstanding paper 2019 Award) во реномираното списание „Materials and Structures“, издавач: Springer.

*Учество во наставата на нашиот универзитет*

Во студиската програма Градежништво од докторските студии на нашиот универзитет, акредитирана во 2011 година, вклучен е предметот Мониторинг на конструкции, во кој како предметен наставник се јавува и проф. д-р Питер Марк. Неговото богато истражувачко и практично искуство во оваа современа област овозможува квалитетно приближување на оваа сѐ поактуелна проблематика од областа на градежништвото до нашите студенти.

Во рамките на предметот Трајност на бетонските конструкции (прв и втор циклус на студиската програма Градежништво), проф. д-р Питер Марк, во својство на повикан реномиран професор, во февруари 2015 година одржа предавање на тема „Life-cycle strategies for aged engineering structures“.

*Учество во меѓународни проекти со нашиот универзитет*

Во изминатите 15-тина години континуирана соработка со професорот Питер Марк, тој бил активно вклучен во меѓународниот проект финансиран од германската агенција ДААД, во рамките на кој е организиран Меѓународниот центар за докторски студии од областа на инженерството (SEEFORM). Заслужува да се потенцира дека овој проект е единствен од 63 проекти од регионот, избрани за финансирање во 2004 година (преку Пактот за стабилност на ЈИЕ), кој го задржал финансирањето цели десет години.

Со Рурскиот универзитет во Бохум (односно проф. Марк), Градежниот факултет во Скопје и Градежниот факултет во Белград учествуваа на подготовка на апликација за трилатералниот научноистражувачки проект „Making concrete green: customized concrete structures optimised for long-term loadings“, финансиран од DFG (Германска фондација за истражување). Иницијалната фаза од проектот беше прифатена во 2018 година.

*Придонес кон развивање меѓународна соработка на нашиот универзитет*

Проф. д-р Питер Марк, со свое предавање, учествуваше на работилницата под наслов „Structural Health Monitoring and Building Information Modeling”, одржана од 23 до 25 март 2017 год. на Градежниот факултет во Скопје, на која присуствуваа претставници од владини институции, стопанството и академијата од Македонија и од Германија. Работилницата имаше за цел да иницира применето истражување и трансфер на технологии врз основа на веќе формираните истражувачки мрежи, како и интеграција на младите истражувачи од универзитетите и стопанството.

Проф. Марк, во својство на повикан предавач и негов почесен член, редовен учесник е на меѓународните симпозиуми на Друштвото на градежни конструктори на Македонија (ДГКМ), коешто своето делување првенствено го темели врз поддршката од Градежниот факултет во Скопје. Редовен член е и на научниот одбор на симпозиумите. Во продолжение, дадена е листа на предавања и трудови објавени на симпозиумите на ДГКМ:

1. Maintenance of concrete bridges – from recalculations to lifetime predictions (2011)
2. Monitoring and maintenance strategies for aged engineering structures (2013)
3. Life-cycle strategies for aged engineering structures (2015)
4. Temperature induction into RC structures (2021/2022)
5. Sustainable concrete engineering – strategies for existing and new structures (2023)

Проф. Питер Марк, со своите предавања за актуелните Европски стандарди за бетонските конструкции ЕС2, учествуваше и на семинарот кој во организација на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Градежниот факултет во Скопје и Комората на овластени архитекти и овластени инженери се одржа во Охрид, во 2011 година.

Проф. д-р Питер Марк даде свој придонес на стручната конференција „Од логаритмар до вештачка интелигенција“ (октомври 2024), одржана по повод 75-годишнината од основањето на Градежниот факултет во Скопје.

Исто така, на стручната конференција којашто се одржа неодамна во Скопје, насловена како „Нови екобетони за одржлив свет“, а во организација на ТИТАН Усје и Градежниот факултет во Скопје при УКИМ, проф. д-р Питер Марк ги презентираше своите резултати и искуства од актуелните научноистражувачки проекти на неговиот институт во врска со можностите за градежништво со нула емисии на $CO_2$.

Проф. д-р Питер Марк е надворешен член на Комисијата за унапредување на научноистражувачката дејност на Градежниот факултет.

**ЗАКЛУЧОК**

Имајќи ги предвид неспорните лични квалитети на проф. д-р Питер Марк, неговите севкупни достигнувања во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, а најмногу неговите големи заслуги, искрени заложби и неспорен придонес за развојот на наставно-научниот кадар и научноистражувачката дејност на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, имаме задоволство да му предложиме на Универзитетскиот сенат, почитуваниот проф. д-р Питер Марк да биде избран за почесен професор (PROFESOR HONORIS CAUSA) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Градежен факултет Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет Скопје, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ВО ПОСТТРАНЗИЦИСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЕВРОПА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЃУНТЕР МЕРЏАН, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан со наслов: „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија“, во состав: проф. д-р Трајко Славески (претседател), проф. д-р Предраг Трпески (ментор), проф. д-р Владимир Филиповски (член), проф. д-р Борче Треновски (член) и проф. д-р Даниела Бојаџиева (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан, со наслов: „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија“, содржи 300 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 14 фусноти, 230 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, извештаи, делови и поглавја од книги и книги.

Трудот е структуриран во шест глави, вовед, заклучок, референци и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се актуелноста на проблематиката на истражувањето, предметот и целите на истражувањето, методологијата на емпириското истражување и добиените резултати и планот на презентирање на истражувањето. Кандидатот укажува дека улогата на институциите во економскиот раст е широко проучувана тема во рамките на теоретските и емпириските трудови и постојат силни докази дека институционалниот квалитет позитивно и значајно влијае врз економскиот раст. Но, со доделувањето на Нобеловата награда за економија (Наградата на Шведската банка за економски науки во сеќавање на Алфред Нобел) за 2024 година на Дарон Аџемоглу и Сајмон Џонсон од Масачусетскиот институт за технологија и Џејмс А. Робинсон од Универзитетот во Чикаго, трудот добива поголема актуелност и релевантност за истражување. Кандидатот наведува поголем број на емпириски трудови за улогата на институциите во економскиот раст, каде што се гледа директното или индиректното влијание на институциите врз економскиот раст на примерот на различни земји и групи на земји. Најголемиот дел од трудовите го потврдуваат позитивното и значајното влијание на институциите врз економскиот раст, без разлика дали станува збор за директно или индиректно влијание преку другите фактори на економскиот раст. Кандидатот во овој дел ги дефинира предметот, главните и споредните цели на истражувањето и работните хипотези што понатаму се тестираат. Кандидатот накратко ја објаснува методологијата не емпириските истражувања и добиените резултати за влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа и Република Северна Македонија. Кандидатот на дијаграми на растурање испитува дали земјите кои имале поквалитетни институции (економски и политички) во 1999 година, располагаат со поголем доход по глава на жител (изразен во паритет на куповна моќ) во 2019 година и врз основа на овие иницијални резултати очекува дека институциите позитивно и значајно влијаат врз економскиот раст на случајот на посттранзициските земји од Европа и Република Северна Македонија.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Теоретски пристап на улогата на институциите во процесот на економскиот раст“. Во неа се прави сеопфатен теоретски преглед

на улогата на институциите во обликувањето на економските перформанси и долгорочниот раст. Користејќи теоретски пристапи како неокласични, неокејнзијански и нови модели на ендоген раст, оваа глава го испитува фундаменталното прашање зошто некои земји доживуваат одржлив економски раст, додека други се соочуваат со стагнантни стапки на раст. Овие модели нудат различни објаснувања за разликите во доходот по глава на жител, при што некои ја нагласуваат акумулацијата на капиталот и технолошкиот напредок, додека други се фокусираат на агрегатната побарувачка и несовршеностите на пазарот. Клучен фокус на оваа глава се хипотезите за географијата и институциите во објаснување на разликите во доходите по глава на жител меѓу земјите, односно улогата на климатските услови, природните ресурси и географската локација или политичките, економските и правните рамки како примарни детерминанти на долгорочниот раст. Кандидатот во оваа глава истражува како институциите ги поттикнуваат економските стимулации, ја намалуваат неизвесноста и ја олеснуваат ефикасната распределба на ресурсите. Со интегрирање на овие перспективи, оваа глава ја поставува основата за подлабоко емпириско испитување на тоа како институционалниот квалитет влијае на економските резултати во различни економии.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст: Дефинирање, видови и значење“. Оваа глава го испитува концептот на институциите, нивната класификација и нивната критична улога во процесот на економскиот раст. Институциите се дефинирани според претставниците на институционализмот, неоинституционализмот и новата институционална економија. Дадени се различни класификации на институциите како формални и неформални институции, инклузивни и екстрактивни институции и институции кои го поддржуваат пазарот и секоја од нив решава одреден пазарен неуспех од типот на сопственички права, регулаторни институции, институции за макроекономска стабилизација, институции за социјално осигурување и институции за управување со конфликти. Кандидатот секоја од овие институции ги поддржува со соодветни емпириски трудови. Дополнително, кандидатот ги класифицира институциите според различни меѓународни институции, како што се: Фондација „Херитејџ“, Институт „Фрејзер“, Светска банка, Транспаренси интернешнл, Фридом хаус, Центар за системски мир, Видови демократија и други. Индексите на економска слобода, индикаторите на владеење, како и индексите на корупција и демократија на овие институции понатаму се користат во емпириските анализи за оценување на влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа и Северна Македонија. Кандидатот во оваа глава посебно ги анализира политичките и економските институции, односно нивната улога во поттикнувањето на економскиот раст. Исто така, кандидатот дискутира за институционалната перзистентност и институционалната промена како основни концепти во разбирањето на долгорочните развојни траектории на општествата.

**Третата глава** од докторската дисертација со наслов „Квалитетот на институциите и економскиот раст во посттранзициските земји од Европа“ го анализира влијанието на транзициските процеси врз институционалниот развој и економските перформанси во поранешните социјалистички економии. Кандидатот истражува како преминот од централно-плански кон пазарни економии придонесе за еволуцијата на институционалните рамки, истакнувајќи ги успесите и постојаните предизвици. Оваа глава ја разгледува придонесот на процесот на транзиција за новата институционална економија, односно дека процесот на транзиција во посткомунистичките европски земји понуди вредно емпириско тестирање на новата институционална економија, особено во разбирањето на улогата на институциите во оформувањето на економските резултати. Кандидатот во посебни точки ги анализира искуствата и проблемите од процесот на транзиција и причините за (не)успешноста на процесот на транзиција од аспект на институционалниот квалитет. Кандидатот прави дескриптивна анализа на индикаторите за квалитетот на институциите и економскиот раст, односно прикажува кои земји поседуваат институции со највисок квалитет, а кои со најлош квалитет и дали тие се поврзани со економскиот раст во периодот од 1999 до 2019 година и во двата потпериода од 1999 до 2008 година и од 2009 до 2019 година. Целта е пред спроведување на економетриските тестирања да се увиди дали има заедничко движење помеѓу институционалниот квалитет и економскиот раст. Во оваа глава, кандидатот дополнително ги разгледува некои од потенцијалните можности за подобрување на квалитетот на институциите и економскиот раст.

**Четвртата глава** од докторската дисертација со наслов „Систематски преглед на релевантната емпириска литература за улогата на институциите во процесот на економскиот раст преку библиометриска анализа со користење на ПРИСМА протоколот“ спроведува систематски преглед на релевантната теоретска и емпириска литература за улогата на институциите во процесот на економскиот раст преку библиометриска анализа. Прегледот го следи ПРИСМА-протоколот и вклучува дескриптивна анализа на трудовите по години и цитирања, анализа на сентиментот на апстрактите, анализа на клучни зборови, библиографско спојување и коцитирање, како и дискусија за идни истражувања од оваа област. Кандидатот прво ги поставува истражувачките прашања кои сака преку процесот на библиометриска анализа да ги одговори. Понатаму се објаснува емпириската методологија и податоци, односно се наведува дека се користи ПРИСМА-протоколот за систематски прегледи, базата на Веб оф Сајнс (Web of Science) и кверито со клучни зборови. Се презентираат сите фази на ПРИСМА-протоколот и крајно селектираните трудови влегуваат во анализата. Кандидатот ги презентира резултатите во три сегменти. Дескриптивната анализа на трудовите по години и цитирања прикажува број на објавени трудови по години, трудови, списанија, автори, организации и држави со најголем број на цитирања. Анализата на сентиментот го утврдува тонот во научната литература за улогата на институциите во економскиот раст, што е особено значајно за разбирање на општата перцепција и ставовите на истражувачите во оваа област. Понатаму, кандидатот преку мрежна и динамична визуелизација на клучни зборови истражува кои теми и концепти доминираат во литературата, како тие се поврзани и промените во значењето на клучните зборови низ времето, со што се откриваат новите трендови и области кои стекнуваат популарност. Библиографското спојување анализира како трудовите, авторите и државите се поврзани преку заедничко цитирање, со што се утврдуваат влијателни автори и истражувачки групи. Коцитирање на референци и автори дополнително ја открива основната структура на истражувачкото поле, односно кои референци и научници имаат најголемо влијание во развојот на истражувањата за институциите и економскиот раст. На крајот се заклучува врз основа на добиените резултати и се даваат насоки на академици, креатори на политики и меѓународни организации во однос на искористување на овие резултати за подобрување на институциите и растот.

**Петтата глава** од докторската дисертација е насловена „Емпириско тестирање на улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа“. Во неа емпириски се тестира влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа. Кандидатот прво укажува на релевантноста на институционализмот за посттранзициските земји од Централна, Источна и Југоисточна Европа, односно дека дел од предизвиците со кои се соочуваат овие земји во постигнувањето одржливи стапки на раст можат да се објаснат со промените во институционалниот квалитет. Понатаму, кандидатот прави преглед на релевантна емпириска литература за влијанието на институциите врз економскиот раст во транзициски земји низ светот. Кандидатот детално ја објаснува емпириската методологија, односно теоретскиот модел и спецификацијата на емпирискиот модел и податоците и варијаблите. Кандидатот користи примерок од 16 посттранзициски земји од Европа (Албанија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Молдавија, Северна Македонија, Полска, Романија, Србија, Словачка Република, Словенија и Украина) во периодот од 1996 до 2019 година. Резултатите се презентирани во три столба. Прво се презентираат парцијалните корелации помеѓу институционалните варијабли и економскиот раст, односно дали земјите со повисок институционален квалитет имаат и повисоки стапки на економски раст. Второ, се прикажуваат регресионите резултати со користење на методот на најмали квадрати со фиксни ефекти во периоди и системскиот генерализиран метод на моменти, со цел да се види за колку зголемувањето на институционалниот квалитет за 1 единица, го зголемува или намалува економскиот раст. Дополнително, со користење на методот на сметководство на економскиот раст се пресметуваат придонесот и учеството на секој фактор на производство во просечната стапка на економски раст во периодот 1999 – 2019 година за сите земји. На крајот, кандидатот заклучува и предлага политики за подобрување на институционалниот квалитет и економскиот раст врз основа на добиените резултати.

**Шестата глава** од докторската дисертација е насловена „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст на Република Северна Македонија“. Оваа глава емпириски го тестира влијанието на институциите врз економскиот раст во Република Северна Македонија.

Кандидатот, прво се осврнува на предизвиците со кои се соочува Северна Македонија во однос на постигнувањето повисоки стапки на економски раст. Следно, се прави преглед на релевантна емпириска литература за детерминантните на економскиот раст во Северна Македонија и преглед на одредени трудови што ја истражуваат оваа проблематика на случајот на Северна Македонија. Понатаму, кандидатот ја презентира емпириската методологија и податоците и варијаблите. Се користи временскиот период од 1996 до 2019 година. Во однос на резултатите, повторно се презентираат парцијални корелации за врската помеѓу институциите и економскиот раст. Регресионите резултати за влијанието на институциите врз економскиот раст во Северна Македонија се прикажуваат со помош на пристапот на авторегресивен модел на дистрибутивно задоцнување (АРДЛ) баундс (bounds) тестирањето за утврдување на краткорочното и долгорочното институционално влијание врз економскиот раст. Со користење на методот на сметководство на економски раст се пресметуваат придонесите и учествата на факторите во просечната стапка на економски раст во Северна Македонија во периодот од 1999 до 2019 година и двата потпериода од 1999 до 2008 и од 2009 до 2019 година. Дополнително со користење на ординална и бинарна логистичка регресија на податоци од Балканскиот јавен барометар се тестираат влијанијата на перцепциите на граѓаните за институционалниот квалитет во земјата врз нивната перцепција за состојбата на економијата и идните очекувања за националната економија. Во делот за заклучок се сумираат резултатите и се предлагаат мерки и политики за постигнување повисок институционален квалитет, повисоки стапки на економски раст и приближување до поразвиените земји од Европа и регионот.

Во **заклучните согледувања,** кандидатот ги сумира резултатите од деловите за компаративната анализа на дескриптивните статистики на индикаторите за квалитетот на институциите и економскиот раст, систематскиот преглед на релевантната емпириска литература за улогата на институциите врз економскиот раст преку библиометриска анализа и емпириските тестирања на улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа и Северна Македонија. Дополнително, кандидатот ги истакнува пошироките импликации на истражувањето врз академската јавност, креаторите на политики и други институции и организации, ги истакнува неговите ограничувања и предлага потенцијални насоки за идни студии во оваа област.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување на докторскиот труд е улогата на институциите (економски и политички) во процесот на економскиот раст, односно:

- Теоретско проучување како разликите во квалитетот на економските и политичките институции придонесуваат за разликите во доходот по глава на жител и севкупниот просперитет меѓу земјите, користејќи ги теориите на економскиот раст и посебно на институционалната економска теорија.
- Емпириско тестирање на влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа. Поголем дел од овие земји се соочуваат со предизвици во постигнување на повисоки стапки на економски раст, нагласувајќи ја неефикасноста во спроведување на институциите на пазарна економија.
- Емпириско тестирање на влијанието на институциите врз економскиот раст во Република Северна Македонија, укажувајќи дека слабиот институционален квалитет на оваа земја придонесува за нејзиниот слаб раст од независноста до денес.

Главните цели на овој труд се следните:

- Да се спроведе систематски преглед на литературата преку библиометриска анализа со користење на ПРИСМА-протоколот со цел да се обезбеди методолошка ригорозност и да се генерираат сознанија за трендовите, клучните теми и истражувачките празнини во оваа област.
- Да се спроведе економетриска анализа со користење на парцијална корелација и различни регресиони техники со цел да се докаже позитивното и значајното влијание на различните економски и политички институции врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа и Северна Македонија.
- Да се пресмета придонесот на институциите во просечната стапка на економски раст на посттранзициските земји од Европа и Северна Македонија преку примена на

методот на сметководство на економски раст, со цел да се докаже дека ниските стапки на економски раст во одредени земји се должат на слабиот придонес и учество на институциите во генерирањето на стапката на економски раст.
- Да се тестира јавното мислење во врска со влијанието на перцепциите за квалитетот на институциите на граѓаните врз перцепциите за состојбата на националната економија и идните очекувања со користење на податоците од Балканскиот јавен барометар.

Споредните цели на трудот се следните:

- Да се направи разлика помеѓу традиционалните неокласични модели на раст и новите ендогени модели на раст од аспект на улогата на различните фактори во поттикнувањето на економски раст.
- Да се утврди улогата на политичките и економските институции во процесот на економски раст и нивната меѓусебна поврзаност.
- Да се утврдат причините за институционалната перзистентност, односно зошто институциите тешко се менуваат.
- Да се направи компаративна анализа на карактеристиките на економските системи и квалитетот на институциите во посттранзициските земји од Европа и да се утврдат причините за разликите во институциите меѓу овие земји кои во минатото имале слични економски системи.
- Да се истакнат повеќе потенцијални области каде што може да се прошират идните теоретски и емпириски истражувања.
- Да се формираат корисни препораки и политики кои ќе можат да се применуваат од страна на креаторите на политики.
- Да се утврдат клучните приоритети и ризици во развојот на институциите во Република Северна Македонија и како да се користат во подобрување на економскиот раст.

Врз основа на горенаведените предмет и цели на истражувањето, главните работни хипотези кои се докажуваат во трудот се поставуваат на следниот начин:

- Со оглед на тоа дека теоретската рамка и повеќето од емпириските трудови укажуваат на позитивното влијание на институциите врз економскиот раст, се очекува дека институциите во посттранзициските земји од Европа и Северна Македонија позитивно влијаат врз економскиот раст.
- Имајќи предвид дека голем дел од посттранзициските земји од Европа се соочуваат со сериозни предизвици во постигнување повисоки стапки на економски раст и фаќање чекор со поразвиените земји од Европа во последните три декади и повеќе, се очекува дека дел од овие предизвици се објаснуваат со помош на институционалниот квалитет на земјите, односно економските и политичките институции позитивно влијаат врз растот.
- Во земји како Северна Македонија, кои се политички нестабилни, се очекува дека политичките институции понекогаш имаат негативно влијание врз растот.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Хипотезата за институциите тврди дека основниот двигател на разликите во доходите меѓу земјите е квалитетот и структурата на институциите. Според оваа перспектива, економскиот просперитет не е првенствено определен од акумулацијата на факторите, иновациите, географијата и културата, туку од правилата, нормите и структурите на владеење кои ги обликуваат економските стимулации и одлучувањето. Формалните институции, како што се правните системи, сопственичките права и политичките рамки, а и неформалните институции од типот на довербата, нормите и социјалната кохезија, ги воспоставуваат можностите и ограничувањата за економските актери, кои влијаат на продуктивноста, иновациите и инвестициите. Економиите со добро функционални институции обезбедуваат сигурни сопственички права, спроведуваат договори и промовираат пазарна ефикасност, поттикнувајќи долгорочен раст. Спротивно на тоа, слабите или екстрактивни институции создаваат несигурност,

овозможуваат корупција и ја обесхрабруваат продуктивната економска активност, што доведува до стагнација и постојани разлики во доходите. Хипотезата за институциите на тој начин објаснува зошто некои нации одржуваат високи нивоа на просперитет, додека другите остануваат заглавени во економската неразвиеност, нагласувајќи дека институционалните рамки, наместо чисто пазарните сили или надворешните услови, се примарните детерминанти на економскиот успех.

По доделувањето на Нобеловата награда за економија за 2024 година на Дарон Аџемоглу, Сајмон Џонсон и Џејмс А. Робинсон за студии за тоа како институциите се формираат и влијаат на просперитетот, подрачјето во кое е работена дисертацијата станува особено актуелна и релевантна. Институциите имаат централна улога во обликувањето на економскиот просперитет. Нивното револуционерното истражување даде нови сознанија за тоа зошто некои нации се значително побогати од другите, припишувајќи голем дел од овие разлики на квалитетот и природата на институциите. Преку иновативни емпириски методи во вид на природни експерименти, односно искористување на историските искуства, како што е европската колонизација, тие успеаја да воспостават причинско-последична врска помеѓу институциите и долгорочниот економски раст. Нивните наоди покажуваат дека инклузивните институции, кои ги заштитуваат сопственичките права и обезбедуваат политичко и економско учество за поширок сегмент на населението, поттикнуваат просперитет. Од друга страна, екстрактивните институции, кои ги ставаат интересите на елитите пред интересите на поширокото општество, ја одржуваат сиромаштијата и стагнацијата. Ова го истакнува не само перзистентноста на институционалните рамки, туку и нивниот потенцијал за реформирање, нагласувајќи ја трансформативната моќ на демократското владеење и владеењето на правото за постигнување одржлив развој.

Ова подрачје е особено релевантно за разбирање на институционалната динамика во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Успехот на овие транзиции зависи од создавање ефективни институции кои ја намалуваат неизвесноста својствена за економските и социјалните промени. Во раните фази на транзиција, отсуството на институции кои функционираат добро често доведува до системски неефикасности, што може да го попречи економскиот раст и да ја одложи интеграцијата со глобалните пазари. Процесот на транзиција бара сеопфатно преструктурирање на формалните и неформалните институционални рамки со цел да се обезбеди долгорочна одржливост и раст.

## КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Во докторскиот труд се применува комбинација од квантитативни и квалитативни методи. Квалитативната методологија се спроведува со користење систематски преглед на литературата преку библиометриска анализа со користење на ПРИСМА-протоколот. Систематскиот преглед на литературата дава сеопфатен преглед на литературата поврзана со темата и ги синтетизира претходните студии. Прегледите на литература се критички оценки на претходните студии кои веќе се објавени. Тие помагаат да се идентификуваат празнините во истражувањето и да се сигнализираат идните истражувачки патеки преку интегрирање на постојната литература, синтетизирање на претходните студии, идентификување на празнините во знаењето и развивање нови теоретски рамки. Систематскиот преглед на литературата во трудот го користи ПРИСМА-протоколот. Овој протокол претставува дијаграм на тек и им помога на авторите да го олеснат процесот на систематизирање на трудовите во систематските прегледи на литературата и мета-анализите. Може да се користи и за критичко оценување на објавените систематски прегледи на литературата. Систематскиот преглед на литературата мора да го процени ризикот од пристрасност и на ниво на студија и на ниво на исходи. Квалитетот на доказите може да се разликува во различни резултати, дури и во рамките на студијата.

Од аспект на квантитативните методологии, кандидатот користи различни корелациони и регресиони техники со цел да се утврди влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа и Република Северна Македонија. Прво, кандидатот го користи методот на парцијална корелација со цел да се види дали земјите со повисок институционален квалитет имаат повисоки стапки на економски раст или не, после контролирање на ефектите од другите детерминанти на економскиот раст. Дополнително, кандидатот користи различни регресиони техники со цел оценување на влијанието на институциите врз економскиот раст на случајот на посттранзициските земји од Европа, односно

методот на најмали квадрати со фиксни ефекти во периоди и системскиот генерализиран метод на моменти. На случајот на Република Северна Македонија, кандидатот го применува пристапот на АРДЛ баундс (bounds) тестирање за утврдување на краткорочните и долгорочните влијанија и ефекти на институциите врз економскиот раст. Кандидатот, квантитативната анализа го проширува со делот за пресметување на придонесот и учеството на капиталот, ефективната вработеност, вкупната факторска продуктивност и институциите во просечната стапка на економски раст со користење на методот на сметководство на економски раст. Исто така, на случајот на Република Северна Македонија, кандидатот користи ординална и бинарна логистичка регресија со цел да го тестира влијанието на перцепциите на јавноста за квалитетот на институциите врз перцепциите за состојбата на националната економија и идните очекувања.

**КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Резултатите потврдуваат дека институциите значајно влијаат врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа. Парцијалните корелации покажуваат дека институциите генерално позитивно се корелирани со економскиот раст. Економските слободи, владеењето и контролата на корупцијата покажуваат силни позитивни врски со економскиот раст. Политичките институции генерално позитивно се поврзани со економскиот раст, освен одредени демократски аспекти од типот на политичка конкуренција и политичко учество што понекогаш можат негативно да се корелирани со економскиот раст, но нивната врска докрај не е јасна. Регресионите резултати го потврдуваат истото, односно кога се работи за целиот примерок на посттранзициски земји од Европа, економските институции, односно различните видови економски слободи, владеењето и перцепцијата на корупција строго позитивно и статистички значајно влијаат врз економскиот раст, додека, пак, кај политичките институции иако има одредени двосмислени резултати, сепак имаат позитивно и статистички значајно влијаат. Исто така, анализата покажува дека зголемувањето на квалитетот на институциите колку и да влијае позитивно врз економскиот раст, сепак потребно е одредено ниво на економски развој или реформи во комплементарни области со цел искористување на придобивките од поквалитетните институции. Од аспект на економските слободи, најголемо позитивно и статистички значајно влијание покажуваат правниот систем, сопственичките права, стабилните монетарни политики, деловната или бизнис слобода, инвестициската слобода, трговската слобода и финансиската слобода. Владеењето и различните димензии, како што се контролата на корупцијата, квалитетот на регулаторната рамка, владеењето на правото и гласноста и отчетноста имаат позитивно и статистички значајно влијание врз економскиот раст. Од демократските институции, посебно се значајни политичките права, транспарентноста при изборот на извршен орган и наметнатите ограничувања врз извршниот орган. Обратната врска, односно зголемениот економски раст, исто така, се покажува дека генерално позитивно и статистички значајно влијае врз институциите, односно и подобрениот економски раст со текот на времето го подобрува квалитетот на одредени институции.

Пристапот АРДЛ баундс (bounds) тестирањето покажува дека ефективноста на владеењето позитивно и значајно влијае врз краткорочниот и долгорочниот економски раст во Северна Македонија од 1996 до 2019 година. Политичката стабилност е најстабилната детерминанта на долгорочниот раст, додека владината ефективност, исто така, позитивно и значајно влијае врз растот. Иако гласноста и отчетноста имаат негативно краткорочно влијание, на долг рок, позитивно и значајно придонесуваат врз економскиот раст. Генерално, слободите како целина позитивно и значајно влијаат врз економскиот раст, но политичките институции не покажуваат целосно јасни резултати, односно на краток рок се најчесто негативни, но на долг рок покажуваат позитивно и значајно влијание. Тестирањето на перцепциите на поединците со помош на ординална логистичка регресија покажува дека перцепциите на поединците за квалитетот на институциите значително влијаат на нивните ставови за економијата и очекувањата за националната економија. Во Северна Македонија, оние со попозитивни перцепции за институциите известуваат за поголемо задоволство од економијата и подобри идни очекувања. Сепак, овие согледувања не влијаат значително на работниот статус на поединците.

Методот на сметководство на економскиот раст покажува дека земјите со поголемо учество на вкупна факторска продуктивност и силни институции во просечниот економски раст имаат повисоки просечни стапки на раст, бидејќи овие елементи ја зголемуваат продуктивноста

на капиталот и трудот. Спротивно на тоа, земјите кои зависат првенствено од капиталот и трудот без силна вкупна факторска продуктивност и институции може да се соочат со опаѓачки приноси на долг рок. Случајот на Северна Македонија покажува дека со текот на времето придонесот од институционалните подобрувања и пазарните реформи во просечниот економски раст се намалуваат. Идниот раст сè повеќе зависи од капиталот и трудот. Без подобрувања во ефикасноста, иновациите и институционалниот квалитет, земјата може да се соочи со опаѓачки приноси, што ќе го загрози потенцијалот за иден раст.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан, со наслов: „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија“, претставува значаен теоретски и емпириски придонес во анализата на влијанието на институциите врз економскиот раст во посттранзициските земји од Европа. Целта на овој труд е да се анализира улогата на институциите во процесот на економскиот раст на случајот на посттранзициските земји од Европа и Република Северна Македонија од 1996 до 2019 година. Трудот ги утврдува интензитетот и значајноста на влијанието на економските и политичките институции врз економскиот раст и ги идентификува најзначајните институционални фактори кои придонесуваат за овој процес. Преку сеопфатен методолошки пристап, кој вклучува парцијални корелации, метод на најмали квадрати со фиксни ефекти во периоди, системски ГММ, пристап на АРДЛ баундс (bounds) тестирање, метод на сметководство на економски раст и ординална логистичка регресија, трудот има за цел да обезбеди детална оценка на институционалното влијание врз економските перформанси.

Очекуваниот научен придонес на овој труд е да даде мултидимензионална оценка на институционалните детерминанти на економскиот раст во посттранзициските економии од Европа. Прво, трудот го подобрува разбирањето за тоа како различните аспекти на економските и политичките институции, вклучувајќи економски слободи, владеење и контрола на корупцијата влијаат врз економскиот раст. Резултатот дека политичките институции имаат помалку директно влијание, односно понекогаш краткорочни негативни ефекти, а истовремено позитивни на долг рок, се надополнува на постојната литература за институционалната економија. Второ, со примена на пристапот на АРДЛ баундс (bounds) тестирање, трудот обезбедува емпириски докази за краткорочните и долгорочните ефекти на владеењето врз економскиот раст на Северна Македонија, нагласувајќи ја централната улога на владината ефективност и политичката стабилност. Трето, примената на ординална и бинарна логистичка регресија ги поврзува перцепциите на поединците за институционалниот квалитет со нивните перцепции за состојбата на економијата и нивните очекувања, откривајќи дека перцепциите за институциите позитивно и значајно влијаат врз економските очекувања.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан, со наслов: „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, како прв автор или автор за кореспонденција, има објавено следниве рецензирани истражувачки трудови во повеќе меѓународни научни списанија со и без импакт-фактор:

1. Bucevska, V. and Merdzan, G. (автор за кореспонденција) (2024) ‘Foreign Direct Investment, Domestic Investment, and the Role of Institutions in Central, Eastern, and South-Eastern Europe’, Economic Annals, 69(242), pp. 27–68 (импакт-фактор: 0.16 според Сцимаго). Достапно на: https://doi.org/10.2298/EKA2442027B.
2. Merdzan, G. (прв автор) and Slaveski, T. (2024) ‘A Comparative Study of Institutional Quality and Economic Performance of Selected Post-Transition Countries from Central and Eastern Europe’, Journal of Eurasian Economies, 3(1), pp. 17–31. Достапно на: https://doi.org/10.36880/J03.1.0129.
3. Trpeski, P. and Merdzan, G. (автор за кореспонденција) (2024) ‘The Effects of Remittances on Economic Growth Through Institutional Quality in the European Union

Member States’, in M.H. Bilgin et al. (eds) Eurasian Business and Economics Perspectives. Cham: Springer Nature Switzerland, pp. 457–471 (импакт-фактор: 0.14 според Сцимаго). Достапно на: https://doi.org/10.1007/978-3-031-51212-4_26.

4. Trpeski, P., Merdzan, G. (автор за кореспонденција) and Kozeski, K. (2024) ‘Institutions and economic growth in European post-transition economies’, Zbornik radova Ekonomskog fakulteta u Rijeci : časopis za ekonomsku teoriju i praksu, 42(2), pp. 447–478 (импакт- фактор: 0.7 според Кларивејт аналитикс, 0.24 според Сцимаго). Достапно на: https://doi.org/10.18045/zbefri.2024.2.3.
5. Trpeski, P., Tashevska, B. and Merdzan, G. (автор за кореспонденција) (2024) ‘The Role of Institutions in Economic Growth: A Systematic Literature Review’, Ekonomski vjesnik/Econviews - Review of Contemporary Business, Entrepreneurship and Economic Issues, 37(2), pp. 421–437 (импакт-фактор: 0.5 според Кларивејт аналитикс. Достапно на: https://doi.org/10.51680/ev.37.2.14.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Ѓунтер Мерџан изработил труд со исклучителна научна и практична вредност, кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторски труд. Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработен докторски труд на кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан, со наслов: „Улогата на институциите во процесот на економскиот раст во посттранзициските земји од Европа, со посебен осврт на Република Северна Македонија“;
2. да определи Комисија за одбрана на докторска дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 18.3.2025

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Славески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Трпески, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, член, с.р.**
**Проф. д-р Борче Треновски, член, с.р.**
**Проф. д-р Даниела Бојаџиева, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВРЗ ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО БАНКАРСТВОТО И КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈАНИ МАНАСОВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на РС Македонија бр. 82/18 и бр. 178/21) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 530/20), а согласно со предлогот на Советот на студиската програма Економски науки, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Јани Манасов со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВРЗ ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО БАНКАРСТВОТО И КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ, во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски (претседател), проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска (ментор), проф. д-р Ѓорѓи Гоцков (член), проф. д-р Калина Треневска-Благоева (член ) и проф. д-р Мијалче Санта (член), заведена со Одлука бр. 04-427/23 од 6.3.2025 година. По внимателното и опстојно прегледување на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јани Манасов, со наслов: „Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги“, содржи 278 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 229 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-извори.

Трудот е структуриран во 5 глави, вовед и заклучок. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот ги обработува актуелноста на предметот и доменот на истражувањето, како и научниот придонес. Кандидатот ги дефинира главниот предмет и целите на истражувањето, дополнети со планот за презентирање на материјата. Воведниот дел завршува со презентација на методолошката рамка и научноистражувачките методи кои се користени за постигнување на целите на докторската дисертација.

Во **првата глава** со наслов: **Развојот и влијанието на секторот за финансиска технологија**, кандидатот ги истражува теоретските аспекти на финтек-секторот и неговиот развој низ годините. Анализата започнува со дефинирање на поимот финансиска технологија и неговото значење во модерниот финансиски систем. Следува преглед на историскиот развој на финтек-секторот, каде што се идентификуваат клучните точки на трансформација и иновации кои довеле до неговиот сегашен облик. Понатаму, кандидатот ги презентира главните сегменти во кои финтек-компаниите оперираат, вклучувајќи плаќања, кредитирање, инвестиции и други финансиски области. Во завршниот дел од оваа глава, се анализира улогата на финтек-секторот во трансформацијата на пазарот на финансиски услуги, вклучувајќи го и влијанието врз финансиската инклузивност. Посебен акцент се става на конкуренцијата и соработката помеѓу банките и финтек-компаниите, како и на регулативните аспекти и ризиците поврзани со финансиско-технолошките иновации.

**Втората глава**, со наслов: **Улогата на новите технологии при обезбедување и креирање на финансиски услуги**, ја истражува поврзаноста меѓу технолошкиот развој и еволуцијата на финансиските услуги. Кандидатот започнува со анализа на експоненцијалниот развој на технологијата во последните децении, при што се нагласува нејзиното значење за подобрување на пристапот, брзината и безбедноста на финансиските услуги. Во продолжение, се обработуваат клучните технологии кои имаат директно влијание врз финтек-секторот, вклучувајќи вештачка интелигенција, машинско учење, блокчејн, големи податоци, пресметување во облак и интернет на нештата. Секоја технологија се анализира од аспект на нејзината улога во дигиталните финансиски услуги, потенцијалните придобивки и ризици. Покрај технолошките аспекти, оваа глава вклучува и категоризација на финтек-услугите според нивната област. Кандидатот го заокружува поглавјето со преглед на примери од актуелни и познати финтек-компании кои обезбедуваат финтек-услуги.

**Третата глава**, со наслов: **Дигиталната трансформација во банкарството и иднината на банките**, се фокусира на процесот на дигитализација на традиционалните банкарски институции. На почетокот, кандидатот ја дефинира основната функција на банките и нивното значење за финансискиот систем, по што следува анализа на влијанието на новите технологии врз банкарското работење. Во продолжение, се разгледува растечката конкуренција од страна на финтек-компаниите и технолошките гиганти, како и одговорот на банките на овие предизвици. Се анализираат различните стратегии што банките ги применуваат за адаптација, како што се воведување на дигитални платформи, автоматизација на процесите и интеграција на нови технологии. Оваа глава дополнително го опфаќа процесот на дигиталната трансформација преку неколку фази, нагласувајќи ги организациските, технолошките и регулаторните аспекти на промените. Во завршниот дел, кандидатот ги испитува потенцијалните сценарија за иднината на банките, вклучувајќи можни модели на партнерство меѓу банките и финтек-секторот, како и новите деловни модели кои традиционалните банки можат да ги усвојат за да останат конкурентни.

Во **четвртата глава** со наслов: **Преференциите на корисниците во однос на финансиските услуги обезбедени со новите технологии**, кандидатот го насочува вниманието кон корисничкото искуство и факторите што влијаат врз прифаќањето на финтек услугите. Анализата започнува со категоризација на корисниците на финансиски услуги, со акцент на дигиталните потрошувачи и нивните специфични потреби. Следува дискусија за факторите што ја обликуваат довербата и задоволството на корисниците во финтек-секторот, вклучувајќи ги сигурноста на податоците, леснотијата на користење и транспарентноста на услугите. Во продолжение, кандидатот ги анализира промените во однесувањето на корисниците под влијание на технологијата, како и нивните очекувања во однос на традиционалните банки наспроти финтек-компаниите. Ова поглавје се завршува со анализа на истражувањето за преференциите на корисниците кон банкарските услуги обезбедени од небанкарските компании и технолошките гиганти, како и истражувањето за прифатеноста на финтек-услугите од страна на корисниците во Република Северна Македонија

Во последната **петта глава** со наслов: **Презентација и анализа на резултати од спроведено истражување на корисници на финансиски услуги**, кандидатот ги прикажува резултатите од истражувањето спроведено во рамките на докторската дисертација. На почетокот, се дава преглед на теоретската рамка и истражувачкиот модел, вклучувајќи ги хипотезите кои се тестирани. Понатаму, се презентира методологијата на истражувањето, со акцент на примерокот, начините на собирање на податоци и користените статистички методи за анализа. Главниот дел од поглавјето содржи детален приказ на добиените резултати, вклучувајќи статистички анализи како PLS-SEM, со цел да се оцени влијанието на различните фактори врз прифаќањето на финтек-услугите. Оваа глава завршува со сумирање на главните наоди, нивната импликација за финтек-секторот и можностите за идни истражувања.

**Заклучокот**, како составен дел од трудот, ги сумира резултатите од истражувањето и воедно ги потенцира неговите најзначајни придонеси. Кандидатот потоа поставува основа за идни истражувања во оваа област.

Литературата користена во овој труд содржи 229 библиографски единици, претежно од странски автори. Користената литература во поголемиот дел е објавена по 2000 година, со исклучок на одредени капитални дела објавени пред тоа.

**Предмет на истражување**

Докторската дисертација на кандидатот првенствено се фокусира на влијанието на секторот за финансиска технологија врз дигиталната трансформација во банкарството, со посебен акцент и истражување на корисниците на финансиски услуги. Имено, развојот на технологијата овозможува банките и небанкарските компании да креираат иновативни финансиски услуги со помош на новите технологии. Главната цел на докторската дисертација е спроведување на истражување за да се утврди намерата на корисниците за користење на финтек-услугите, односно да се одреди степенот на влијанието на одредени фактори (детерминанти) врз намерата и конкретната примена на финтек-услугите. Дополнително, целта е да се провери и потврди и врската помеѓу намерата за користење и практичното користење на финтек-услугите од страна на корисниците.

Со анализа на литературата, кандидатот ги презентира и теоретските и практичните аспекти за намерата на корисницте за користење на финтек-услуги и ги истражува претходните студии релевантни за темата, придонесувајќи за сеопфатно разбирање на оваа тематика.

За целите на ова истражување, кандидатот развива модел за истражување врз основа на познатиот ТАМ-модел кој се користи за ваков тип на истражувања. Имено, кандидатот го приспособува и проширува ТАМ-моделот со дополнителни пет варијабли, со цел посеопфатно да го истражи влијанието на повеќе фактори врз користењето на финтек-услугите. Односно, освен основните две конструкции на ТАМ-моделот – согледаната корисност и согледаната едноставност – кандидатот ги додава и следните пет конструкции во истражувачкиот модел – финансиско знаење, технолошка подготвеност, склоност кон иновации, општествено влијание и доверба.

**Податоци за состојбата на подрајчето во кое е работена дисертацијата**

Истражувањето на кандидатот се фокусира конкретно на намерата на корисниците за користење на финтек-услугите, односно да се одредени степенот на влијанието на седумте фактори врз намерата и конкретната примена на финтек-услугите. Брзиот развој на технологијата силно влијае и предизвикува структурни промени во финансискиот сектор. Всушност, на пазарот на финансиски услуги постојано се појавуваат нови и иновативни производи и услуги, кои се обезбедуваат со новите и современи технологии.

Секторот за финансиска технологија доживува вртоглав раст особено во последната деценија, иако тој добива на значење по светската економска и финансиска криза од 2009 година. По овој период, секторот за финансиска технологија се карактеризира со појавување на многу нови стартап компании и технолошки гиганти кои влегуваат на пазарот на финансиски услуги и испорачуваат финансиски производи и услуги директно до бизнисите и потрошувачите. Притоа, корисниците сè повеќе имаат можност да користат нови и иновативни финтек-услуги. Дополнително, согласно со светските практики и регулативи на Европската Унија, НБРСМ настојува кон имплементирање и усогласување на соодветните регулативи и закони во согласност со директивите на Европската Унија од областа на банкарство и финансиски услуги. Последователно, се очекува на пазарот на финансиски услуги во нашата земја да се појават нови финтек-решенија.

Истражувањето на кандидатот темално ја анализира намерата на корисниците за користење на финтек-услуги, согледувајќи го нејзиното влијание од повеќе фактори и од различни аспекти, со цел да придонесе вредни согледувања и практични решенија

кои ќе бидат од бенефит за сите субјекти на пазарот на финансиски услуги. Со спроведување на темелно испитување на влијанието на финтек-секторот, заедно со емпириските истражувања за влијание на одредени фактори врз намерата за користење на финтек-услугите, кандидатот се обидува да дојде до значајни заклучоци кои ќе придонесат за креирање на политики и стратегии во сферата на финансиската технологија и банкарството, а особено на пазарот на финансиски услуги.

**Краток опис на применетите методи**

Со цел да се истражи предметот и да се исполнат целите на докторската дисертација, кандидатот користи повеќе различни методи и техники на научно истражување. Аналитички метод се користи при анализа на податоците и сознанијата за предметната материја во врска со финансиската технологија и дигиталната трансформација во банкарството, со посебен осврт на корисниците на финансиските услуги и иновации. Индуктивниот и дедуктивниот метод се користат како начин на донесување на заклучоци во трудот. Преку индуктивниот метод се донесуваат општи заклучоци врз основа на поединечни и посебни факти и податоци, додека, пак, дедуктивниот метод се користи за утврдување на поединечни заклучоци кои се извлекуваат од општите ставови. Методот на анализа и методот на синтеза се застапени низ целата материја од трудот, при што двете методи се надополнуваат и меѓусебно се претпоставуваат. Методот на анализа се користи за расчленување на одредени поими и заклучоци на поедноставни елементи со цел објаснување на одделни делови. Методот на синтеза се користи за објаснување на одредени појави преку спојување на издвоените елементи во единствена целина во која нејзините делови се поврзани. Методот на апстракција и конкретизација исто така се користени при изработка на трудот. Методот на апстракција се користи при истакнување на битните елементи на определен предмет, додека, пак, методот на конкретизација се користи за доаѓање до посебни и поединечни сознанија преку општите заклучоци во врска со финансиската технологија и преференциите на корисниците за финансиските услуги и иновации обезбедени со новите технологии. Методот на дескрипција е застапен во објаснувањето и опишувањето на фактите, процесите и предметите во рамките на истражувањето од аспект на сите негови сегменти. Компаративниот метод се користи за донесување на заклучоци преку компарација на исти или слични факти, појави и процеси, при што се утврдуваат сличностите и разликите помеѓу нив.

Во однос на прибирање на податоци, информации, ставови и мислења за предметот на проучување, кандидатот го користи методот на анкета. Со помош на анкетен прашалник, кандидатот спроведува истражување на одреден број корисници на финансиски услуги во Република Северна Македонија. Во истражувањето се вклучени поединци – физички лица.

За анализа на добиените резултати од истражувањето, користени се напредни статистички методи и програми со кои се обработени добиените резултати. Со помош на статистичките методи, тестирани се поставените хипотези и извршена е дескрипција, објаснување и анализа на добиените резултати, при што се доаѓа до значајни заклучоци во однос на користењето на финтек-услуги. Моделирање со структурни равенки со парцијални најмали квадрати (PLS-SEM) се користи за тестирање на влијанието на седумте факторите врз намерата за користење на финтек-услугите, како и врската помеѓу намерата и конкретната примена. Имено, комбинацијата на неколку методологии и техники на истражување помогна да се постигне сеопфатно разбирање на темата и да обезбеди робусност и веродостојност на наодите од истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Целта на докторската дисертација на кандидатот е да ја истражи намерата на корисниците за користење на финтек-услугите, односно да се одредени степенот на влијанието на одредени фактори врз намерата и конкретната примена на финтек-услугите. Како дел од оваа задача, кандидатот поставува и тестира девет хипотези.

Откако кандидатот потврдува дека податоците се валидни со помош на Cronbach Alpha и мерниот модел, потоа со помош на PLS-SEM алгоритамот и анализата ја оценува врската и коефициентот на корелација помеѓу променливите во истражувањето, а потоа со бутстрапинг процедурата со 5000 примероци ги пресметува пат-коефициентите и прави анализа на статистичката значајност. Токму овие показатели се од критично значење за да се тестираат сите девет хипотези дефинирани во истражувањето. Со добиените резултати и направената анализа. 7 од 9 хипотези се поддржани, додека 2 од нив се одбиени. Во продолжение накратко се потенцирани најзначајните заклучоци до кои доаѓа кандидатот во однос на проверка на поставените хипотези.

Прво, согледаната корисност (X1), технолошката подготвеност (X5), склоноста кон иновации (X6), општественото влијание (X7) и довербата (X8), имаат позитивно директно влијание врз намерата на корисниците за користење на финтек-услуги. Се чини дека согледаната корисност има најголемо влијание врз користењето на финтек-услугите. Поради тоа, сите овие пет хипотези (X1, X5, X6, X7 и X8) се поддржани.

Второ, согледаната едноставност (X2) нема директно влијание врз намерата за користење на финтек-услуги, поради што оваа хипотеза (X2) е одбиена. Сепак, се потврди дека согледаната едноставност (X3) има индиректно влијание врз намерата за користење на финтек-услуги преку согледаната корисност.

Трето, финансиското знаење (X4) нема директно влијание врз намерата на корисниците за користење на финтек-услуги. Затоа, оваа хипотеза (X4) е одбиена.

Четврто, намерата (X9) директно влијае врз конкретната примена, т.е. користењето на финтек-услугите. Следствено, оваа хипотеза (X9) е поддржана. Во литературата, истражувањата кои ја испитуваат врската помеѓу намерата за користење и конкретната примена на финтек-услугите се ограничени. Токму затоа кандидатот ја истражува оваа релација, а заклучокот е дека постои силна врска помеѓу намерата и конкретната примена на финтек-услугите од страна на корисниците.

Истражувачкиот модел користен во студијата обезбеди значајни заклучоци во однос на преференциите на корисниците и нивната намера за користење на финтек-услуги. Овие наоди имаат суштински импликации за сите чинители на пазарот на финансиски услуги, а особено за креаторите на политики во врска со воведување на потребните регулативи и овозможување на сигурни и безбедни финтек-услуги на пазарот. Кандидатот се залага за понатамошни истражувања за да се испита влијанието и на други фактори врз намерата и користењето на финтек-услугите, како и да се опфатат дополнителни димензии и да се прошири истражувањето и на средни и мали комапнии, вклучително и стартап компании.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јани Манасов, насловена: „Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги“, претставува опширно и фокусирано истражување во научните области на бизнис, менаџмент, финансии, информатички науки и банкарство. Ова дело претставува сеопфатно истражување на секторот за финансиска технологија како двигател на трансформацијата на финансиските услуги и банкарството. Истражувањето на кандидатот претставува темелна анализа на начинот на кој новите технологии и финтек-иновации влијаат врз преструктурирање на пазарот на финансиски услуги, со посебен акцент на корисниците на финансиските услуги и факторите кои влијаат врз користењето на финтек-услугите. Имено, имајќи ја предвид зголемената употреба на дигиталните технологии во финансискиот сектор, кандидатот ги испитува клучните технолошки решенија кои ја обликуваат иднината на финансиските услуги, како и нивните импликации врз регулативата и финансиската стабилност.

Работата на кандидатот нуди вреден придонес кон разбирањето на динамиката помеѓу финтек-компаниите, традиционалните банки и новите финансиски екосистеми. Преку критичка анализа на трендовите, регулаторните предизвици и промените во корисничкото однесување, кандидатот доаѓа до нови согледувања за тоа како банките

можат да ги усвојат финтек-иновациите за да останат конкурентни и до соработуваат со финтек-компаниите. Истражувањето го нагласува значењето на дигиталната трансформација во банкарството и идентификува стратегии што можат да им помогнат на финансиските институции да ги интегрираат новите технологии на одржлив и ефективен начин.

Од практична перспектива, резултатите до кои доаѓа кандидатот имаат потенцијал за влијание врз идните стратегии за развој на финтек-секторот и дигиталната трансформација во банкарството. Со елаборирање на новите технологии и иновации, истражувањето нуди вредни согледувања за начините на кои банките и финтек-компаниите можат да ги искористат овие алатки за подобрување на корисничкото искуство и финансиската инклузивност. Дополнително, анализата на преференциите на корисниците ги истакнува клучните фактори што влијаат врз довербата и прифаќањето на финтек-услугите и го открива влијанието на одредени фактори врз користењето на финтек-услугите, што може да биде корисно за носителите на одлуки, регулаторите и компаниите што развиваат финтек-решенија.

Ова истражување претставува значаен чекор кон продлабочување на разбирањето за иднината на финтек-секторот и банкарството во дигиталната ера, создавајќи цврста основа за понатамошни истражувања во областа на финтек, особено од аспект на факторите кои влијаат врз употреба на финтек-услугите од страна на корисниците.

Докторската дисертација на м-р Јани Манасов, насловена: „Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги“, според мислењето на Комисијата за евалуација, во целост ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторска работа. Ова повеќеслојно истражување за финтек-услуги не само што значително придонесува за целото знаење во областа, туку и ги поставува основите за идните емпириски и теоретски истражувања.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Наслов на трудот: COMPREHENSIVE OVERVIEW OF FINTECH INDUSTRY: DEFINITIONS, EVOLUTION AND SEGMENTS, автор-и: „Jani Manasov, Lidija Pulevska Ivanovska, Saso Josimovski“, објавен: KNOWLEDGE – International Journal, Vol. 22.1, March, 2018

[2]. Наслов на трудот: USER PREFERENCES FOR BANKING SERVICES OFFERED BY NON-BANKING COMPANIES AND TECH GIANTS, автор-и: „Jani Manasov, Lidija Pulevska Ivanovska“, објавен: JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, VOL. 8, ISSUE 20, December, 2018

[3]. Наслов на трудот: FINTECH SERVICE ADOPTION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA BASED ON USERS' AGE, GENDER AND INCOME, автор-и: „Jani Manasov, Lidija Pulevska Ivanovska“, објавен: JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, VOL. 10, ISSUE 24, June, 2020

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето горенаведено, Комисијата со особено задоволство констатира дека м-р Јани Манасов изработил студија со исклучителна научна и практична вредност, исполнувајќи ги високите научни и методолошки стандарди за изработка на докторска дисертација. Затоа, Комисијата има посебна чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- да се донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно завршена докторска дисертација на кандидатот м-р Јани Манасов со наслов: „Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги“.
- да се определи Комисија за одбрана на докторската дисертација.
- да се одобри закажување датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 24 март 2025

**Комисија за оцена на докторската дисертација**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.**
**Проф. д-р Калина Треневска-Благоева, член, с.р.**
**Проф. д-р Мијалче Санта, член, с.р.**

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| **Ред. Бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| **1.** | **Агрон Меџити** | **„Улогата на Македонска Банка за поддршка на развојот во македонската економија“** | **“ The role of Macedonian Bank for Development Support Macedonian economy“** | **проф. д-р Кирил Јовановски** | 6.3.2025 година Бр.02-427/38 |
| **2.** | **Косто Димоски** | **„Развој и анализа на мултифондовите во македонскиот пензиски систем – компаративна анализа со хрватскиот модел“** | **„Development and analysis of the multi-funds scheme in the Macedonian pension system – a comparative perspective with the Croation mode“** | **проф. д-р Елена Наумовска** | 6.3.2025 година Бр.02-427/37 |
| **3.** | **Даниела Николовски** | **„Влијанието на човечкиот капитал врз економскиот раст и развој во земјите од Западен Балкан“** | **„The influence of human capital on economic growth and development in the Western Balkan countries“** | **проф. д-р Владимир Филиповски** | 6.3.2025 година Бр.02-427/36 |
| **4.** | **Сандра Николовска** | **„Пазарот на нафта и нафтени деривати и процесот на транзиција кон обновливи извори на енергија“** | **„The market of oil and oil derivatives and the process of transition to renewable energy sources“** | **проф. д-р Владимир Филиповски** | 6.3.2025 година Бр.02-427/35 |
| **5.** | **Наташа Давидовска** | **„Влијанието на маркетинг стратегиите врз клучните финансиски** | **„The influence of marketing strategies on key financial metrics in SaaS companies“** | **проф. д-р Александар Наумоски** | 6.3.2025 година Бр.02-427/34 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **показатели во Saas компании“** | | | |
| **6.** | **Теа Савеска** | **„Луѓето на прво место: Подобрување на организациската благосостојба за деловен успех“,** | **„People First: Enhancing Organizational Wellbeing For Business Success“** | **проф. д-р Љупчо Ефтимов** | 6.3.2025 година Бр.02-427/33 |
| **7.** | **Марија Смилеска** | **„Рамномерниот регионален развој во Република Северна Македонија – состојби и перспективи “** | **„Balanced regional development in the Republic of North Macedonia – conditions and perpectives“** | **проф. д-р Предраг Трпески** | 6.3.2025 година Бр.02-427/32 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ СО СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ И ХИДРОНЕРГЕТИКА И ЕНЕРГЕТИКА И ЖИВОТНА СРЕДИНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 28.1.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и енергетика и животна средина (2.03.00.11), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-236/2, донесена на 13.2.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Валентино Стојковски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Марков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Ана Лазаревска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и енергетика и животна средина (2.03.00.11), на Машинскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријавил д-р Виктор Илиев, дипл.маш.инж.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Виктор Илиев е роден на 2.4.1979, во Штип. Средно образование завршил во учебната 1997/1998 година во средното машинско училиште „Наум Наумовски Борче” во Пробиштип. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на Машинскиот факултет. Дипломирал на 29.10.2002 година, со просечен успех 8,74. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2002/2003 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Машинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во март 2011 година, со просечен успех 9,8. На 18.3.2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Анализа на влијанието на нестационарните појави во доводните органи и агрегатите на хидроенергетските објекти при преодните режими.*

Докторска дисертација пријавил на 26.12.2011 година на Машинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Нестационарни појави во доводно-одводните органи при преодните режими на реверзибилна Франсис турбина* ја одбранил на 19.6.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Александар Гајиќ, проф.д-р Валентино Стојковски, проф. д-р Урош Караџиќ и проф. д-р Зоран Марков. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област механика на флуиди и струјнотехнички системи.

На 17.11.2015 година е избран во звањето доцент на Машинскиот факултет во Скопје, во научната област (24120) механика на флуиди и струјнотехнички системи, а на 27.8.2020 е избран во звањето вонреден професор во истата област.

Во моментот, кандидатот е вонреден професор при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 947 од 1.9.2008 година, бр. 1012 од 15.7.2011 година, бр.1076 од 2.5.2014 година, бр.1110 од 2.11.2015 година и бр. 1219 од 15.7.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет, кандидатот д-р Виктор Илиев изведува настава и вежби на прв, втор и трет циклус студии на неколку студиски програми на Машинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот бил ментор на 18 (осумнаесет) дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за одбрана на 12 (дванаесет) дипломски труда, 7 (седум) магистерски труда и на 1 (една) докторска дисертација.

Наставните обврски кандидатот ги извршува редовно, исполнително и на високо образовно-педагошко ниво, за што има позитивно изјаснување од студентите. Во реализација на наставата, применува современи техники (софтверски алатки, лабораториски вежби и дидактичка показна опрема).

Автор е на учебното помагало под наслов „Практикум за експериментални истражувања и пресметковни методи од областа на механика на флуиди, хидраулични машини и аеродинамика”.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Виктор Илиев има објавено вкупно 15 научни труда од соодветната научна област, од кои 2 (два) научни труда објавени во научно списание индексирано во електронска база на списанија Ebsco, 1 (еден) научен труд објавен во научно списание индексирано во електронска база на списанија Scopus, 10 труда во меѓународни научни публикации и 2 труда во зборници од научни собири.

Д-р Виктор Илиев бил раководител на 4 (четири) национални научни проекти и учествувал во 1 (еден) меѓународен научен проект.

Кандидатот бил ментор на 2 (два) магистерски труда.

Од 2023 година е акредитиран ментор на докторски студии на студиската програма Машинство и моментално е ментор на еден кандидат – докторанд.

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Виктор Илиев активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Кандидатот д-р Виктор Илиев остварил експертски активности како раководител и учесник во 35 проекти во соработка со факултетите и стопанството, како и со елаборати како технички извештаи од нив.

Д-р Виктор Илиев е раководител на Лабораторијата за механика на флуиди и хидраулични машини при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје во периодот од 15.9.2016 до денес. Во овој период, Лабораторијата која ја води е осовремена и целосно функционална за потребите на наставната, истражувачката и апликативната дејност на Факултетот. Треба да се напомене дека во овој период е воспоставена и нова истражувачка инсталација – физички модел на прстенеста водоводна мрежа со систем за интелегентна дијагностика и испитување на хидрауличните феномени со примена на вештачка интелегенција.

При тоа, Комисијата ја потенцира исклучителната лична заложба на кандидатот во овој процес, кој е промотор на идејата и реализацијата, а со што континуирано придонесува во унапредување на наставниот процес и подигнување на знаењата од практичната настава кај идните дипломирани машински инженери, студентите на постдипломските и докторските студии, но и кај помладиот соработнички кадар на Машинскиот факултет во Скопје.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка за самоевалуација**

Кандидатот д-р Виктор Илиев континуирано добива високо позитивна оценка од анонимно спроведените анкети за самоевалуација од студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и повеќегодишното лично познавање на кандидатот преку соработката во наставната, истражувачката и апликативната работа, Рецензентската комисија високо ја вреднува и позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Треба да се истакне дека кандидатот во континуитет се усовршува и се развива преку учество на меѓународни симпозиуми и конференции.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Виктор Илиев поседува образовни, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области: механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и енергетика и животна средина (2.03.00.11).

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Виктор Илиев да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области: механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и енергетика и животна средина (2.03.00.11).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Валентино Стојковски, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Зоран Марков, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Ана Лазаревска, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Виктор Иван Илиев
**Институција:** Машински факултет – Скопје, Институт за хидраулично инженерство и автоматика
**Научни области:** 2.03.00.08 МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ СО СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ И ХИДРОЕНЕРГЕТИКА
2.03.00.11 ЕНЕРГЕТИКА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| **1** | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,74.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,8.<br>Просечниот успех изнесува 9,27 за интегрираните студии. | **ДА** |
| **2** | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научните области: механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика; енергетика и животна средина; поле: машинство; подрачје: техничко-технолошки науки. | **ДА** |
| **3** | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА (6)** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: IOP Conference Series: Earth and Environmental Science 1442 (2025) 012004, doi:10.1088/1755-1315/1442/1/012004<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Need for hydro storage due to the challenges arising from expansion of PV electricity generation<br>**4.** Година на објава: 2025<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Engineering Research and Applications, ISSN: 2248-9622, Vol. 13, Issue 3, pp. 70-76.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco | ДА<br>(1) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Analysis of aerodynamic characteristics of racing cars, ISSN: 2248-9622, Vol. 13, Issue 3, pp. 70-76<br>4. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Ecosystems and Ecology Science (IJEES) Vol. 11 (4): 873-880 (2021), https://doi.org/10.31407/ijees, doi.org/10.31407/ijees11.4.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of the air pollution impact of heavy goods, diesel driven vehicles, along the a1 highway in North Macedonia<br>4. Година на објава: 2021 | ДА (2)<br><br>ДА (3) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Mechanical Engineering – Scientific Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18 членови, Македонија (4), Србија (5), Малезија (1), Бугарија (1), Канада (1), Хрватска (1), Словенија (2), Австрија (1), Америка (1), Германија (1).<br>3. Наслов на трудот: Experimental and numerical investigation of the possibility for increasing wind turbine efficiency by new rotor hub design<br>4. Година на објава: 2024 | ДА (4) |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)<br>2. Назив на меѓународниот собир: 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)<br>3. Имиња на земјите: Америка, УАЕ, Црна Гора, Катар, Грција, Србија, Словенија, Италија, Албанија, Австрија, Чешка, Украина, Шведска, Финска, Шпанија, Австралија, Турска, Словачка, Турција, Хрватска, БиХ, Франција, Египет, Германија, Русија, Велика Британија, Македонија, Норвешка, Израел<br>4. Наслов на трудот: | ДА (5) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Use of Reinforcement Learning in the Modeling of Ring-Type Water Networks, Publisher- IEEE, doi: 10.1109/MECO58584.2023.10154904.<br>5. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 20th International Conference of Thermal Science and Engineering<br>2. Назив на меѓународниот собир: 20th International Conference of Thermal Science and Engineering of Serbia – SimTerm.<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Русија, Црна Гора, Македонија, Италија, Бугарија, Грција, Америка, БиХ, Унгарија, Романија, Германија, Словенија, Турција<br>4. Наслов на трудот: Transient conditions at the pump station with combined pumping units”, ISBN 978-86-6055-163-6, pp.257-265.<br>5. Година на објава: 2022 | ДА<br>(6) |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Практикум за експериментални истражувања и пресметковни методи од областа на механика на флуиди, хидраулични машини и аеродинамика<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2025 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 27.8.2010 година; бр. 1219 од 15.7.2020 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Валентино Стојковски, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Зоран Марков, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Ана Лазаревска, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Виктор Иван Илиев
**Институција:** Машински факултет – Скопје, Институт за хидраулично инженерство и автоматика
**Научни области:** 2.03.00.08 МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ СО СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ И ХИДРОЕНЕРГЕТИКА
2.03.00.11 ЕНЕРГЕТИКА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на предавања на прв циклус** | **27,6** |
| 1.1 | Хидраулични машини и компоненти (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 6 |
| 1.2 | Хидраулични волуменски машини (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 6 |
| 1.3 | Системи за водоснабдување и наводнување (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 3,6 |
| 1.4 | Нестационарни струења кај ХЕП (2020/2021, 2021/2022, 2023/2024) | 3,6 |
| 1.5 | Пракса/Интердисциплнарен проект/Проект (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 3,6 |
| 1.6 | Енергетски цевководни системи (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024) | 2,4 |
| 1.7 | Хидроенергетски објекти и опрема (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024) | 2,4 |
| **2** | **Одржување на вежби на прв циклус** | **17,1** |
| 2.1 | Хидраулични машини и компоненти (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 4,5 |
| 2.2 | Хидраулични волуменски машини (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 4,5 |
| 2.3 | Системи за водоснабдување и наводнување (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 2,25 |
| 2.4 | Нестационарни струења кај ХЕП (2020/2021, 2021/2022, 2023/2024) | 2,25 |
| 2.5 | Енергетски цевководни системи (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024) | 1,8 |
| 2.6 | Хидроенергетски објекти и опрема (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024) | 1,8 |
| **3** | **Одржување на предавања на втор циклус** | **6,75** |
| 3.1 | Мерење, мониторинг и обработка на податоци (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 3,75 |
| 3.2 | Инженерско експериментирање (2021/2022) | 0,75 |
| 3.3 | Механика на флуиди – одбрани поглавја (2021/2022) | 0,75 |
| 3.4 | Одбрани поглавја од системи и опрема во АФИ | 0,75 |
| 3.5 | Гасоводни и нафтоводни системи (2020/2021) | 0,75 |
| **4** | **Одржување на вежби на втор циклус** | **8,1** |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | Мерење, мониторинг и обработка на податоци (2020/2021, 2021/2022. 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) | 4,5 |
| 3.2 | Инженерско експериментирање (2021/2022) | 0,9 |
| 3.3 | Механика на флуиди – одбрани поглавја (2021/2022) | 0,9 |
| 3.4 | Одбрани поглавја од системи и опрема во АФИ | 0,9 |
| 3.5 | Гасоводни и нафтоводни системи (2020/2021) | 0,9 |
| **4** | **Консултации со студенти** | **0,675** |
| 4.1 | Консултации со студенти 2020/2021 | 0,15 |
| 4.2 | Консултации со студенти 2021/2022 | 0,15 |
| 4.3 | Консултации со студенти 2022/2023 | 0,15 |
| 4.4 | Консултации со студенти 2023/2024 | 0,15 |
| 4.5 | Консултации со студенти 2024/2025 | 0,075 |
| **5** | **Ментор на дипломска работа (18)** | **3,6** |
| **6** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (12)** | **1,2** |
| **7** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд (1)** | **0,7** |
| **8** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (7)** | **2,1** |
| **9** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | **4,0** |
| | Практикум за експериментални истражувања и пресметковни методи од областа на механика на флуиди, хидраулични машини и аеродинамика | |
| | **Вкупно** | **71,825** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерски труд (2)** | **4** |
| **2.** | **Раководител на национален научен проект** | **24** |
| 1.1 | Нумеричко и експериментално истражување на аеродинамичките перформанси на модел на тркачки автомобил”. Финансиран од: УКИМ, 2023. | 6 |
| 1.2 | Лабораториско испитување на мини водна турбина за водоводни мрежи”, за потребите на компанијата АПОЛО Инженеринг-Скопје, а поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) преку проектот за доделување на иновациски ваучери, МФС – мај 2021. | 6 |
| 1.3 | Развој на вентилаторски ротор за проток на воздух, за потребите на компанијата Амбрела Пауер ДООЕЛ-Скопје, а поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) преку проектот за доделување на иновациски ваучери, МФС – јуни 2021. | 6 |
| 1.4 | Експериментално испитување/истражување на модел на ветерна турбина во лабораторски услови”, за потребите на компанијата АНИЗОР ДООЕЛ-Скопје, а поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) преку проектот за доделување на иновациски ваучери, МФС – јуни 2021. | 6 |
| **2** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5** |
| 3.1 | Научноистражувачки проект: “Safe Cross Border Transportation of Hazardous Materials: Orphan Radioactive Sources (STRASS)”. Координатор: проф. д-р Даме Димитровски. Финансиран од: Interreg IPA CBC Programme. Времетраење: јуни 2018 – јуни 2022 | 5 |
| **4** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **24** |
| 4.1 | Aleksandar Bučkovski, Zoran Markov, Viktor Iliev, “Methodology of simulation, modeling and examination of ring-type water supply networks”, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 40, No. 2, pp. 111–116 (2022), doi.org/10.55302/MESJ22402657111b, October 2022. (5*0.6 = 3) | 3 |
| 4.2 | Lazarevikj M., Iliev V., Stojkovski V., Transient fluid flow in parallel pipeline designed of pipes with different materials, 2021, Energija, Ekonomija, Ekologija 18(1), Conference Energetika, june 2021, Zlatibor, Serbia, pp.42-49, doi: 10.46793/EEE21-1.42L. https://doi.ub.kg.ac.rs/2021/10-46793-eee21-1-42l/ (5*0.8 = 4) | 4 |
| 4.3 | Lazarevikj M., Stojkovski V., Iliev V., Determination of air flow rate in a rectangular closed conduit by principle of velocity-area method, 2021, Energija, ekonomija, ekologija 18(2), Conference Energetika, june 2021, Zlatibor, Serbia, pp.57-63, doi: 0.46793/EEE21-2.57L https://doi.ub.kg.ac.rs/2021/10-46793-eee21-2-57l/ (5*0.8 = 4) | 4 |
| 4.4 | Stojkovski V., Kostikj Z., Iliev V., Lazarevikj M., “Comparison of measured and numerical results for unsteady fluid flow at water distribution system”, International Journal IETI Transaction on Engineering Research and Practice, http://ieti.net/terp/2021V5I1.html, Volume 5, Issue 1, 34-45, DOI 10.6723/TERP.202102_5(1).0005, September 2021. (5*0.6 = 3) | 3 |
| 4.5 | Mark Janura, Sofija Sidorenko, Ile Mirčeski, Viktor Iliev, Elena Angeleska, “Bio-inspired kinetic structures”, Mechanical Engineering – Scientific Journal. Vol.40, No1, pp.33-42 (2022), doi.org/10.55302/MESJ22401648033j, May 2022. (5*0.6 = 3) | 3 |
| 4.6 | V. Stojkovski, Z. Kostikj, M. Lazarevikj, V.Iliev, “Exploitation criteria for installed discharge at SHPP”, ITS-Advanced Technology and Science, Volume 6, Issue 1, 2022 ISSN:2617-4553, doi:https:/doi.org/10.31058/j.er.2022.61005, Submitted to Energy Research, pp. 73-86, www.itspoa.com/journal/er, 2022. (5*0.6 = 3) | 3 |
| 4.7. | V. Stojkovski, V. Iliev, F. Stojkovski, “Upgrading a Water Cooling System with Flushing Possibilities, Zlatibor Energy, Economy, Ecology - Journal of Scientific and Research Publications, Volume XI, Issue XI, Month 2021, ISSN 0354-8651, September 2021. (5*0.8 = 4) | 4 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **7** |
| 5.1 | N. Manev, D. Dimitrovski, Z. Markov, V. Iliev, “Environmental footprint of the heavy-goods vehicles of the future”. In: International Conference of Ecosystems (ICE2021), Chicago, Illinois, USA. 4-6 June 2021. (5*0.6 = 3) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2 | Stojkovski V., Lazarevikj M., Iliev V., “Dillema about influence of splitter vanes on hydraulic characteristic at rectangular radius elbow”, 6th International Scientific Conference COMETa 2022, Conference Proceedings ISBN 978-99976-947-6-8, pp.602-614, November 2022. (5*0.8 = 4) | 4 |
| | | |
| | **Вкупно** | **59,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **22** |
| 1.1 | Технички извештај од извршена експертиза за пропуштање на вода од батерии за вода производ на GROHE”, работено за потребите за ФГ КОНЦЕПТ ДООЕЛ-Скопје, ЦИРКО – ноември 2024. | 1 |
| 1.2 | Технички извештај од извршена експертиза за оштетување на хидраулична пумпа тип LPVD 150, технички извештај, работено за МАКСТИЛ Погон Челичарница, Скопје, ЦИРКО – 2023 г. | 1 |
| 1.3 | Следливост на работната карактеристика на пумпните агрегати вградени од противпожарните возила кои се користат за потребите на Еуроникел – Кавадарци, технички извештај, работено за Еуроникел, Кавадарци, ЦИРКО – 2023 г. | 1 |
| 1.4 | Елаборат за производство на електрична енергија за потребите на ЈКП „Тетово” – Тетово, работено за ЈКП Тетово – Тетово, ЦИРКО – 2023 г. | 1 |
| 1.5 | Изработка на анализа со мислење за инсталирана номинална моќност на хидроелектрична централа МХЕЦ Крива Река со реф. Бр.123, работено за PCC Hydro – Скопје, МФС – март 2023. | 1 |
| 1.6 | Надзор на градба на реконструкција на пумпна станица, водоводни и хидрантски мрежи во објект Дом за докторанди, работено за потребите на УКИМ. Изведувач: Турбоинженеринг Скопје, јули 2023. | 1 |
| 1.7 | Технички извештај од испитување (мерење) на притисок на приклучни места од хидрантска мрежа во Дом за докторанди, работено за потребите на УКИМ. Изведувач: Турбоинженеринг Скопје, јуни 2023. | 1 |
| 1.8 | Мониторинг на дотечен и истечен проток на вода во експлоатациони услови на системите од постројки за леење, работено за потребите на МАКСТИЛ АД Скопје, ЦИРКО – април 2022. | 1 |
| 1.9 | Мерење на проток на вода (основен кондензат) на излез од кондензатор А и В и изработка на Технички извештај, работено за потребите на ТЕЦ Неготино, јануари 2022. | 1 |
| 1.10 | Мерење на проток на отпадна вода за град Штип и Влез за потребата за изградба на прочистителни станици, работено за АКВА Флуент ДОО – Скопје, јуни 2022. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.11 | Стручно мислење за физибилити студија за реконструкција на МХЕ „Глажња“ и МХЕ „Липково“, работено за потребите на Луар Енергетик – ДООЕЛ Скопје, октомври 2022. | 1 |
| 1.12 | Следливост на работната карактеристика на пумпните агрегати вградени од противпожарните возила кои се користат за потребите на Фероникел – Кавадарци, технички извештај, работено за Фероникел, Кавадарци, ЦИРКО – 2021 г. | 1 |
| 1.13 | Мерење на проток на вода во цевководи за ладење на Блок 2 во РЕК Битола” со изработка на Технички извештај, работено за потребите на АИРКОН – Скопје, август 2021. | 1 |
| 1.14 | Мерење на проток на вода во дистрибутивниот систем за питка вода со изработка на Технички извешта, работено за потребите на SINCERITAS – Скопје, МФС – јули 2021. | 1 |
| 1.15 | Обука за турбинска регулација - за потребите за АД ЕСМ Подружница ХЕЦ Маврово, март 2021. | 1 |
| 1.16 | Мерење на притисоци на воздух на издувен систем, влезен систем и притисок на дизел гориво на Green Machines, работено за потребите на Gree Machines – Велес, ЦИРКО – декември 2021. | 1 |
| 1.17 | Изработка на тендерски спецификации, изведбен проект и консултантски услуги за изработка и инсталирање на хидромашинска опрема при изградба на објект – Брана Речани, работено за потребите на Силекс Неметали - Скопје, МФС – септември 2021. | 1 |
| 1.18 | Изработка на техничко решение на МХЕЦ на зафатите на сите реки од системот Шарски води (физибилити студија),” тех.бр. ФС-01/2020, ЦИРКО – септември 2020. | 1 |
| 1.19 | Мерење на проток на вода на термотехничките инсталации во производствениот погон на SINCERITAS ДОО Скопје со изработка на Технички извештај, МФС – октомври 2020. | 1 |
| 1.20 | Мерење на притисоци на воздух на издувен систем, влезен систем и притисок на дизел гориво на Green Machines” за потребите на Gree Machines – Велес, МФС – септември 2020. | 1 |
| 1.21 | Консултантски услуги од областите што го покриваат тековното и инвестиционото работење на АД ЕСМ, МФС - ДЕЛ-1: Машинство (Договор бр.11-101/6 од 13.9.2022 год.). | 1 |
| 1.22 | Виктор И. и др., Учество во проект - Консултантски услуги од областите што го покриваат тековното и инвестиционото работење на АД ЕСМ, МФС - ДЕЛ-1: Машинство (Договор бр.11-170/1 од 19.8.2024 год.). | 1 |
| **2** | **Главен (основен проект) – одговорен проектант** | **16** |
| 2.1 | Основен проект за машински инсталации за воведување на гориво – Течен нафтен гас (LPG)”. Работено за потребите на ПЕЈПАР МИЛ ДОО Кочани, март 2023. | 4 |
| 2.2 | Основен проект – техничко решение за реконструкција на пумпна станица, водоводни и хидрантски мрежи во објект Дом за докторанди, работено за потребите на УКИМ, јули 2023. | 4 |
| 2.3 | Основен проект за машински инсталации за систем за дистрибуција на природен гас, топловодна котлара и систем за греење”, работено за потребите за ПУРПЛАСТ МК Скопје, септември 2021. | 4 |
| 2.4 | Основен проект за машински инсталации за воведување на гориво – течен нафтен гас LPG”, работено за потребите на пекара | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Шиткарски” Дооел – Св, Николе, работено за потребите на СМС EKOCON Gropup ДОО – Скопје, декември 2020. | |
| **3** | **Главен (основен) проект – учесник/соработник** | **4** |
| 3.1 | Отворен систем за рециркулација на вода на линија за поцинкување, Основен проект – машински дел, (Договор ЛИБЕРТИ-Скопје: арх. бр.: 03-83/22-150, од 10.11.2023 и ЦИРКО-Скопје: арх. бр.: 0803-626/3, од 15.11.2023 год.), 2024 г. | 2 |
| 3.2 | В. Стојковски, В. Илиев, М. Лазаревиќ, Р. Колева: Проект за управување и регулација на притисокот и протокот со постоечката опрема во системот на пумпната станица и распределителните колектори во ТО Исток со најмали енергетски загуби, за потребите на Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, ЦИРКО – 2021 г. | 2 |
| **3.1** | **Ревизија – одговорен ревидент** | **3** |
| 3.2 | Ревизија на основен проект (машинско и градежен дел) за МРС за објект „НОВА ПОР” - Ќојлија, работено за потребите на НОМАГАС АД Скопје, ЦИРКО – јуни 2024. | 1 |
| 3.3 | Ревизија на основен проект (машинско и градежен дел) за гасоводна приклучна делница 35 и МРС КООП и МРС Унопродукт – Куманово, работено за потребите на НОМАГАС АД Скопје, ЦИРКО – ноември 2023. | 1 |
| 3.4 | Ревизија на основен проект за реконструкција на потисен цевковод за ЈКП Водовод – Битола”, ЦИРКО – октомври 2020. | 1 |
| **4** | **Идеен проект – учесник/соработник** | **1** |
| 4.1 | Идејно решение за воспоставување на технолошки процес за пречистување на санитарни води од ДОЈРАН СТЕЕЛ-Дојран на постојна ПСОВ, Дел-1: Идеен проект, работено за ДОЈРАН СТЕЕЛ – с. Николиќ, ЦИРКО – 2023 г. | 1 |
| **5** | **Физибилити студија - учесник** | **3** |
| 5.1 | Студија за определување на енергетски можности на РВС Студенчица. Технички број: ФС-01 443/22, ЦИРКО – 2023. | 1 |
| **6** | **Раководител на лабораторија**<br>Лабораторија за механика на флуиди и хидраулични машини при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје во периодот од 15.9.2016 до денес. | **1** |
| | **Вкупно:** | **48,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **71,825** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **59,00** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **48,00** |
| **Вкупно** | **178,825** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Валентино Стојковски, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Зоран Марков, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**
**Проф. д-р Ана Лазаревска, с.р.**
**Машински факултет – Скопје**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, ГЕРИЈАТРИЈА, КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И РЕВМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 10.12.2024 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и ревматологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет број 02-6766/14, донесена на редовната седница на Наставно-научниот совет која се одржа на 25.12.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Нада Марина, редовен професор во пензија на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Мане Грличков, редовен професор во пензија на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Георги Божиновски, редовен професор во пензија на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Магдалена Генадиева Димитрова, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Билјана Герасмовска Китановска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и ревматологија, во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ.

**Вонр. проф. д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ**

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ е родена 1969 година, во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Панче Караѓозов“ на 10.6.1988 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, на 2.12.1994 година. Дипломирала на 28.12.1994 година како најдобар студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, со просечен успех 9,81.

Во учебната 1996/1997 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на медицина на Катедрата за педијатрија, а потоа на Катедрата за интерна медицина и студиите ги завршила со просечен успех 10. На 31.10.2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Дијагностичка вредност на антицикличните-цитрулинирани пептидни антитела кај ревматоидниот артритис.*

Докторска дисертација пријавила во септември 2008 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Дијагностичка вредност на антителата против модифициран цитрулиниран виментин кај ревматоидниот артритис и нивната асоцираност со активноста на болеста* ја одбранила на 27.12.2012 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Мане Грличков, проф. д-р Георги Божиновски, в. н. сор. д-р Тодор Груев, проф. д-р Јордан Чаловски и проф. д-р Билјана Таушанова. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област медицински науки, ревматологија.

За помлад асистент е избрана во 2003 , а за асистент во 2008 година.

На 15 мај 2015 година е избрана во звањето научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа интерна медицина.

На 16 ноември 2015 година е избрана во звањето доцент на медицински науки на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа интерна медицина – ревматологија. Референтот за избор е објавен во Билтен бр. 1111 од 16 ноември 2015 година. Истата година за своето самопрегорно залагање е оценета со највисока оценка од студентите на Медицинскиот факултет.

Во последниве 5 години работи како вонреден професор на Катедрата за интерна медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1214 од 1.5.2020 година. Како вонреден професор, кандидатката е координатор за Клиниката за ревматологија и одговорен наставник за специјализантите на Клиниката за ревматологија, член на Комисијата за меѓународна соработка и член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англискиот и германскиот јазик и поседува ТОЕФЕЛ и ГЕТЕ-сертификати на ниво Б2 од овие јазици. Има поминато 6 онлајн едногодишни курсеви на ЕУЛАР (Европска лига против ревматизам).

Како лекар работела на повеќе различни позиции, почнувајќи од лекар во матична установа во Куманово, лекар на воени пилоти во Петровец, лекар во предучилишна установа „11 Октомври” , како и лекар супспецијалист по ревматологија на Клиниката за ревматологија во Скопје. Во својата долгогодишна работа покажа голема љубов и самопрегорност во работата и во дисперзирани клиники кои ги одржуваше волонтерски во тек на три години во Куманово, Кавадарци и Гевгелија. Освен за адултна ревматологија, покажа особен интерес за педијатриската ревматологија и спроведе 4 едногодишни проекти сестри клиники во соработка со болници од Индија, Словенија, Мексико и Холандија, со цел да го подигне нивото на педијатриската ревматологија во Македонија.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ изведува настава и вежби на првиот и вториот циклус студии на студиските програми Општа медицина, Стоматологија, како и на Високата школа за медицински и стоматолошки сестри и техничари, физијатри и акушерки.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на повеќе дипломски трудови и една докторска дисертација во Република Северна Македонија и како член на една меѓународна комисија за оцена на докторски труд во Република Бугарија.

Кандидатката е автор на повеќе лекции во рецензираните учебници „Интерна медицина“ и „Клиничко испитување”.

**Научноистражувачка дејност**

Вонр. проф. д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ има објавено вкупно 73 научни трудови од ревматолошката област. Еден од нејзините трудови е објавен во Annals of Rheumatic Diseases, списание со највисок импакт-индекс во ревматологијата.

Кандидатката се едуцирала во странство, на University of Michigan Ann Arbor, САД, (една година), била три месеци на научен престој на Универзитетот во Leiden, Холандија, како стипендист на ЕУЛАР, како и на едномесечен престој во детската болница SRCC Children’s Hospital Mumbai India.

Вонр. проф. д-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ учествувала во повеќе научни проекти, од кои еден меѓународен.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор на Rheumatology International, Revmatologia Bulgaria, Journal of Autoimmune Diseases and Rheumatology, Archives of Rheumatology Turkie, како и во организациониот одбор на конгресите по ревматологија во Република Бугарија.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

| **6** | **Пленарни предавања на научен собир со меѓународно учество**<br>(4*3) | **15** |
| 6.1 | **Damevska** K. Immune Evasion In Viral Skin Infections. Symposium "HPV infections and associated diseases" Struga, 2022. | |
| 6.2 | **Damevska K.** 40 years of isotretinoin. XXIX Dermatological Days “Prof. Dr. Asen Durmishev”, November 2022, Sofia, Bulgaria | |
| 6.3 | **Damevska K**. Cutaneous sarcoidosis. Belgrade Dermatology Days, 17-19 Oct, 2024, Belgrade, Serbia. | |
| 6.4 | **Damevska** K. Contact dermatitis, contact leucoderma, and contact vitiligo: a possible conection. XIII Симпозиум по дерматоалергологија, Летно училиште по дерматоалергологија. 24-26.06.2022. Пловдив, Бугарија. | |
| 6.5 | **Damevska K.** Oral isotretinoin in acne. Ist Symposium for Aestetic Medicine with International Participation, 05.02.2022, Skopje | |
| **7** | **Учество на научен/стручен собир – усна презентација (*1)** | **5** |
| 7.1 | Popovski T, Doneva K, Adjievska N, **Damevska K**. Urticaria multiforme in an infant. XXXI Научна конференција Годишни Софијски Дерматолошки денови, 31 окт-3 ноемв, 2024, Софија, Бугарија | |
| 7.2 | Vukovsk R, Stoicovska E, Pollozhani N, **Damevska K**. Dose-dependent arthritis as a rare side effect of acitretin. XXXI Научна конференција Годишни Софијски Дерматолошки денови, 31 окт-3 ноемв, 2024, Софија, Бугарија | |
| 7.3 | Popovski T, **Damevska** K. Demodex-induced cutaneous pseudolymphoma. X Национален Конгрес на Бугарското Дерматолошко Здружение, 2-4.10.2023, Софија, Бугарија | |

| | | |
|---|---|---|
| 7.4 | Popovski T, Zdravevska N, **Damevska K**. Neonatal lupus erythematosus in a child born to an asymptomatic mother. XXX Научна конференција Софијски Дерматолошки денови, 3-6 ноемв, 2022, Софија, Бугарија | |
| 7.5 | Bachevski D, **Damevska K**. Histiocytoid Sweet Syndrome in a patient with HIV infection. XXX Научна конференција Годишни Софијски Дерматолошки денови, 3-6 Ноември, 2022, Софија, Бугарија | |
| **8** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција (4*1)** | **4** |
| 8.1 | **Damevska** K., Pollozhani N, Mircevska Arsovska E. Ophiasis affecting the occipital scalp of a 7-years old girl, following mild COVID-19. Abstract book, PO269, 31st EADV Congress, Milan, 2022 | |
| 8.2 | **Damevska** K., Pollozhani N, Mirchevska A.E, Sotirovski T. Possible association between COVID-19 and alopecia areata: a case series of 5 pediatric patients.Abstract book, P1933 31st EADV Congress, Milan, 2022 | |
| 8.3 | Dzambazova M., **Damevska** K., Dohcheva Karajovanov I., Nikolovska S., Gugova S. Low Molecular Weight Heparin-Inducedskin Necrosis. 31st EADV Congress, Milan, 2022 | |
| 8.4 | Sofija Gugova, Mirjana Kiprijanoska, Katerina **Damevska**. Hand-foot-mouth disease: synchronized appearance with different clinical manifestations in siblings. 31st EADV Congress, Milan, 2022 | |
| **9** | **Секциско предавање на научен/стручен собир**<br>**Дамевска К.** Како да се одржи ремисијата кај атопискиот дерматит: улогата на локалната терапија. Pimecrolimus во дерматологијата. Акредитиран Webinar на ден 19.11.2020 | **1** |
| **10** | **Учество на научен стручен собир, постерска презентација** (*0,5) | **0,5** |
| | **Damevska K.,** Filipovic D, Sotirovski T, et al. Clinical Mimickers of HPV infections in pediatric patients: Case series. Symposium "HPV infection and associated diseases"Struga, 2022 | |
| **11** | **Научно-популарни статии (2*1)** | **2** |
| 11.1 | Аџиевска Н., Јаковљевиќ Н., Рушити Мехмети К., Ристеска К., **Дамевска** К. Кутани алерголошки тестирања кај деца. Vox Medici, а XXXII, број 125, декември 2024. | |
| 11.2 | Најдова, **Дамевска**, Николовска, Дума, Нелоска, Дохчева Карајованов, Положани, Димова, Емурлаи, Поповски, Бачевски, Мирческа Арсовска. Контактен дерматит на рацете кај здравствените работници во Македонија во тек на ковид-19 пандемијата. Vox medici, број 108, октомври 2020. | |
| **ВКУПНО** | | **191.4** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област (коавтор) (7*%)** | |
| 1.1 | Dessinioti C, Lotti TM, Stratigos AJ, **Damevska K**, Katsambas AD. (2023). Melasma. In: Katsambas AD, Lotti TM, Dessinioti C, D'Erme AM (Eds) European Handbook of Dermatological Treatments. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-15130-9_60 (6*60%) | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2 | **Damevska K.** Scabicides and Pediculocides. In: Katsambas AD, Lotti TM, Dessinioti C, D'Erme AM. (eds) European Handbook of Dermatological Treatments. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-15130-9_60 (6*60%) | 7 |
| 1.3 | **Damevska K.**, Vassileva S, Drenovska K, Kostadinova-Kunovska S, Mateeva V. (2021) Sarcoidosis. In: Ranawaka RR, Kannangara AP, Karawita A. (eds) Atlas of Dermatoses in Pigmented Skin. Springer, Singapore. https://doi.org/10.1007/978-981-15-5483-4_23 (6*60%) | 7 |
| 2 | **Клиничка или научно-апликативна студија од областа на медицинските науки и здравството- раководител (*2)** „Мукокутани промени после акутен COVID-19: проспективна кохортна студија“, проект поддржан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за 2020/2021 година. Код NIP.UKIM.20-21.5 / 18.5.2021 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **23** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание (*3)** Dermatologic Therapy, Associated Editor, Publisher: Wiley (2019-2021) | **3** |
| 2 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание (1)** | 3 |
| 2.1 | Journal of Applied Cosmetology, ISSN: 2974-6140, (2022-) https://www.journalofappliedcosmetology.com/editorialboard | |
| 2.2 | Global Dermatology, ISSN: 2056-7863 (2017-) https://oatext.com/Global-Dermatology-GOD.php#Editorial_Board | |
| 2.3 | Journal of Clinical Dermatology and Therapy, ISSN:2378-8771 https://www.heraldopenaccess.us/journals/journal-of-clinical-dermatology-therapy (2018-) | |
| 3 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | 2 |
| 3.1 | Член на Бордот на Европската асоцијација за дерматологија и венерологија – EADV (2021 – 2024) | |
| 3.2 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир** . 2nd International Congress of the World Health Academy of Dermatology and Pediatrics, Florence, Palazzo dei Congressi, October, 10-11 2025 President Fabio Arcangeli, Scientific Committee: Davide Brunelli, **Katerina Damevska**, Josè Antonio Massimo, Diego Peroni. | |
| 4 | **Член на факултетска комисија** (2*0.5) Одбор за меѓународна соработка (2020 – 2023) Комисијата за медицинска документација и библиотека (2020 – 2023) | 1 |
| 5 | **Директор на УК за дерматологија (2024-)** | 4 |
| 6 | **Раководител на внатрешна организациона единица Раководител на Оддел за детска дерматологија (2018 – 2024)** | 3 |
| **ВКУПНО** | | **17** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **761,92** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **191,4** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **17** |
| **ВКУПНО** | **993,32** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Павлова, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Катерина Дамевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонр. проф. д-р Катерина Дамевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област дерматовенерологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р Катерина Дамевска да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област дерматовенерологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Павлова, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.**

*Прилоī бр. 3*

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОРТОПЕДСКА ПРОПЕДЕВТИКА“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, бр.02-1120/37 од 27.2.2025, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Практикум по ортопедска пропедевтика” од авторите: Зоран Божиновски, Милан Самарџиски, Даниела Георгиева, Роза Џолева-Толевска, Марта Фотева, Александар Савески, Александар Трајановски, Ненад Атанасов, Алан Андоновски, Вилијам Велковски, Антонио Гавриловски, Нерон Поповски, Милена Богоевска-Доксевска, Игор Атанасовски и Дејан Дамјановиќ, наменет за студентите на студиските програми: Општа медицина, Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт и Тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар, за предметите: Ортопедија и Здравствена нега во хирургија и сродни болести (дел ортопедија), избрани се проф. д-р Јулија Живадиновиќ и проф. д-р Симон Трпески.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**I Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум по ортопедска пропедевтика |
| **Назив на предметната програма:** | Ортопедија<br>Здравствена нега во хирургија и сродни болести (дел: ортопедија) |
| **Назив на студиската програма:** | Општа медицина<br>Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт<br>Тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Ортопедија (Општа медицина)**<br>Број на ЕКТС-кредити: 3<br>Практична настава (21 час) |
| | **Ортопедија** за Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт<br>Број на ЕКТС-кредити: 2<br>Практична настава (10 часа) |
| | **Здравствена нега во хирургија и сродни болести (дел: ортопедија)** – Тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар<br><br>Број на ЕКТС-кредити: 15 (вкупно)<br>Практична настава (9 часа) |

| | |
|---|---|
| | |
| Предметот Ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје е задолжителен предмет за студентите по Општа медицина, со вкупен фонд на часови: 55 (34 +21), број на ЕКТС-кредити: 3 и се слуша во IX семестар.<br>Предметот Ортопедија, за студентите од Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт, има вкупен фонд на часови: 40 (30 + 10), број на ЕКТС-кредити: 2 и се слуша во IV семестар.<br>Предметот Здравствена нега во хирургија и сродни области (дел: ортопедија) е задолжителен предмет за студентите од Тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар, со фонд на часови за Катедрата за ортопедија: 29 (20 + 9), вкупен број на ЕКТС-кредити за целиот предмет: 15 и се слуша во V семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 72 страници (формат А4 ), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во: Општ дел (5 поглавја) и Специјален дел (11 поглавја), и содржи 68 слики. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јулија Живадиновиќ, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**

**II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот се состои од општ и специјален дел, во кои детално се анализирани и објаснети теми од особено значење за успешно совладување на практичниот дел од предметите за кои се предвидени, како и за стекнување практично искуство соодветно на потребите на студентите. Текстот е збогатен со 68 илустрации.<br>Во општиот дел, разработени се основните принципи на ортопедската анамнеза, ортопедскиот клинички преглед и основните принципи на прегледот при тумори на мускулно-скелетниот систем. На крајот од општиот дел, во петтото поглавје, наведени се најчестите латински термини со кои студентите се сретнуваат во ортопедијата и кои се користат за именување на анатомски ентитети, патолошки состојби и движења, како и нивниот превод на македонски јазик.<br>Специјалниот дел е посветен на начините на ортопедски преглед на одделни регии на човековото тело. Во 11 поглавја, објаснети се основните принципи на преглед на вратот и цервикалниот ′рбет, рамото, лакотот, китката, шаката, торакалниот и лумбалниот ′рбет, колкот кај возрасни и кај деца, коленото, скочниот зглоб и стапалото.<br>Во последното поглавје, цитирана е современа литература, која е користена за изготвување на практикумот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | соодветен |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | позитивна |
| **Категоризација:** | практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 72 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 68 слики. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум по предметите Ортопедија и Здравствена нега во хирургија и сродни области (дел: ортопедија), примарно наменет за студентите на студиските програми: Општа медицина, Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт и Тригодишни стручни студии за дипломирана сестра/техничар.

Во Скопје, 27.3.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.**

## III ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СИМОН ТРПЕСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е структуриран во два дела, општ и специјален, поделени во вкупно 16 поглавја. На крајот од ракописот се наоѓа посебно поглавје во кое е наведена современа литература, која е користена за изработка на практикумот.<br>Во општиот дел, во посебни поглавја, анализирани се основните принципи на ортопедската анамнеза, ортопедскиот клинички преглед и основните принципи на прегледот при тумори на мускулно-скелетниот систем. Во последното поглавје од општиот дел, наведени се најчестите латински термини кои во ортопедијата се користат за именување на анатомските ентитети, патолошките состојби и движења, како и нивниот превод на македонски јазик.<br>Специјалниот дел го објаснува ортопедскиот преглед на одделни регии на човековото тело. Во 11 поглавја, објаснети се основните принципи на преглед на вратот и цервикалниот 'рбет, рамото, лакотот, китката, шаката, торакалниот и лумбалниот 'рбет, колкот кај возрасни и кај деца, коленото, скочниот зглоб и стапалото. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | соодветен |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | позитивна |
| **Категоризација:** | практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 72 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 68 слики. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум по предметите Ортопедија и Здравствена нега во хирургија и сродни области (дел: ортопедија), примарно наменет за студентите на студиските програми: Општа медицина, Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт и Тригодишни стручни студии за дипломирана сестра/техничар.

Во Скопје, 27.3.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно Научен Совет од 25.02.2025 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| 1. Маргарета Јовчевска | „Правни и економски аспекти на корпоративните приспојувања и преземања (Legal and economic aspects of corporate mergers and acquisitions)“ | проф.д-р Александар Стојков | 25.02.2025 година | 02-271/78 од 27.02.2025 година |
| 2. Александра Бошнакоска | „Улогата на инвестициските банки во иницијалните јавни понуди – правни и етички аспекти (The role of investment banks in initial public offerings – legal and ethical aspects)“ | проф.д-р Александар Климовски | 25.02.2025 година | 02-271/77 од 27.02.2025 година |
| 3. Марија Ристова | „Финансиските инструменти и корпоративното управување во фармацевтската индустрија: Механизми, влијанија и предизвици (Financial instruments and corporate governance in the pharmaceutical industry: Mechanisms, impacts and challenges)“ | проф.д-р Александар Стојков | 25.02.2025 година | 02-271/76 од 27.02.2025 година |
| 4. Димитар Врглевски | ,,Делегираното законодавство како предизвик за принципот на поделба на власт - Случајот на Република Северна Македонија низ споредбена перспектива (Delegated Legislation as a Challenge for the Principle of Separation of Powers - The Case of North Macedonia in Comparative Perspective)“ | проф.д-р Денис Прешова | 25.02.2025 година | 02-271/75 од 27.02.2025 година |
| 5. Кире Јованов | ,,Влијанието на Европската повелба за локална самоуправа врз развојот на локалната самоуправа во Република Северна Македонија (The Impact of the European Charter of Local Self-Government on the Development of the Local Self-Government in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Марко Кртолица | 25.02.2025 година | 02-271/74 од 27.02.2025 година |
| 6. Ана Кракутовска | ,,Влијанието на меѓународната арбитража во Светската организација за интелектуална сопственост (The impact of international arbitration in the World Intellectual Property Organization)“ | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 25.02.2025 година | 02-271/73 од 27.02.2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. Влатко Владевски | ,,Специфичности и значење на малите деловни субјекти (Specifies and significance of small business entities)“ | проф.д-р Биљана Петревска | 25.02.2025 година | 02-271/72 од 27.02.2025 година |
| 8. Јован Буровски | ,,Овластувања, должности и одговорности на членовите на органите на управување (Powers, duties and responsibilities of members of management bodies)“ | проф.д-р Александар Климовски | 25.02.2025 година | 02-271/71 од 27.02.2025 година |
| 9. Дамјан Богоевски | ,,Правна и економска регулација на фудбалските клубови (Legal and economic regulation of football clubs)“ | проф.д-р Александар Климовски | 25.02.2025 година | 02-271/70 од 27.02.2025 година |
| 10. Симона Лазаревска | ,,Регулација на стечајна постапка во Република Северна Македонија (Regulation of bankruptcy proceedings in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Дарко Спасевски | 25.02.2025 година | 02-271/69 од 27.02.2025 година |
| 11. Сајма Хасановиќ | ,,Економски аспекти на интернет маркетинг (Economic aspects of internet marketing)“ | проф.д-р Биљана Петревска | 25.02.2025 година | 02-271/68 од 27.02.2025 година |
| 12. Фјола Јакупи | ,,Улогата на стечајниот управник во стечајната постапка (The role of the bankruptcy trustee in the bankruptcy procedure)“ | проф.д-р Дарко Спасевски | 25.02.2025 година | 02-271/67 од 27.02.2025 |
| 13. Вехап Арслани | ,,Поведување на стечајна постапка (Commencement of Insolvency Proceedings)“ | проф.д-р Дарко Спасевски | 25.02.2025 година | 02-271/66 од 27.02.2025 година |
| 14. Ненад Мицевски | ,,Стечај и отварање на стечајна постапка (Insolvency Proceedings and Commencement of Insolvency Proceedings)“ | проф.д-р Александар Климовски | 25.02.2025 година | 02-271/65 од 27.02.2025 година |
| 15. Сара Крстевска | ,,Анализа на македонскиот осигурителен сектор (Analyse of Macedonian insurance sector)“ | проф.д-р Биљана Петревска | 25.02.2025 година | 02-271/64 од 27.02.2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. Венцислав Козар | ,,Примена на ФИДИК (FIDIC) договорите за градење во Македонија и улогата на ФИДИК (FIDIC) договорите за време на вонредната состојба (Covid-19) (Application of FIDIC construction contracts in Macedonia and the role of FIDIC contracts during the state of emergency (Covid-19)“ | проф.д-р Дарко Спасевски | 25.02.2025 година | 02-271/63 од 27.02.2025 година |
| 17. Александар Јордев | ,,Вештачката интелигенција во правничката професија – влијанието на договорното право и правото на интелектуална сопственост (Artificial intelligence in the legal profession – The impact of contract law and intellectual property law)“ | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 25.02.2025 година | 02-271/62 од 27.02.2025 година |
| 18. Михаил Пејковски | ,,Финансирање на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија - Студија на случај на општина Ѓорче Петров (Financing the Local-Self Government in North Macedonia – Case Study of the Municipality of Gjorche Petrov)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 25.02.2025 година | 02-271/61 од 27.02.2025 година |
| 19. Огнен Минчев | ,,Правната рамка на даноците на имот и потенцијални реформи во домашното законодавство (Legal Framework of the Property Taxes and Potential Reforms in the National Legislation)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 25.02.2025 година | 02-271/60 од 27.02.2025 година |
| 20. Бојана Георгиева | ,,Бракот низ призмата на религијата, традицијата и правото (Marriage through the prism of religion, tradition and law)“ | проф.д-р Ангел Ристов | 25.02.2025 година | 02-271/59 од 27.02.2025 година |
| 21. Анастасија Јаневска | ,,Реформи во уредувањето на разводот на брак (Divorce Regulation Reforms)“ | проф.д-р Ангел Ристов | 25.02.2025 година | 02-271/58 од 27.02.2025 година |
| 22. Симона Чинго | „Брак или вонбрачна заедница: Прашањето е сега! (Marriage or Cohabitation: The question is now!)“ | проф.д-р Ангел Ристов | 25.02.2025 година | 02-271/57 од 27.02.2025 година |
| 23. Јасмина Сливоска | „Предбрачен договор (Premarital agreement)“ | проф.д-р Ангел Ристов | 25.02.2025 година | 02-271/56 од 27.02.2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. Георгина Србиноска | „Социјално-психолошките димензии на етничките конфликти (The socio-psychological dimensions of ethnic conflicts)“ | проф.д-р Ана Чупеска | 25.02.2025 година | 02-271/55 од 27.02.2025 година |
| 25. Благица Ристовска | „Тероризмот како безбедносна закана во меѓународните односи – посебен осврт на националните механизми за превенција и справување со тероризам во Република Северна Македонија (Terrorism as a security threat in international relations – a special review of the national mechanisms for preventing and dealing with terrorism in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 25.02.2025 година | 02-271/54 од 27.02.2025 година |
| 26. Христина Богдановска | „Законот за меѓународна соработка во кривична материја – практични импликации (The Law on International Cooperation in Penal Matters – practical implications)“ | проф.д-р Никола Тупанчески | 25.02.2025 година | 02-271/53 од 27.02.2025 година |
| 27. Галина Никодиновска | „(Не)ефективност во откривање и докажување на криминалитетот на белите јаки (In)efficiency in Investigation and Providing Evidence for the White Collar Crimes)“ | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 25.02.2025 година | 02-271/52 од 27.02.2025 година |
| 28. Магдалена Илиевска | „Признавање и извршување на странски судски одлуки во казненото право (Recognition and Execution of Foreign Court Decisions in Criminal Law)“ | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 25.02.2025 година | 02-271/51 од 27.02.2025 година |
| 29. Бобан Мицевски | „Царинската управа како дел од правосудната полиција во кривичната постапка (Customs Office as Part of the Judicial Police in the Criminal Procedure)“ | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.02.2025 година | 02-271/50 од 27.02.2025 година |
| 30. Стефанија Андреева | „Превенција на криминалитетот на децата во Република Северна Македонија (Prevention of Crime Committed by Children in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/49 од 27.02.2025 година |
| 31. Памела Павловска | „Праведно судство во сенката на корупцијата: Механизми за обезбедување на транспарентност и независност (Just Courts in Shadow of Corruption: Mechanisms for Securing Transparency and Independence)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/48 од 27.02.2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32. Александра Тепеѓозова | „Анализа на сериски убијци од криминолошки и пенолошки аспект (Analysis of Serial Killers from Criminologycal and Penologycal Aspect)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/47 од 27.02.2025 година |
| 33. Ели Динева | „Криминолошки аспекти на трговија со луѓе заради трговија со органи (Criminological aspects of tradeing in human beings for tradeing of organs)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/79 од 27.02.2025 година |
| 34. Ерлина Веселоска | „Жртви на семејно насилство во Република Северна Македонија (казнено-правни и криминолошки аспекти (Victims of Domestic Violence in the Republic of North Macedonia (Criminal Law and Criminological Aspects)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/46 од 27.02.2025 година |
| 35. Тина Божинова | „Криминолошки аспекти на сообраќајна деликвенција (Criminological Aspects of Traffic Delinquency)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/45 од 27.02.2025 година |
| 36. Мартина Павловска | „Рецидивизмот во Република Северна Македонија – казнено правни и криминолошки аспекти (Recidivism in the Republic of North Macedonia – Criminal Law and Criminological Aspects)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02.2025 година | 02-271/44 од 27.02.2025 година |
| 37. Александра Ристевска | „Законска уреденост и спецификите на казната затвор за полнолетни сторители на кривични дела наспроти казната затвор (Legal Determinationa and Specifics of the Prison vis-à-vis Juvenile Prison)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.02.2025 година | 02-271/43 од 27.02.2025 година |
| 38. Емилија Анчевска | „Детското престапништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023-та година – казнено правна, криминолошка и статистичка анализа (Children Delinquency in Republic of North Macedonia in the period of 2019 till 2023 – criminal law, criminological and statistical analysis)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.02.2025 година | 02-271/42 од 27.02.2025 година |
| 39. Жане Ристовска | „Кривично – правен третман на убиствата и фемицидот во Република Северна Македонија (Criminal – law Treatment of the Murders and Femicide in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.02.2025 година | 02-271/41од 27.02.2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40. Зорица Гиновска | „Организираниот криминал и корупција и механизмите за нивно сузбивање во македонското и компаративното право (Organized Crime and Corruption and Mechanisms for their Prevention in Macedonian and in Comaprative Law)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.02.2025 година | 02-271/40 од 27.02.2025 година |
| 41. Бисера Шегмановиќ | „Казнено-правниот облик на повеќекратното убиство vis-a-vis криминолошкиот феномен сериски убиства (Criminal Law Aspects of Multiple Murders vis-à-vis Criminologycal Phenomenon of Serial Murders)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.02.2025 година | 02-271/39 од 27.02.2025 година |
| 42. Магдалена Николовска | „Улогата на јавниот обвинител во постапката на обезбедување докази при тешките убиства: Баланс меѓу законитоста и потребата за брзина (Prosecutors Role in the Proceedings for Finding Evidence at Murders: Balance Between the Legality and Promptness)“ | проф.д-р Бобан Мисоски | 25.02.2025 година | 02-271/36 од 27.02.2025 година |
| 43. Миа Младеновска | „Влијанието на пропагандата врз меѓународните односи: употреба и последици во контекст на вооружени конфликти (The influence of propaganda on international relations: its use and consequences in the context of armed conflicts)“ | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 25.02.2025 година | 02-271/38 од 27.02.2025 година |
| 44. Анастасија Петричевска | „Принципот на невраќање според меѓународното право (The Principle of Non-Refoulement Under International Law)“ | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати | 25.02.2025 година | 02-271/37 од 27.02.2025 година |
| 45. Едона Асани | „Меѓународното право и заштитата на „климатските бегалци“ (International Law and the Protection of “Climate Refugees)“ | проф. д-р Елена Михајлова Стратилати | 25.02.2025 година | 02-271/35 од 27.02.2025 година |
| 46. Марко Миливојевиќ | „Признавање и извршување на странски судски одлуки во граѓански и трговски работи во Република Северна Македонија (Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Вангел Доковски | 25.02.2025 година | 02-271/80 од 27.02.2025 година |

**Декан**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

Скопје, 25.02.2025 година

**Изработил: м-р Илија Манасиев, советник за студентски работи**

***Прилоī бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.02.2025 година.**

1. **ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Душица Заова, магистер по биосистематика | „МИКРОЕВОЛУТИВНИ ПРОЦЕСИ КАЈ ЕНДЕМИЧНИОТ ВИДОВ КОМПЛЕКС *CYCLOTELLA CAVITATA* SENSU LATO ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ВО ТЕКОТ НА КВАРТЕРНИОТ ПЕРИОД“ | „MICROEVOLUTIONARY PROCESSES IN THE ENDEMIC *CYCLOTELLA CAVITATA* SENSU LATO SPECIES COMPLEX FROM LAKE OHRID DURING THE QUATERNARY CLIMATE CHANGES“ | д-р Златко Левков, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-3209/6 од 14.03.2025** |
| 2. | Дејан Кунески, магистер по фармација | „ВИБРАЦИОНА ДИНАМИКА, НЕКОВАЛЕНТНИ ИНТЕРАКЦИИ И МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА НА ФАРМАЦЕВТСКИ КРИСТАЛИ. СТУДИЈА СО ДВОДИМЕНЗИОНАЛНИ СПЕКТРОСКОПСКИ ТЕХНИКИ И КВАНТНОМЕХАНИЧКИ МОДЕЛИ” | „VIBRATIONAL DYNAMICS, NONCOVALENT INTERACTIONS AND MECHANICAL PROPERTIES OF PHARMACEUTICAL CRYSTALS. A STUDY WITH TWO-DIMENSIONAL SPECTROSCOPIC TECHNIQUES AND QUANTUM MECHANICAL MODELS“ | д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-2677/6 од 14.03.2025** |

***Прилог бр. 6***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА Д-Р СВЕТЛАНА МОЈСОВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр. XVII, донесена на 27.3.2025 г., формирана е Рецензентска комисија за доделување на звањето почесен професор (professor honoris causa), на д-р Светлана Мојсов, професор на Рокфелеровиот универзитет во Њујорк, САД (институција, место, држава), во состав: д-р Зоран Здравковски, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Соња Топузовска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Катерина Горачинова, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по подробното запознавање со доставениот материјал за кандидатката, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

**(биографски податоци и образование, образование, звање, научна област и професионална кариера)**

Светлана Мојсов е родена на 8 декември 1947 г. во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Високото образование го завршила на Природно-математичкиот факултет, насока: физичка хемија, на Универзитетот во Белград, каде што дипломирала во 1971 г. Во 1972 г. се запишала на докторски студии на Рокфелеровиот универзитет во Њујорк. Работела под менторство на нобеловецот Брус Мерифилд. Според факултетското образование, Мојсов е хемичар што многу ѝ помогнало во натамошните истражувања. Работела на синтеза на пептиди и, всушност, методата која ја развивала со нејзиниот ментор придонела во созревањето на биохемијата како наука која во тоа време, слободно може да се каже, била во зародиш. Нејзиното истражување во текот на докторските студии се фокусира на синтеза на пептиди во цврста фаза, кое кулминира во нејзината теза со синтезата на панкреасниот хормон, глукагон. По докторирањето во 1978, Мојсов останала уште неколку години во лабораторијата на Мерифилд, прво во својство на постдокторанд, а потоа и како истражувач.

Во 1983 г., Мојсов со сопругот се преселила во Бостон и преминала во Одделението за ендокринологија на Општата болница на Масачусетс, каде што ја водела синтезата на пептиди, а имала и асистентски задолженија по биохемија. Соработувајќи со Џоел Хабенер и Гордон Вир, го идентификцираат глукагон сличниот пептид-1, GLP-1, хормон кој се произведува во цревата и ја стимулира синтезата на инсулин со што игра важна улога во метаболизмот на глукозата. Набрзо е назначена за независен соработник на Медицинскиот институт „Хауард Хјуз“. Во истиот период била инструктор при Медицинското училиште на Универзитетот Харвард.

Во 1990 г., Мојсов се вратила на Рокфелеровиот универзитет и е избрана за доцент. Работела со групата на Ралф Стајнман во подобласта на дендритски клетки, кој во 2011 г. ја добива Нобеловата награда за медицина и физиологија. Мојсов најголем дел од својата кариера ја поминала на Рокфелеровиот универзитет. Овој универзитет е необичен по тоа што е основан во 1901 г. како институција за базични истражувања и дури во 1955 г. почнува со наставна дејност, но само за трет степен на студии. Светлана Мојсов е избрана за доцент на Рокфелеровиот универзитет во 1990, а од 2002 г. е вонреден професор за истражување.

### 2. ПОСТИГНУВАЊА И РЕЗУЛТАТИ

**(наставна, научна и стручна дејност)**

Најзначајните научни достигнувања на Светлана Мојсов примарно се однесуваат на нејзината револуционерна и пионерска работа на полето на биохемијата и откривањето и синтезата на глукагон сличниот пептид-1, хормон кој игра значителна улога во третман на дијабетесот и гојазноста. Овие истражувања имаат сериозно влијание врз клиничките пристапи за третман на метаболитичките нарушувања и подобрувањето на квалитетот на милиони пациенти со тип 2 дијабетес и гојазност. Нејзините научни достигнувања продолжуваат да

покажуваат влијание врз развојот на терапевтскиот пристап во ендокринологијата и метаболното здравје.

Научната траекторија на Мојсов е предодредена од соработката со Мерифилд, кој работел на развојот на метода за синтеза на пептиди во цврста фаза, од полимерна подлога (Solid Phase Peptide Synthesis – SPSS). И покрај тоа што успеал да синтетизира брадикинин (9 аминокиселини), инсулин (51 аминокиселина во низите А и В поврзани со дисулфиден мост) и ензимот рибонуклеаза А (124 аминокиселини поврзани со четири дисулфидни моста), SPSS не била широко прифатена метода – напротив на неа било гледано со голема скепса. Мерифилд барал некој покомплексен пример кој ќе ја потврди предноста на овој синтетички пристап. Затоа, кога Мојсов му предложила да работи на синтеза на глукагон, хормон на панкреасот што го регулира метаболизмот на јаглехидратите, тој тоа го прифатил со големо задоволство. Иако глукагонот се состои од само 29 аминокиселини (повеќето од нив се трифункционални што многу ја усложнува синтезата), тој е многу нестабилен надвор од физиолошки услови. Во тоа време, целосната синтеза на глукагонот била извршена со класични методи и заради комплексноста неколку врвни истражувачки групи работеле на подобрување на синтетичките постапки. Останувал, меѓутоа, основниот проблем: нискиот принос и чистотата на добиениот продукт. Тоа била главната пречка за да може да се вршат клинички испитувања и евентуалната негова употреба за третман на некои нарушувања во организмот. Мојсов со воведување на иновативни заштитни групи и постапки, по макотрпна работа во 1981 г. успеала да ја изведе синтезата и да добие доволни количества дури и за да го (пре)кристализира глукагонот. Во 1984 г., на Мерифилд самостојно му е доделена Нобелова награда по хемија за развојот на методологија за хемиски синтези во цврста матрица. Оттогаш, оваа синтетичка метода е референтна и е широко распространета и во други области заради едноставното пречистување на продуктите, а особено заради можноста за автоматизација на целиот процес.

Без оглед на тоа што Мерифилд бил единствениот добитник на наградата (природно, како раководител на целиот тим истражувачи), чувствуваме дека е потребно да се одбележи дека, во целата работа, се клучни токму резултатите на Мојсов; без овие резултати, имено, лесно е можно дека наградата би отишла на друго место, кај друг истражувач (односно истражувачки тим).

Уште пред Мојсов да заврши со својата теза со наслов: *Studies on Solid-Phase Peptide Synthesis: The Synthesis of Glucagon*, прелиминарните резултати го поттикнале Мерифилд да аплицира за проект околу хемијата на глукагонот, финансиран од Националниот институт за здравство на САД, во областа на истражувања на дијабетес. Мојсов го подготвила проектот кој бил одобрен и финансиран, а по докторирањето тоа ѝ овозможило да продолжи да работи во лабораторијата со Мерифилд како истражувач до 1983 г. Интересно е дека финансирањето на овој проект продолжило скоро 30 години, практично за целиот работен век на Мерифилд.

Во 1983 г., Мојсов со сопругот се преселила во Бостон и преминала во Одделението за ендокринологија на Општата болница на Масачусетс, каде што имала и асистентски задолженија по биохемија. Набрзо е назначена за независен соработник на Медицинскиот институт „Хауард Хјуз“. Заради природата на нејзините истражувања, во 1984 г. почнала соработка со Лабораторијата за молекуларна ендокринологија, која ја водел Џоел Хабенер и која се наоѓала во истата зграда. Треба да се нагласи дека Мојсов уште пред да ја почне соработката со групата на Хабенер, веќе извршила синтеза на аналози на т.н. пептид сличен на глукагон (glucagon like peptide – GLP1). Покрај тоа, ја синтетизирала и неговата скратена форма од 31 аминокиселина, GLP-1 (7-37). Особено е важно што недвосмислено докажала дека, всушност, тоа е физиолошки активниот дел на пептидот. Покрај ова, синтетизирала антитела за разните пептиди, но и оптимизирала радиоимунолошки тестови и хроматографски методи за разделување на пептиди сродни на GLP-1. Мојсов самостојно ги идентифицирала секвенците на аминокиселините што подоцна се покажало дека се од клучно значење за развојот на биомедицината на GLP-1. Во, на своевиден начин, втемелувачки труд кој го напишала и се темелел на нејзините експерименти, великодушно поканила за коавтори неколкумина соработници од групата на Хабенер [5].

Овие истражувања директно довеле до развој на лекови за дијабетес, кои при клиничките испитувања се покажале корисни и за намалување на дебелината.

Како резултат од нејзината повеќегодишна макотрпна научноистражувачка работа, произлезени се дури 10 значајни патенти.

**Стручно-апликативна дејност:**

Членува во голем број на стручни и научни асоцијации и извршува значајни функции. Овие активности се хронолошки подредени во понатамошниот тест:

1993 – 1995 Член на Комитетот за прием на постдипломски студии на Рокфелеровиот универзитет (Member of the Graduate Program Admissions Committee, The Rockefeller University

1998 – 2001 / 2004 – 2005 Член во советничката група за интегративна биологија на животни при Националната научна фондација (Member of the Advisory Panel for Integrative Animal Biology, National Science Foundation)

2006 – 2008 Гостува како уредник на специјалното издание за биополимери: наука за пептиди – посветено на проф. Bruce Merrifield (Guest Editor for the special issue of Biopolymers: Peptide Science, dedicated to the memory of Bruce Merrifield)

2009 – денес Член на советничката група на Фондацијата за истражување и едукација за дијабетесот (Member of the Advisory Board, Diabetes Action Research and Educational Foundation).

Светлана Мојсов е носител на следниве награди:

- 2023, **VinFuture**, Innovators with Outstanding Achievements in Emerging Fields – Јенс Јуул Холст, Џоел Франсис Хабенер и Светлана Мојсов
- 2023, **Nature 10** највлијателни научници на годината
- 2024, **Pearl Meister Greengard Prize** од Рокфелеровиот универзитет
- 2024, **Time 100 највлијателни луѓе**, иноватори
- 2024, **Princess of Asturias Awards**, Technical and Scientific Research - Даниел Џ. Друкер, Џефри М. Фридман, Џоел Ф. Хабенер, Јенс Јуул Холст и Светлана Мојсов
- 2024, **Tang Prize**, Biopharmaceutical Science – Џоел Ф. Хабенер, Светлана Мојсов и Јенс Јуул Холст
- 2024, **Lasker**-DeBakey Clinical Medical Research Award - Џоел Хабенер, Светлана Мојсов и Лоте Бјере Кнудсен
- 2024, **BBVA Foundation Frontiers of Knowledge Award**, Biology and Biomedicine – Даниел Џошуа Друкер, Џоел Хабенер, Јенс Јул Холст и Светлана Мојсов
- 2025, **Warren Triennial Prize** – Џоел Хабенер, Даниел Џ. Друкер, Јенс Холст и Светлана Мојсов.

.

## 3. ТРУДОВИ, АКАДЕМСКИ ПУБЛИКАЦИИ И ПАТЕНТИ

Проф. д-р Светлана Мојсов објавила повеќе научни трудови, од кои 45 во медицински и истражувачки списанија со значаен фактор на влијание. Ја издвојуваме последната публикација од 2024 година во Journal of the American Medical Association (JAMA), со фактор на влијание 63,1, согласно со Journal Citation Reports. Автор е на 9 поглавја во книги и 10 патенти. Дел од публицистичката и истражувачка дејност е прилог на овој извештај. Патентите од реден број 1 – 4 и 4 – 6 се произведуваат од Novo Nordisk за третман за тип 2 дијабетес под трговските имиња: Victoza, Ozempic и Rybelsus. Во 2014 година, Victoza беше одобрена од FDA за третман на дебелина под трговското име Saxenda. Во 2021, Ozempic беше одобрен од FDA за третман на дебелина под трговското име Wegovy.

## 4. ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА СВЕТСКАТА НАУКА, ВКЛУЧИТЕЛНО И УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Мојсов со гордост истакнува дека е родена во Скопје. Во својата кариера, таа го следела примерот на нејзиниот ментор Брус Мерифилд, кој секогаш работел со мали групи; обично со еден или двајца соработници, еден докторанд и еден постдокторанд и неколку техничари. Неговата цел не била само да изврши синтеза на некоја супстанција, туку темелно да ја истражи нејзината физиолошка улога. Од добиените награди до денес и од дадените образложенија за нив

се гледа дека уделот на Светлана Мојсов во развојот на биохемијата, молекуларната биологија, фармакологијата и медицината е недвосмислен и широко признат во светот на науката. Мислиме дека на нашиот универзитет, т.н. „капиларни влијанија“ од овие постигања се огромни и секој барем делумно е запознаен и инспириран од нејзините постигнувања. Тоа се покажа и на 11 февруари 2025, на Женскиот појадок по повод Меѓународниот ден на жените во науката што се одржа на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет. Таа со големо задоволство се одзва на поканата и имаше значајно видеообраќање на кое го истакна значењето на своето образование во Македонија и добиениот поттик за развој на кариера во природни науки и истражувачка работа.

Нејзиниот избор ќе значи проширување на видиците на младите истражувачи од Македонија, но и можност за меѓусебна соработка. Дополнително ќе се зголеми видливоста на нашиот универзитет, а тоа ќе влијае и врз покачувањето на рејтингот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За која било институција во светот што се занимава со истражувања во областа на хемијата, биохемијата, молекуларната биологија и фармацијата би било голема чест да ја има проф. д-р Светлана Мојсов во своите редови. Честа е, секако, голема и за Природно-математичкиот факултет и за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со изборот на проф. Светлана Мојсов за professor honoris causa, Факултетот и Универзитетот ќе добијат врвен научник и едукатор, човек кој повеќе децении работи во дејноста и ја шири научната мисла, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Врз основа на податоците за севкупната дејност на проф. д-р Светлана Мојсов и, посебно, имајќи го предвид нејзиниот ангажман и во афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Република Македонија во меѓународното опкружување, Комисијата има чест и големо задоволство да му предложи на Универзитетскиот сенат да донесе одлука за доделување на звањето почесен професор (professor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на проф. д-р Светлана Мојсов од Рокфелеровиот универзитет од САД.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Здравковски, с.р.**
**Проф. д-р Соња Топузовска, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Горачинова, с.р.**

**ПРИЛОГ 1. СЕЛЕКТИРАН СПИСОК НА ТРУДОВИ, КНИГИ И ПАТЕНТИ**


1. **Mojsov S.**, Mitchell AR, Merrifield RB. A quantitative evaluation of methods for coupling asparagine. J Org Chem. 1980; 45:555-560.
   doi.org/10.1021/jo01292a001

2. **Mojsov S.**, Merrifield RB. Solid phase synthesis of crystalline glucagon. Biochemistry. 1981; 20:2950-2956. PMID7248261
   doi: 10.1021/bi00513a036

3. Lu GS, **Mojsov S.**, Tam JP, Merrifield RB. Improved synthesis of 4-Alkoxybenzyl alcohol resin. J Org Chem. 1981; 46:3433-3436.
   doi.org/10.1021/jo00330a009

4. **Mojsov S.**, Merrifield RB. An improved synthesis of crystalline mammalian glucagon. Eur J. Biochem. 1984; 145:601-605. PMID6510418
   doi: 10.1111/j.1432-1033.1984.tb08599.x

5. **Mojsov S.**, Heinrich G, Wilson IB, Ravazzola M, Orci L, Habener JF. Preproglucagon gene expression in pancreas and intestine diversifies at the level of post-translational processing. J Biol Chem. 1986; 261:11880-11889. PMID3528148 doi.org/10.1016/S0021-9258(18)67324-7

6. Drucker DJ, **Mojsov S.**, Habener JF. Cell-specific post-translational processing of preproglucagon expressed from a metallothionin-glucagon fusion gene. J Bio Chem. 1986; 261:9637-9643. PMID3525530
   doi.org/10.1016/S0021-9258(18)67561-1

7. Philippe J, **Mojsov S**, Drucker DJ, Habener JF. Proglucagon processing in a rat islet cell line resembles phenotype of intestine rather than pancreas. Endocrinology. 1986; 119:2833-2839. PMID3536450
   doi: 10.1210/endo-119-6-2833

8. **Mojsov S.**, Weir GC, Habener JF. Insulinotropin: glucagon-like peptide I (7-37) co-encoded in the glucagon gene is a potent stimulator of insulin release in the perfused rat pancreas. J Clin Invest. 1987; 79:616-619. PMC424143
   doi: 10.1172/JCI112855
9. Drucker DJ, Philippe J, **Mojsov S.**, Chick WL, Habener JF. Glucagon-like peptide I stimulates insulin gene expression and cAMP levels in a rat islet cell line. Proc Natl Acad Sci USA. 1987; 84:3434-3438. PMC304885
   doi: 10.1073/pnas.84.10.3434

10. Lu GS, **Mojsov S.**, Merrifield RB. Synthesis and hormonal activity of (Tyr $^{22}$) glucagon and (desHis$^{2}$, Tyr$^{22}$) glucagon. Int J Pept Protein Res. 1987; 29:545-557. PMID3454664

11. Drucker DJ, Philippe J, **Mojsov S**. Proglucagon gene expression and posttranslational processing in a hamster islet cell line. Endocrinology. 1988; 123:1861-1867. PMID3416818
    doi: 10.1210/endo-123-4-1861

12. Philippe J, Powers AC, **Mojsov S**, Drucker DJ, Comi R, Habener JF. Expression of peptide hormone genes in human islet cell tumors. Diabetes. 1988; 37:1647-1651. PMID2903836
    doi: 10.2337/diab.37.12.1647

13. Weir GC, **Mojsov S.**, Hendrick GK, Habener JF. Glucagon-like peptide I (7-37) actions on the endocrine pancreas. Diabetes. 1989; 38:338-342. PMID2645190
    doi: 10.2337/diab.38.3.338

14. Gefel D, Hendrick GK, **Mojsov S.**, Habener JF, Weir GC. Glucagon-like peptide I analogs: Effects on insulin secretion and cyclic AMP formation. Endocrinology. 1990; 126:2164-2168. PMID2156683
doi: 10.1210/endo-126-4-2164

15. Powers AC, Efrat S, **Mojsov S.**, Spector D, Habener JF, Hanahan D. Pancreatic alpha-like cell line derived from a transgenic mouse tumor processes proglucagon similarly to normal islets. Diabetes. 1990; 39:406-414. PMID2156740
doi: 10.2337/diab.39.4.406

16. Andersen DK, Meneilly GS, Sclater A, Wong G, McAloon-Dyke M, **Mojsov S.**, Habener JF, Elahi D. The insulinotropic effect of GIP: A dose response comparison and comparison to glucagon-like peptide-I (7-37). Diabetes. 1990; 39:142A Suppl.

17. **Mojsov S.**, Kopczynski MC, Habener JF. Both amidated and non-amidated forms of glucagon-like peptide I are synthesized in the rat intestine and pancreas. J Biol Chem. 1990; 265:8001-8008. PMID1692320
doi.org/10.1016/S0021-9258(19)39030-1

18. Blackmore PF, **Mojsov S.**, Exton JH, Habener JF. Absence of insulinotropic glucagon-like peptide-I (7-37) receptors on isolated rat liver hepatocytes. FEBS Lett. 1991; 283:7-10. PMID1645298
doi: 10.1016/0014-5793(91)80541-a

19. Nathan DM, Screiber E, Fogel H, **Mojsov S.**, Habener JF. Insulinotropic actions of glucagon-like peptide-I (7-37) administered to diabetic and non-diabetic human subjects. Diabetes Care. 1992; 15:270-276. PMID1547685
doi: 10.2337/diacare.15.2.270.

20. **Mojsov S**. Structural requirements for biological activity of glucagon-like peptide-I. Int. J. Pept. Prot. Res. 1992; 40:333-343. PMID1478791
doi: 10.1111/j.1399-3011.1992.tb00309.x

21. Hendrick GK, Gjinovci A, Baxter LA, **Mojsov S.**, Wollheim CB, Habener JF, Weir GC. Glucagon-like peptide-I (7-37) suppresses hyperglycemia in rats. Metabolism. 1993; 142:1-6. PMID8446036
doi: 10.1016/0026-0495(93)90163-i

22. **Mojsov S.**, Wei Y. Studies with glucagon-like peptide-I receptor in RIN 1046-38 cells. Digestion. 1993; 54:342.

23. Wei Y, **Mojsov S**. Tissue-specific expression of the human receptor for glucagon-like peptide-I: brain, heart and pancreatic forms have the same deduced amino acid sequences. FEBS Lett. 1995; 358:219-224. PMID7843404
doi: 10.1016/0014-5793(94)01430-9

24. Wei Y, **Mojsov S**. Tissue specific expression of different human receptor types for pituitary adenylate cyclase activating polypeptide and vasoactive intestinal polypeptide: implications for their role in human physiology. J Neuroendocrinology. 1996; 8:811-817. PMID8933357
doi: 10.1046/j.1365-2826.1996.05191.x

25. Wei Y, **Mojsov S**. Distribution of GLP-1 and PACAP receptors in human tissues. Acta Physiol Scand. 1996; 157:355-357. PMID8830893
doi: 10.1046/j.1365-201X.1996.42256000.x

26. Wei Y, **Mojsov S**. Multiple human receptors for pituitary adenylyl cyclase activating polypeptide and vasoactive intestinal polypeptide are expressed in a tissue specific manner. Annals NY Acad Sci.1996; 805:624-628. PMID8993451
doi: 10.1111/j.1749-6632.1996.tb17531.x

27. Granelli-Piperno A, Moser B, Pope M, Chen D, Wei Y, Isdell F, O'Doherty U, Paxton W, Koup R, **Mojsov S.**, Bhardwaj N, Clark-Lewis I, Baggiolini M, Steinman RM. Efficient interaction of HIV-1 with purified dendritic cells via multiple chemokine coreceptors. J Exp Med. 1996; 184:2433-2438. PMC2196388
doi: 10.1084/jem.184.6.2433

28. Wu L, Nicholson W, Mcgaha A, Brissova M, **Mojsov S.**, Powers, AC. Engineering neuroendocrine cells with physiologically-regulated insulin secretion. Diabetes. 1998; 47:suppl.(1) A340.

29. Mommsen TP, **Mojsov S.** Glucagon-like peptide activates the adenylyl cyclase system in rockfish enterocytes and brain membranes. Comp Biochem Physiol. 1998; 121B,49-56. PMID9972283
doi: 10.1016/s0305-0491(98)10110-4

30. Wei Y, Martin SC, Heinrich G, **Mojsov S**. Cloning and functional characterization of PACAP-specific receptors in zebrafish. Annals NY Acad Sci. 1998; vol.865:45-48. PMID: 9927995
doi: 10.1111/j.1749-6632.1998.tb11161.x

31. Ngan ESW, Chow LSN, Tse DLY, Du X, Wei Y, **Mojsov S.**, Chow KC. Functional studies of a glucagon receptor isolated from frog *Rana Tigrina Rugulosa*: implications for the molecular evolution of glucagon receptors in vertebrates. FEBS Lett. 1999; 457:499-504. PMC3427390
doi: 10.1016/s0014-5793(99)01112-6

32. **Mojsov S**. Glucagon-like peptide-1 (GLP-1) and the control of glucose metabolism in mammals and teleost fish. Amer. Zool. 2000; 40:246-258.

33. Carucci JA, Ignatius R, Wei Y, Cypess AM, Schaer DA, Pope M, Steinman RM, **Mojsov S**. Calcitonin gene related peptide (CGRP) decreases expression of HLA-DR and CD86 by human dendritic cells and dampens dendritic cell driven T cell proliferative responses via Type I CGRP receptor. J Immunol. 2000; 164:3494-3499. PMID10725702
doi: 10.4049/jimmunol.164.7.3494

34. Ignatius R, Wei Y, Beaulieu S, Gettie A, Steinman RM, Pope M, **Mojsov S.** The immunodeficiency virus coreceptor, Bonzo/STRL33/TYMSTR, is expressed by rhesus macaque and human skin and blood-derived dendritic cells. Aids Res. Human Retrov. 2000; 16:1055-1059. PMID10933620
doi: 10.1089/08892220050075318

35. Beaulieu S, Robbiani DF, Du X, Rodrigues E, Ignatius R, Wei Y, Ponath P, Young JW, Pope M, Steinman RM, **Mojsov S**. Expression of a functional Eotaxin (CCL11)receptor CCR3 by human dendritic cells. J. Immunol. 2002; 169:2925-2936. PMID12218106
doi: 10.4049/jimmunol.169.6.2925

36. Yeung CM, **Mojsov S.**, Mok PY, Chow BKC. Isolation and Structure-Function Studies of a Glucagon-Like Peptide 1 Receptor from Goldfish *Carassius auratus*: Identification of Three Charged Residues in Extracellular Domains Critical for Receptor Function. Endocrinology. 2002; 143:4646-4654. PMID12446592
doi: 10.1210/en.2002-220694

37. Chow BKC, Moon TW, Hoo RLC, Yeung CH, Müller M, Christos PJ, **Mojsov S**. Identification and characterization of a glucagon receptor from the goldfish Carassius auratus: Implications for the evolution of the ligand specificities of glucagon receptors in vertebrates. Endocrinology. 2004; 145:3273-3288. PMID15033912
doi: 10.1210/en.2003-0597

38. Tarbell KV, Petit L, Zuo X, Toy P, Luo X, Mqadmi A, Yang H, Suthanthiran M, **Mojsov S**, Steinman RM. Dendritic cell-expanded, islet specific $CD25^+$ $CD62L^+$ regulatory T cell restore normoglycemia in diabetic NOD mice. J Exp Med. 2007; 204:191-201. PMC2118426
doi: 10.1084/jem.20061631

39. **Mojsov S.**, Barany G. Editorial: a tribute to Bruce Merrifield. Biopolymers. 2008; 90:154. PMC3270889
doi: 10.1002/bip.20973

40. Bozzacco L, Yu H, Zebroski HA, Dengjel J, Deng H, **Mojsov S.**, Steinman RM. Mass spectroscopy analysis and quantitation of peptides presented on the MHC II molecules of mouse spleen dendritic cells. J Proteome Res. 2011; 10:5016-5030. PMC3270889
doi: 10.1021/pr200503g

41. Bozzacco L, Yu H, Dengjel J, Trumpfheller C, Zebroski III HA, Zhang N, Kuttner V, Ueberheide BM, Deng H, Chait BT, Steinman RM, **Mojsov S.**, Fenyo D. Strategy for identifying dendritic cell-processed $CD4^+$ T cell epitopes from HIV gag p24 protein. PLoS One. 2012; 7(7):e41897. PMC3408443
doi: 10.1371/journal.pone.0041897

42. Oren DA, Wei Y, Skrabanek L, Chow BKC, Mommsen T, **Mojsov S**. Structural Mapping and Functional Characterization of Zebrafish Class B G- Protein Coupled Receptor (GPCR) with Dual Ligand Selectivity towards GLP-1 and Glucagon. PLoS One. 2016; 11(12): e0167718.PMC5145181
doi: 10.1371/journal.pone.0167718

43. Irwin DM, **Mojsov, S**. Diversification of the functions of proglucagon and glucagon receptor genes in fish. General and Comparative Endocrinology. 2018; 261:148-165. PMID29510149
doi: 10.1016/j.ygcen.2018.03.003

44. Fujii SI, Kawamata T, Shimizu K, Nakabayashi J, Yamasaki S, Iyoda T, Shinga J, Nakazato H, Sanpei A, Kawamura M, Ueda S, Dorrie J, **Mojsov S.,** Dhodapkar MV, Hidaka M, Nojima M, Nagamura F, Yoshida S, Goto T, Tojo A. Reinvigoration of innate and adaptive immunity via therapeutic cellular vaccine for patients with AML. Molecular Therapy Oncolytics. 2022; 315-332.

45. **Mojsov S.** Chemistry Matters - From a putative peptide to effective treatments for diabetes and obesity. Journal of the American Medical Association. 2024; 332:1695-1696. PMID: 39297725
doi.org/10.1001/jama.2024.17571

**Book Chapters:**

1. Merrifield RB, Barany G, Gosand WL, Engelhard M, **Mojsov S**. Some recent developments in solid phase peptide synthesis. In: Goodman M, Meienhofer J, eds. Peptides: Proceedings of the 5th American Peptide Symposium. New York, John Wiley, 1977; 488-503.

2. Merrifield RB, Kent SBH, Tam JP, Tjoeng FS, Sarin V, **Mojsov S.**, Riemen MW, Wong T-W, Voss C. Solid phase peptide synthesis. In: Gross E, Vigna R, Meienhofer J, eds. Peptides,

Proceedings of the 6th American Peptide Symposium. Rockford, Illinois: Pierce Chemical Company, 1979; 29-47.

3. **Mojsov S.**, Lu GS, Iwanij V, Merrifield RB. Synthesis and biological activity of (Tyr$^{22}$) glucagon. In: Hruby VJ, Rich DH, eds. Peptides: Proceedings of the 8th American Peptide Symposium. Rockford, Illinois: Pierce Chemical Company, 1983; 373-377.

4. Merrifield RB, **Mojsov S**. The chemical synthesis of glucagon. In: Lefevre PJ, ed. Glucagon 1, Handbook of Experimental Pharmacology, Vol. 66/I Berlin: Springer-Verlay, 1983; 23-35.

5. **Mojsov S.**, Habener JF. Synthesis of glucagon-like peptides: development of specific antisera and analysis of proglucagon processing. In: Theodoropoulos D., ed. Peptides 1986. Proceedings of the 19th European Peptide Symposium. Berlin, New York: Walter de Gruyter and Co., 1986; 529-533.

6. **Mojsov S.**, Weir GC, Habener JF. Glucagon-like peptide I (7-37) is a potent stimulator of insulin secretion. In: Marshall GR., ed. Peptides: Proceedings of the 10th American Peptide Symposium. ESCOM Sci Publ Leiden, 1988; 644-646.

7. Habener JF, **Mojsov S.**, Drucker DJ, Phillippe J, Weir GC. Cell-specific alternative processing of proglucagon. In: Thorn NA, Treiman M, Petersen OH., eds. Molecular Mechanisms in Secretion. Alfred Benzon Symposium 25. Munksguaard, Copenhagen, Publ., 1988; 476-492.

8. Habener JF, Drucker DJ, **Mojsov S.**, Knepel W, Philippe J. Biosynthesis of glucagon. In: Ellis Samols ed. The Endocrine Pancreas. Raven Press, 1990.

9. **Mojsov S.,** Riermen A, Trotta BG, Eskeland LN, Macaulay, WB, Fitzpatrick K, Macdonald D, Rotondi K, Draper MW, Kagan N, Pomerantz A, Chandramouli N, Kubiak TA, Martin L, Kobayashi S, Jezek J, Lu GS. Remembering Bruce Merrifield – Collection of reminiscences arranged by Svetlana Mojsov. Biopolymers, 2008; 90(3):245-258.

**Patents:**

1. Habener JF**, Mojsov S**. Insulinotropic Hormone, Patent Number 5,118,666 issued June 2, 1992. Licensed from 1994 to 2012 through Massachusetts General Hospital.

2. Habener JF, **Mojsov, S.** Insulinotropic Hormone, Patent Number 5,120,712 issued June 9, 1992. Licensed from 1994 to 2012 through Massachusetts General Hospital.

3. Buckley DI, Habener JF, Mallory JB, **Mojsov S.** GLP-I analogs useful for diabetes treatment, Patent Number 5,545,618 issued August 13, 1996.

4. Habener JF, **Mojsov S.** Insulinotropic hormone GLP-1(7-36) and uses thereof, Patent Number 5,614,492 issued March 25, 1997. Licensed from 1994 to 2012 through Massachusetts General Hospital.

5. Habener JF, **Mojsov S**. Insulinotropic hormone and uses thereof, Patent Number 6,849,708 issued February 1, 2005. Licensed from 1994 to 2012 through Massachusetts General Hospital.

6. Habener JF, **Mojsov S**. Insulinotropic hormone derivatives and uses thereof, Patent Number 7,138,486 B2 issued November 21, 2006. Licensed from 1994 to 2012 through Massachusetts General Hospital.

7. **Mojsov S.,** Wei Y. Receptor for peptide hormones involved in energy homeostasis, and methods and compositions for use thereof, Patent Number 5,831,051 issued November 3, 1998. Licensed from 1999 to 2004 through the Rockefeller University.

8. **Mojsov S.**, Wei Y. Receptor for peptide hormones involved in energy homeostasis, and method and compositions for use thereof, Patent Number 5,882,899 issued March 16, 1999. Licensed from 1999 to 2004 through The Rockefeller University.

9. **Mojsov S.**, Wei Y. Receptor for peptide hormones involved in energy homeostasis. Patent Number 6,316,596 B1, issued November 13, 2001. Licensed from 2001 to 2004 through The Rockefeller University.

10. Habener JF, List JF, **Mojsov S**. The use of GLP-1, GLP-1 derivatives or GLP-1 fragments for skin regeneration, stimulation of hair growth or treatment of diabetes. US Patent application serial number 12/064, 525 recorded on July 29, 2008.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВЕ ЛИЦА ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ на 9.1.2025 година, за избор на 2 (две) лица во сите научни звања од научната област ортодонција, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје бр. 02-454/1, на 3. редовна седница одржана на 30.1.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, Катедра за ортодонција, проф. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, член, Катедра за ортодонција и проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, Катедра за ортодонција. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација и познавањето на работата на кандидатите, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 2 (две) лица во сите научни звања во научната област ортодонција, во предвидениот рок се пријавија н. сор. д-р Билјана Богдановска и н. сор. д-р Јасна Петровска.

**Н. сор. д-р Билјана Богдановска**

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката н. сор. д-р Билјана Богдановска е родена на 22.4.1969 год. во Скопје. Средно образование завршила во УСО „Никола Карев“, насока: биотехнологија, во Скопје, во 1987 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ на 21.9.1994 година, се здобила со високо образование (VII/1 степен) и се стекнала со право на стручен назив – доктор на стоматологија, со среден успех 9,03. Вработена е со двоен работен однос на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како научен соработник и на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје.

**Специјалист по ортодонција**

На Стоматолошкиот факултет, на 30.12.1998 година, го положила специјалистичкиот испит по специјалноста ортодонција и се стекнала со звањето специјалист по ортодонција.

**Магистер на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата**

Вториот циклус студии ги завршила со среден успех 9,85. Во учебната 2002/2003 година доставила пријава за изработка на магистерски труд под наслов: **Карактеристики на максиларната и мандибуларната морфологија при вертикалните неправилности**, под менторство на проф. д-р Марија Зужелова. На 18.4.2005 год. го одбранила магистерскиот труд, се здобила со научен степен (VII/2) и се стекнала со звањето магистер по стоматологија од областа ортодонција.

**Доктор на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата**

Докторската дисертација на тема: **Влијанието на вертикалните неправилности врз скелетните и мекоткивните краниофацијални структури,** на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје ја одбранила на 1.3.2016 год., пред Комисија во состав: проф. д-р Лидија Кануркова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова, проф. д-р Мира Јанкуловска, проф. д-р Златко Георгиев и проф. д-р Марија Зужелова, ментор. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматологија.

**Работно искуство**

Во 1994 год. го започнала својот работен стаж на Клиниката за ортодонција, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје како клинички лекар. Специјалистичкиот испит го положила на 30.12.1998 год. и се стекнала со звањето специјалист по ортодонција. Во 1997 год. е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје и активно учествувала во изведувањето на практичната настава. На 26.10.2005 год. е избрана за асистент. Во 2020 год. е избрана во звањето научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет – Скопје, во областа ортодонција. Вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата се објавени во Билтенот на УКИМ бр. 675, бр. 757, бр. 758, бр. 763, бр. 878, бр. 944, бр. 968, бр. 986, бр. 1010, бр. 1011, бр. 1026 и бр. 1217.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1217 од 15.6.2020 год. Во моментот е научен соработник.

Активно се служи со англискиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет – Скопје, кандидатката н. сор. д-р Билјана Богдановска изведува практична настава на прв циклус интегрирани студии на студиската програма Доктори по дентална медицина, теоретска и практична настава на специјалистички студии по областа ортодонција, теоретска и практична настава на втор циклус – магистерски студии на студиската програма Доктори по дентална медицина, практична настава на втор циклус на студии на наставна програма на забни техничари, како и теоретска настава на трет циклус – докторски студии на студиската програма Доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет. Учествува во консултации со студенти, стажанти и специјализанти во рамките на здравствената клиничка пракса.

Била ментор за изработка на студентска тема со наслов: „Фиксни ортодонтски ретејнери“ на студенти на прв циклус интегрирани студии по дентална медицина во 2024 год.

Била ментор на 5 специјализанти, а во моментов е ментор на 6 и едукатор сум на 3 специјализанти по областа ортодонција.

Кандидатката учествувала како член на комисија на 5 специјалистички испити и 1 стручен труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Активно учествувала на: курсеви и работилници, симпозиуми, семинари, стручни состаноци, домашни и меѓународни конгреси.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2(член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Автор и коавтор е на стручно-научни публикации, а од посебно значење се трудовите објавени in extenso во референтни списанија со импакт-фактор. Од последниот избор во звање, н. сор. д-р Билјана Богдановска има објавено 8 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 10 труда во зборници од научни собири.

Д-р Билјана Богдановска учествувала како член во 1 научен проект.

Била рецензент на научно-стручен труд објавен во Macedonian Dental Review.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

**Насловите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Билјана Богдановска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за ортодонција при Стоматолошкиот факултет. Врши стручна дејност како специјалист ортодонт.

Во однос на воведувањето нова лабораториска, клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството, кандидатката е во тимот кој ги примени Straight Arch Wire Technique I and II, Self – ligating техниката, апаратот за дистализирање на првите трајни молари во горната вилица – Pendulum апаратот и техника и иновации во ортодонцијата – aligners.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Стоматолошката комора на РС Македонија и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар.

Член е на: Македонската стоматолошка комора, Македонското стоматолошко друштво (МСД), Здружението на ортодонтите на Македонија (ЗОМ), Балканското стоматолошко здружение (BaSS), Балканското здружение на ортодонти специјалисти (BAOS), Светската стоматолошка асоцијација(FD)I, Светската федерација на ортодонти (WFO), Европската стоматолошка асоцијација (ERO), Европската федерација на орттодонти (FEO), делегат од Здружението во Собранието на (МСД) со мандат 14.10.2017 – 14.10.2021 год.

Има остварено стручен (студиски) престој во странство, и тоа: Istanbul University, Faculty of Dentistry, Department of Orthodontics, January 21$^{st}$-February 13$^{th}$, 2015, Истанбул, Р Турција.

За својот придонес во унапредувањето на наставната и научната дејност, добитник е на Пофалница по повод 10 години од осамостојувањето за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, Пофалница по повод 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје, за учество во работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје и Пофалница од Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод 60 години постоење.

За својот придонес во унапредувањето на наставната и научната дејност, по повод 65 години постоење на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, добитник е на Благодарница.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат на стручно-апликативната дејност и дејности од поширок интерес, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата од Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци**.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката н. сор. д-р Билјана Богдановска, во учебната 2023/2024 год., доби позитивна оценка (4,85) од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Богдановска Крсте Билјана
**Институција:** Стоматолошки факултет, Скопје, Клиника за ортодонција
**Научна област:** ортодонција

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,03.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,85.** | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **ортодонција;** поле: **медицински науки и здравство;** подрачје: **стоматологија**. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** 1.Назив на научното списание: **IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), International Organization of Scientific Reserch** 2.Назив на електронската база на списанија: **Thomson Reuters,Index Copernicus,CrossRef,Indian Citation Index** 3.Наслов на трудот: **Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers** 4.Година на објава: 2024 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**<br>1. Назив на научното списание: **Journal of Morphological Sciences**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 1 Editor in chief, Macedonia, 1 Deputy editor , Macedonia. 10 Editorial Council , 3 Editorial Office, 30 International Editorial Board (11) Macedonia, (1) Croatia, (1) Bulgarija, (3) Bosnia and Heryegovina , (2) USA, (7) Serbia, (1) Ermenia , (1) Ukraina, (1) Poland, (2) Montenegro.<br>3. Наслов на трудот: **Orthodontic approach in therapy of patients with diabetes mellitus**<br>4. Година на објава: 2022<br>2.1. Назив на научното списание: **Macedonian Dental Review**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): (1) Одговорен уредник, (1 )заменик одговорен уредник, (33) членови во уредувачкиот одбор, (4) Serbia, (9) РСМакедонија., (7) Хрватска, (1) Норвешка, (1) Турција, (1) Велика Британија, (2) Словенија , (1) САД, (6) Бугарија,(25) советодавен одбор.<br>3. Наслов на трудот: **Influence of vertical irregularities of the size of soft tissue convexity,nasolabial and labiomental angle.**<br>4. Година на објава: 2023<br>3.1. Назив на научното списание: **Macedonian Dental Reviewe**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): (1) Одговорен уредник, (1 )заменик одговорен уредник, (33) членови во уредувачкиот одбор, (4) Serbia, (9) РСМакедонија., (7) Хрватска, (1) Норвешка, (1) Турција, (1) Велика Британија, (2) Словенија , (1) САД, (6) Бугарија, (25) советодавен одбор.<br>3. Наслов на трудот: **Level of dental anxiety and stress in patients with orthodontic appliances**<br>4. Година на објава: 2023<br>4.1. Назив на научното списание: **APOLONIA**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Content(1) Tirana, Albania., (2) Pristina, R. Kosovo., (2) Zagreb, Croatia., (1) Skopje, RNMacedonia., (6) Tetovo, RNMacedonia. Counselors (27).<br>3.Наслов на трудот: **Morphological characteristics of mandibular symphysis in different types of vertical malocclusions**<br>4. Година на објава: 2023.<br>5.1.Назив на научното списание: **Macedonian Dental Review**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): (1) Одговорен уредник, (1 )заменик одговорен уредник, (33) членови во уредувачкиот одбор, (4) Serbia, (9) РСМакедонија., (7) Хрватска, (1) Норвешка, (1) Турција, (1) Велика Британија, (2) Словенија , (1) САД, (6) Бугарија, (25) советодавен одбор.<br>3.Наслов на трудот: **Cherubism / a case report**<br>**Употреба на Carriere motion III апарат**<br>4.Година на објава:2022 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.5 | **Зборник на рецензирани трудови ,презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји.**<br>1. Назив на зборникот: **Книга на апстракти**<br>2. Назив на меѓународниот собир:9thPan Albanian Dental Congres со меѓународно учество, Струга, РС Македонија<br>3. Имиња на земјите:РС Македонија, Р Косово, Албанија<br>4. Наслов на трудот: **The impact of different adhesives on patients with braces,concerning the preference of Streptococcus mutans and Streptococcus sorbinus**<br>5. Година на објава:2024<br><br>1. Назив на зборникот:**Книга на апстракти**<br>2. Назив на меѓународниот собир: 26thCongress of the BaSS со меѓународно учество, Скопје, РС Македонија<br>3. Имиња на земјите:Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Кипар, Грција, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, РС Македонија<br>4. Наслов на трудот: **Rare genetic disorder-Cherubism-case report**<br>5. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на зборникот: **Книга на апстракти**<br>2. Назив на меѓународниот собир: 9th Congress of Macedonian Dental Society со меѓународно учество, Охрид, РС Македонија<br>3.Имиња на земјите: Бугарија, Србија, Хрватска, САД, РС Македонија<br>4. Наслов на трудот: **Cherubism**<br>5. Година на објава: 2022 | да |
| 4 | Претходен избор во научно звање – научен соработник, Билтен бр. 1217 од 15.6.2020 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Билјана Крсте Богдановска**
**Институција: Стоматолошки факултет, Клиника за ортодонција – Скопје**
**Научна област: ортодонција**

**НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Прв циклус судии – студиска програма: Доктори по дентална медицина – интегрирани студии, Одржување на вежби (лабораториски,клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| **1.1** | **Ортодонција**<br>Учебни 2020/21 ,2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25 (зимски семестар)<br>0,03*2 гр*2 часа*15 нед*5 год | 9,0 |
| **1.2** | **Ортодонција**<br>Учебни 2020/21 ,2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25 (летен семестар)<br>0,03*2 гр*2 часа*15 нед*5 год | 9,0 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии (*0,05)** | |
| 2.1 | **Студиска програма од втор циклус студии: Доктори по дентална медицина**,магистерски студии<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2), 2022/23 (x2), 2023/24, 2024/25 | |
| | **Биоетика во НИР**<br>0,05*4 часа*1 сем*7 години | 1,4 |
| | **Квалитативни и квантитативни антрополошки и рендгенкраниометриски анализи на коските на глава и врат**<br>Учебна 2021/22<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | 0,25 |
| | **Ортодонтска дијагностика**<br>Учебна 2021/22<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | 0,25 |
| | **Естетика во ортодонцијата**<br>Учебна 2024/25<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | 0,25 |
| 2.2 | **Студиска програма од втор циклус студии: Доктори по дентална медицина – стручни студии**<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2), 2024/25 | |
| | **Етиолошки фактори на малоклузиите**<br>Учебна 20/21 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 21/22 (x2) 0,05*5часа*1сем*1год | 0,75 |
| | **Функционални апарати**<br>Учебна 20/21 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 21/22 (x2) 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 24/25 0,05*5часа*1сем*1год | 1,0 |
| | **Мобилни ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21 0,05*10часа*1сем*1год | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Втор циклус судии – студиска програма: Доктори по дентална медицина – стручни студии. Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| | **Етиолошки фактори на малоклузиите**<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | 2,7 |
| | **Функционални апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | 2,7 |
| | **Фиксни ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | 2,7 |
| | **Мобилни ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | 2,7 |
| 3.1 | **Втор циклус судии – студиска програма: Стручни забни техничари. Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| | **Ортодонтски апарати**<br>Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*4 часа*15 нед*1сем*3год | 5,4 |
| | **Дизајн и изработка на мобилни апарати,сплинтови,штитници и оптуратори**<br>Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*3часа*15 нед*1сем*3год | 4,05 |
| | **Современо дизајнирани фиксни апарати**<br>Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*3часа*15 нед*1сем*3год | 4,05 |
| | **Дизајн и изработка на функционални апарати**<br>Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*4 часа*15нед*1сем*3год | 5,4 |
| 4. | **Одржување на настава од трет циклус студии**<br>**Студиска програма: Доктори по дентална медицина (*0,06)** | |
| | **Ортодонтско-хируршки третман на скелетните и дентофацијалните неправилности**<br>Учебна 2021/22<br>0,06*5часа*1год | 0,3 |
| | **Ортодонтска превентива и интерцептива**<br>Учебни 2023/24, 2024/25 (x2)<br>0,06*5часа*1год<br>0,06*5часа*1год (*x2) | 0,9 |
| | **Дентална оклузија и дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб**<br>Учебна 2024/25<br>0,06*5часа*1година | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Теоретска настава за специјализанти (*0,05)**<br>Генерација 2019-2022<br>6 часа*15недели*0,05*1семестар<br>Генерација 2022-2025<br>2 часа*15недели*0,05*1семестар | 6,0 |
| | **Теоретска настава за II циклус студии: Општи гледишта на специјализацијата за специјализанти (*0,05)**<br>2022/23<br>2 часа*0,05 | 0,1 |
| | **Консултации со студенти (СЗТ) (*0,002)**<br>**Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23**<br>**40*2сем*3год*0,002** | 0,48 |
| 6. | **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка пракса (*0,2)**<br>**6*2сем*5год*0,2** | 12,0 |
| 7. | **Консултации со студенти (*0,002)**<br>80*2семестри*5години*0,002 | 1,6 |
| 8. | **Настава во школи и работилници**<br>**Учесник ( *1,0)**<br>**Учество на курсеви и работилници:**<br>1.15.05.2022, Медика Ле-Ма, Cytosial by bioxis,facial aesthetics traning,Nenad Stankovic-Srbia<br>2.17.09.2022, Охрид, Република Северна Македонија Работилница I-TOP, Индивидуален третман во оралната профилакса<br>3.14.10.2024, Tirana, Albania, Albanian aligner academy,,Straighten your path to success,,Class II mechanics for aligner treatment,Class III mechanics for aligner,Aligner and 4 minor surgeries in daily orthodontic practice.DR. CHRIS CHANG DDS,PHD<br>4.November 2024, Skopje ,RN Makedonija,ITOP – Individually Trained Oral Prophylaxis methodology for teaching efficient oral hygiene habits.Dr dent med Katerina Gavrilovic, ITOP Lecturer, Macedonia | 18,0 |
| | **Симпозиуми и семинари**<br>5.Симпозиум на Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија на Македонија – „Терапевтски модалитети за зачувување на денталното здравје во детска возраст,, 26.9.2020 год. Скопје, Македонија. Организатор: МСД.<br>6.On-line zoom congress, Second international congress for oral surgery and implantology, 2 – 3 October 2020, Macedonia, Организатор Macedonian dental society,association of oral surgery specialists, Albanian stomatological society,Albanian implantology association in Macedonia.<br>7.Онлан симпозиум на Здружението на специјалисти по ортодонција „Ран ортодонтски третман придобивка за правилна функција и естетика“, декември 2020, Скопје, Р Македонија. Организатор: МСД – Здружение на специјалисти по ортодонција.<br>8.Симпозиум „Инфективни заболувања во стоматологијата – орална манифестација и заштита“, 16.1.2021, Скопје, Р Македонија, преку платформата Microsoft Teams. Организатор: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје.<br>9.Дентал митинг онлајн симпозиум со меѓународно учество, „Инспирираме промена и поттикнуваме грижа за подобро | |

| | | |
|---|---|---|
| | орално здравје“, 20.3.2021, Скопје, Р Македонија. Организатор: Македонско стоматолошко друштво<br>10. Онлајн симпозиум со меѓународно учество, преку платформата ZOOM, „Ковид-19 и аспекти на стоматолошка етика и деонтологија“, 8.5.2021, Скопје, Р Македонија. Организатор: МСД – Здружение на специјалисти по ортодонција.<br>11. Хибрид-ZOOM Симпозиум со меѓународно учество, „Значење на раната детекција и техники на скрининг кај оралнитемалигни состојби“, 27.11.2021, Скопје, Р Македонија. Организатор: МСД – Здружение на специјалисти по болести на устата и пародонтот<br>12. Хибрид-ZOOM Симпозиум со меѓународно учество, „Современ концепт за третман на периимплантитис“, 11.12.2021, Скопје, Р Македонија. Организатор: МСД – Здружение на специјалисти по орална хирургија<br>13.Симпозиум со меѓународно учество „Стоматологијата денес“, 29.5.2022, Тетово, Р Македонија. Организатор: Стоматолошка комора на Македонија и Стоматолошко друштво на Албанците.<br>14.Симпозиум со меѓународно учество „Работата со деца – предизвик на современата стоматологија“, 4.11.2023, Скопје РС Македонија. Организатор: Македонско стоматолошко друштво, Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија.<br>**Конгреси:**<br>15.9$^{th}$Congress of Macedonian Dental Society with international participation 15$^{th}$-18$^{th}$ September 2022,Ohrid,RNMacedonia.<br>16.26$^{th}$Congress of the BaSS,11$^{th}$-14$^{th}$ 05.2023,Skopje,RNMacedonia.<br>17.28$^{th}$Bass Congress,25$^{th}$-27$^{th}$.05.2024,Budva,Montenegro.<br>18.9$^{th}$Pan Albanian Dental Congress,24$^{th}$-26$^{th}$.05.2024,Struga,RNMacedonia | |
| 9. | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (*0,3 )**<br>1.Решение бр. 02-1170/4 од 29.5.2024<br>2.Решение бр. 02-1344/4 од 13.9.2024 | 0,6 |
| 10. | **Ментор во текот на специјализација (*1,0 )**<br>1.Решение бр.08-29/2 од 8.5.2019 до 8.5.2022<br>2.Решение бр.08-196/2 од 8.5.2019 до 8.5.2022<br>3. Решение бр.08-38/2 од 13.5.2019 до 13.5.2022<br>4.Решение бр.08-510/2 од 16.1.2020 до 16.1.2023<br>5.Решение бр.08-06/2 од 17.3.2021 до 17.3.2024<br>6.Решение бр.08-94/2 од 6.12.2022<br>7.Решение бр.08-218/2 од 2.12.2022<br>8.Решение бр.08-226/2 од 6.12.2022<br>9.Решение бр.08-117/5 од 14.9.2023<br>10.Решение бр.08-113/4 од 14.9.2023<br>11.Решение бр.08-267/2 од 2.12.2022 | 11,0 |
| 11. | **Ментор и едукатор на здравствена едукација (* 0,08)**<br>1.Решение бр.09-2025/2 од 3.5.2022<br>2.Решение бр.08-112/3 од 13.9 2022<br>3.Решение бр.08-124/3 од 13.9.2023 | 0,24 |
| 12. | **Член на комисија за оцена и одбрана на стручен труд (*0,3 )**<br>1. Решение бр. 02-2479/1 од 28.9.2022 | 0,3 |
| | **Вкупно :** | 104,92 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерски труд ( *2 )**<br>1.Решение бр. 10-2048/2 од 18.10.2024 | 2,0 |
| 2. | **Учесник во национален научен проект ( *3 )**<br>1.Влијанието на формата и големината на денталните лакови врз морфолошките варијации на малоклузии кај школските деца на територија на град Скопје<br>Решение 02-624/1 од 5.2.2020 | 3,0 |
| 3.2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет,како што се:Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (*8)**<br>1.Angelovska A., Bogdanovski I., **Bogdanovska B.**, Kapusevska B., Bundevska J.Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers.IOSR – JDMS, IOSR Journal of Dental and Medical Sciences.International Organization of Scientific Research;2024, Volume:23 Issue:12 Series 2 p-ISSN:2279-0861 (IF=5,164)<br>http://hdl.handle.net/20.500.12188/32255 | 4,8+5,164 =9,964 |
| 3.3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кое учествуваат членови на најмалку три земји, при што бројот на членови на една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови (* 5 )**<br>1.Jusufi G., Petrovska J., **Bogdanovska B**.Comparing of salivary fluoride concentration during fixed orthodontic treatment.Apolonia;2021,45 -46.pg.5-13.<br>http://hdl.handle.net/20.500.12188/32245<br>2.Ichkova V., Grujoska Dimovska E., **Bogdanovska B.**, Adamova K.Orthodontic approach in therapy of patients with diabetes mellitus.Journal of Morphological Sciences;JMS 2022;5(1):187-195.<br>http://hdl.handle.net/20.500.12188/32246<br>3.Bolis – Gjurikj T., **Bogdanovska B.,** Dimovska R., Bajram M.Cherubism-a case report,употреба на carriere motion III апарат.Македонски стоматолошки преглед; 2022; 45(4):115-121,ISSN 2545 – 4757.<br>http://hdl.handle.net/20.500.12188/32248<br>4.**Bogdanovska B.**, Pop Stefanova-Trposka M., Dermaku B., Jusufi G.Influence of vertical irregularities on the size of soft tissue convexity,nasolabial and labiomental angle. Македонски стоматолошки преглед;2023;46(3):79-86,ISSN 2545 – 4757.<br>http://hdl.handle.net/20.500.12188/32249<br>5.Pop Stefanova -Trposka M., Sarakinova O., **Bogdanovska B.**Level of dental anxiety and stress in patients with orthodontic | 4,0<br>3,0<br>3,0<br>3,0<br>4,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | appliances. Македонски стоматолошки преглед;2023;46(3):95-101,ISSN 2545 – 4757. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32251<br>6.**Bogdanovska B.**, Pop Stefanova-Trposka M., Jusufi G., Bogdanovski I.Morphological characteristics of mandibular symphysis in different types of vertical malocclusions.APOLONIA;2023;52 – 53.pg.29 – 39. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32252<br>7.Pop Stefanova -Trposka M., **Bogdanovska B**., Jusufi G.A review for using cervical vertebra on cephalometric analysis in orthodontics.APOLONIA;2023;52 – 53.pg.87 – 99. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32254 | 3,0<br><br>4,0 |
| 4.1 | **Учество на научен / стручен собир со реферат**<br>**Усна презентација ( *1 )**<br>1.Bolis Gjurikj T., Dimovska R., **Bogdanovska B**. Cherubism. 9th Congress of Macedonian Dental Society with international participation , 15th – 18th September 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32265<br>2.Tereza Bolis Gjurikj ,Radmila Dimovska, Biljana Bogdanovska. Rare genetic disorder-cherubism-a case report 26th Congress of the BaSS, 11-14 May 2023, Skopje Republic of North Macedonia.OP-115 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32266 | 2,0 |
| 4.2 | **Учество на научен / стручен собир со реферат**<br>**Постер-презентација ( *0,5 )**<br>1.Daskalova B., Lazarevska B., Jusufi G., Janeva N., **Bogdanovska B**. The Influence of Different Typers of Adhesives in Presence of Streptococcus mutans and Sreptococcus sobrinus in patients with Braces. 28th BaSS Congres, April 25th-27th 2024,Budva, Montenegro. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32267<br>2.Daci A., Jusufi G., **Bogdanovska B.**, Petrovska J., Jusufi O.In vitro evaluation of root canal post space depth and quality using intra oral(IOS) compared with laboratory scanner. .9TH Pan Albanian Dental Congress, 24 - 26 May 2024, Struga, RN Macedonia http://hdl.handle.net/20.500.12188/32268<br>3. Jusufi G., Aliu A., Petrovska J., **Bogdanovska B**.Reimplantation of the impacted incisor. 9TH Pan Albanian Dental Congress, 24 - 26 May 2024, Struga, RNMacedonia http://hdl.handle.net/20.500.12188/32269<br>4. Jusufi G., Janeva N., **Bogdanovska B**.,Jusufi O.The impact of different adhesiveson patients with braces,concerning the presence of Streptococcus Mutans and Streptococcus Sorbinus, 9TH Pan Albanian Dental Congress, 24 - 26 May 2024, Struga, RNMacedonia. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32270 | 2,0 |
| 5 | **Апстракти објавени во зборник на конференција(*1)**<br>1.Bolis-Gjurikj T., Dimovska R., **Bogdanovska B**.Cherubism. Apstrakt book 9th Congress of Macedonian Dental Society with international participation. 15th – 18th September 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32265<br>2.Tereza Bolis Gjurikj ,Radmila Dimovska, **Biljana Bogdanovska**. Cherubism-case report,rare genetics disorder - 26th Congress of the BaSS, 11-14 May 2023, Skopje Republic of North Macedonia.Apstrakt book OP-115 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32266 | 6,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.Daskalova B.,Lazarevska B., Jusufi G., Janeva N., **Bogdanovska B**.Adhesives in presence of Sreptococcus Mutans and Streptococcus Sorbinus in patients with braces. 28th BaSS Congres, April 25th-27th 2024,Budva,Montenegro .Apstrakt book PP-06 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32267<br>4.Daci A.,Jusufi G.,**Bogdanovska B**.,Petrovska J.,Jusufi O.In vitro evaluation of rooth canal post space depth and quality using intra oral(IOS) compared with laboratory scanner. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024 Struga, RNMacedonia,Apstrakt book http://hdl.handle.net/20.500.12188/32268<br>5.Jusufi G.,Aliu A.,Petrovska J.,Bogdanovska B.Reimplatation of the impacted incisor. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024 Struga, RNMacedonia,Apstrakt book http://hdl.handle.net/20.500.12188/32269<br>6.Lazarevska B., Daskalova B., Jusufi G., Janeva N., Bogdanovska B., Jusufi O. The impact of different adhesiveson patients with braces,concerning the presence of Streptococcus Mutans and Streptococcus Sorbinus, 9TH Pan Albanian Dental Congress, 24 - 26 May 2024, Struga, RNMacedonia.Apstrakt book http://hdl.handle.net/20.500.12188/32270 | |
| | **Вкупно:** | 48,96 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Завршена специјализација од областа на медицинските науки и здравството ( *2 )**<br>Специјалист по ортодонција 30.12.1998 год. | |
| 2. | **Клиничка практика во соодветната област (дијагностички и тераписки процедури), прв пат во институцијата воведена процедура ( *1 )**<br>1.Straight Arch Wire Technique I and II<br>2.Self – ligating техника<br>3.Апарат за дистализирање на првите трајни молари во горната вилица – Pendulum апарат<br>4.Class II and Class III mechanics for aligners | 4,0 |
| 3. | **Учество во комисии и тела на државни институции (*1)**<br>1.Член на Македонската стоматолошка комора<br>2.Член на Македонското стоматолошко друштво (МСД)<br>3.Член на Здружението на ортодонтите на Македонија (ЗОМ)<br>4.Член на Балканското стоматолошко здружение (BaSS)<br>5.Член на Балканското здружение на ортодонти специјалисти (BAOS)<br>6.Член на Светската стоматолошка асоцијација (FDI)<br>7.Член на Светската федерација на ортодонти (WFO)<br>8.Член на Европската стоматолошка асоцијација (ERO)<br>9.Член на Европската федерација на орттодонти (FEO)<br>10.Делегат од Здружението во Собранието на МСД со мандат од 14.10.2017 – 14.10.2021 год.<br>11.Учество во Комисија при Стоматолошката комора на Македонија за полагање на стручен државен испит за | 30,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | дипломирани стоматолози – февруарска испитна сесија, 2021 год.<br>12.Учество во Комисија при Стоматолошката комора на Македонија за полагање на стручен државен испит за дипломирани стоматолози – февруарска испитна сесија, 2022 год.<br>13.Учество во Комисија при Стоматолошката комора на Македонија за полагање на стручен државен испит за дипломирани стоматолози – априлска испитна сесија, 2023 год.<br>14.Учество во Комисија при Стоматолошката комора на Македонија за полагање на стручен државен испит за дипломирани стоматолози – февруарска испитна сесија, 2024 год.<br>15.Учество во Комисија при Стоматолошката комора на Македонија за полагање на стручен државен испит за дипломирани стоматолози – декемвриска испитна сесија, 2024 год.<br>16.Претседател на Испитна комисија за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата при Стоматолошката комора на Македонија, 29.5.2024 год<br>17.Комисија за признавање на специјализации и субспецијализации за дејноста ортодонција, завршени во страна земја, формирана од Министерството за здравство на РС Македонија.<br>Решение бр. 5066/1 од 28.07.2022 x 2 кандидата<br>19.Член на Ккомисија за полагање на предиспитен завршен колоквиум по специјалноста ортодонција<br>20.Решение бр. 08-43/2 од 30.9.2022<br>21.Решение бр. 08-11/1 од 13.1.2023<br>22.Решение бр. 08- 55/2 од 1.3.2023<br>23.Решение бр. 08-168/2 од 1.11.2023<br>24.Решение бр. 2005-61/7 од 14.2.2022, ГДУ – Штип<br>25.Член на комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција<br>26. Решение бр. 08-43/3 од 6.10.2022<br>27.Решение бр. 08-11/2 од 25.1.2023<br>28.Решение бр. 08-55/3 од 6.3.2023<br>29.Решение бр. 08- 168/9 од 9.11.2023<br>30.Решение бр. 2005-61/7 од 14.2.2022 ГДУ – Штип<br>31.Комисија за попис за основни средства и ситен инвентар на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон“ во Скопје, 2020/2021. | |
| 4. | **Награда за научни постигнувања од струкова организација(*3 )**<br>1.Благодарница за придонес во развојот и афирмацијата на Стоматолошкиот факултет во Скопје, по повод 65 години постоење на Стоматолошкиот факултет при УКИМ | 3,0 |
| | **Вкупно:** | 37,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **104,92** |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **48,96** |
| | **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37,0** |
| | **ВКУПНО:** | **190,88** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, с.р.**

**Н. сор. д-р Јасна Петровска**

## 3 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката н. сор. д-р Јасна Петровска е родена на 30.1.1972, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во УСО „Никола Карев”, на 10.6.1990. Со високо образование се стекнала на УКИМ, Стоматолошки факултет во Скопје, во 1996 година. Дипломирала на 29.3.1996 година, со просечен успех 9,71, како најдобар студент на генерацијата. На 25.5.2001 година се стекнала со стручен назив – специјалист по ортодонција.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

На трет циклус студии се запишала во февруари 2012 година. Докторска дисертација пријавила на 19.5.2016 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Дијагностичко-прогностички можности на ортопантомограмот во детерминирање на положбата на импактираните максиларни канини” ја одбранила на 30.3.2018 година, со просек 9,85, пред Комисија во состав: проф. д-р Л. Кануркова, проф. д-р М. Зужелова, проф. д-р Ј. Ѓоргова, проф. д-р Б. Величковски и проф. д-р М. Сејдини. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област ортодонција.

На 24.3.2010 година е избрана во звањето асистент на Стоматолошкиот факултет во областа ортодонција.

На 16.7.2020 година е избрана во звањето научен соработник на Стоматолошкиот факултет во областа ортодонција.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1217 од 15.6.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 762, бр. 891, бр. 986, бр. 1043, бр. 1162 и бр. 1217, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, кандидатката н. сор. д-р Јасна Петровска изведува вежби Ортодонција, на прв циклус студии на студиската програма Доктори по дентална медицина и на стручни забни техничари, во периодот од 2004 до 2025 година. Исто така, учествува во наставата на втор циклус – специјалистички студии за доктори по дентална медицина од 2020 до 2025 година, потоа и на втор циклус – магистерски студии за доктори по дентална медицина од 2020 до 2025 година и на трет циклус студии за доктори по дентална медицина од 2020 до 2025 година. Ментор и едукатор е на специјализанти од областа ортодонција.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Научен соработник д-р Јасна Петровска има објавено вкупно 13 (тринаесет) научни трудови од стоматолошката област (ортодонција) во меѓународни научни списанија и 61 труд во зборници од меѓународни научни собири. Трудовите од број 1 до 6 се рецензирани во Билтен бр. 762, од 7 до 10, во Билтен бр. 891, од 11 до 21, во Билтен бр. 986, 22 во Билтен бр. 1043, од 23 до 26, во Билтен бр. 1162 и од 27 до 45 во Билтен бр. 1217.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Н. сор. д-р Јасна Петровска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за ортодонција, Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје. Врши стручна подготовка како специјалист ортодонт. Специјалист е во областа ортодонција од 25.5.2001 година. Во институцијата Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон”, Клиника за ортодонција, воведува употреба на апарат за семирапидна експанзија, воведува основи за примена на ортодонтски мини-импланти и учествува во развојот на концептот на самолигирачките брекети.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство, и тоа: Комисија за доделување на лиценца за вршење на здравствена дејност ортодонција на ниво на секундарна здравствена заштита во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија и Комисија за признавање на странска специјализација од областа ортодонција.

Н. сор. д-р Јасна Петровска активно е вклучена во работата на комисии на УКИМ, и тоа: Конкурсна комисија на УКИМ, Стоматолошки факултет во Скопје, за запишување на студенти на прв циклус студии.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката н. сор. д-р Јасна Петровска доби позитивна оценка (5) за летниот семестар 2023/2024 година и позитивна оценка (4,97) за зимскиот семестар 2024/2025 година од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Јасна Георги Петровска
**Институција:**
УКИМ, Стоматолошки факултет, Скопје
**Научна област:** ортодонција

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,71. Просечниот успех на трет циклус изнесува: 9,85. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: ортодонција; поле: стоматологија; подрачје: медицински науки и здравство. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Apolonia Journal of Dentistry<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 члена, 2 – Австрија, 1 – Швајцарија, 3 – Хрватска, 1 – Германија, 9 – Македонија, 2 – Турција, 5 – Италија, 1 – БИХ, 11 – Албанија, 3 – Косово.<br>3. Назив на електронската база на списанија: Index Copernicus, EBSCO<br>4 Наслов на трудот: Comparing of Salivary fluoride concentration during fixed orthodontic treatment<br>5. Година на објава: 2021<br>1. Назив на научното списание: Journal of Dental and Medical Sciences<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 4 члена, 1 Албанија, 3 Индија, 1 Сирија, 1 Непал<br>3. Назив на електронската база на списанија: PUBMed<br>4. Наслов на трудот: Extraoral Orthopedic Appliances-Headgear, Face Mask and Chin Cup – A review Article<br>5. Година на објава: 2023 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Acta Medica Medianae<br>2. Назив на електронската база на списанија: Index Copernicus, DOAJ, Ebsco, SCIIndex CEON Database.<br>3. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 34 члена, Србија – 22, САД – 3, Франција – 1, Белика Британија – 1, Египет – 1, Израел – 1, Јапонија – 1, Казахстан – 1, Бугарија – 1, Македонија – 1, Турција – 1.<br>4. Наслов на трудот: A 36- year- old female patient treated with an occlusal splint: A case report<br>5. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCIndex, DOAJ, EBSCO, SCOPUS<br>3. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 31 члена, Србија 15, САД 3, Јапонија 1, Бугарија 1, Германија 3, Шведска 2, Грција 1, Хрватска 2, Канада 1, Италија 2,<br>4. Наслов на трудот: Usage of Delaire Facemask for Treatment of Class III Malocclusion<br>5. Година на објава: 2024<br><br>1. Назив на научното списание: Apolonia Journal of Dentistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Index Copernicus, EBSCO<br>3. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 члена, 2 – Австрија, 1 – Швајцарија, 3 – Хрватска, 1 – Германија, 9 – Македонија, 2 – Турција, 5 – Италија, 1 – БИХ, 11 – Албанија, 3 – Косово<br>4. Наслов на трудот: Twin-block in Orthodontics – indications, advantages and limitations<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: Македонски стоматолошки преглед<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 33 члена, Македонија – 9, Хрватска – 7, Турција – 1, Србија – 4, Бугарија – 6, САД – 1, Словенија – 2, Норвешка – 1, Велика Британија – 2.<br>3. Наслов на трудот: Употреба на Carriere Motion III Апарат (CM3), во третман на скелетна малоклузија класа III кај пациенти со минимален раст – приказ на случај<br>4. Година на објава: 2022 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – научен соработник, датум и број на Билтен: 15.6.2020, бр. 1217 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јасна Георги Петровска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: УКИМ, Стоматолошки факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ортодонција**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: Одржување на настава | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Прв циклус судии – студиска програма: Доктори по дентална медицина – интегрирани студии, Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| **1.1** | **Ортодонција**<br>Учебни 2020/21 ,2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25 (зимски семестар)<br>0,03*2 гр*2 часа*15 нед*5 год | **9,0** |
| **1.2** | **Ортодонција**<br>Учебни 2020/21 ,2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25 (летен семестар)<br>0,03*2 гр*2 часа*15 нед*5 год | **9,0** |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии (*0,05)** | |
| 2.1 | **Студиска програма втор циклус на студии: Доктори по дентална медицина**, магистерски студии<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2), 2022/23 (x2), 2023/24, 2024/25 | |
| | **Биоетика во НИР**<br>0,05*4 часа*1 сем*7 години | **1,4** |
| | **Ортодонтска оклузија и артикулација**<br>Учебна 2021/22<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | **0,25** |
| | **Орофацијална генетика**<br>Учебна 2021/22<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | **0,25** |
| | **Адултна ортодонција**<br>Учебна 2024/25<br>0,05*5 часа*1 сем*1 год | **0,25** |
| 2.2 | **Студиска програма втор циклус на студии:Доктори по дентална медицина – стручни студии**<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2), 2024/25 | |
| | **Етиолошки фактори на малоклузиите**<br>Учебна 20/21 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 21/22 (x2) 0,05*5часа*1сем*1год | **0,75** |
| | **Функционални апарати**<br>Учебна 20/21 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 21/22 (x2) 0,05*5часа*1сем*1год<br>Учебна 24/25 0,05*5часа*1сем*1год | **1,0** |
| | **Мобилни ортодонтски апарати** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Учебна 2020/21 0,05*10часа*1сем*1год | **0,5** |
| 3. | **Втор циклус судии – студиска програма: Доктори по дентална медицина – стручни студии. Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| | **Етиолошки фактори на малоклузиите**<br>Учебни 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | **2,7** |
| | **Функционални апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | **2,7** |
| | **Фиксни ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22 (x2)<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | **2,7** |
| | **Мобилни ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год<br>0,03*1 група*2 часа*15 нед*1год (x2) | **2,7** |
| 4. | **Втор циклус судии – студиска програма: Стручни забни техничари. Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (*0,03)** | |
| | **Ортодонтски апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*4 часа*15 нед*1сем*3год | **5,4** |
| | **Дизајн и изработка на мобилни апарати, сплинтови, штитници и оптуратори**<br>Учебна 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*3часа*15 нед*1сем*3год | **4,05** |
| | **Современо дизајнирани фиксни апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*3часа*15 нед*1сем*3год | **4,05** |
| | **Дизајн и изработка на функционални апарати**<br>Учебна 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>0,03*4 часа*15нед*1сем*3год | **5,4** |
| 5. | **Одржување на настава од трет циклус на студии Студиска програма:Доктори по дентална медицина (*0,06)** | |
| | **Ортодонтско-хируршки третман на скелетните и дентофацијалните неправилности**<br>Учебна 2021/22<br>0,06*5часа*1год | **0,3** |
| | **Биоматеријали во ортодонција**<br>Учебна 2021/22<br>0,06*5часа*1год | **0,3** |
| | **Рендгенкефалометриска дијагностика**<br>Учебна 2021/22<br>0,06*5часа*1год | **0,3** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Ортодонтска превентива и интерцептива**<br>Учебна 2023/24, 2024/25 (x2)<br>0,06*5часа*1год<br>0,06*5часа*1год (*x2) | **0,9** |
| | **Дентална оклузија и дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб**<br>Учебна 2024/25<br>0,06*5часа*1година | **0,3** |
| 6. | **Теоретска настава за специјализанти (*0,05)**<br>Генерација 2019-2022<br>6часа*15недели*0,05*1семестар<br>Генерација 2022-2025<br>2часа*15недели*0,05*1семестар | **6,0** |
| 7. | **Консултации со студенти (*0,002)**<br>80*2семестри*5години*0,002 | **1,6** |
| 8. | **Теоретска настава за втор циклус студии**<br>**Општи гледишта на специјализацијата за специјализанти (0,05)**<br>Учебна 2022/2023<br>2 часа x 0,05 | **0,1** |
| 8. | **Консултации со студенти - СЗТ (0,002)**<br>Учебна 2020/21, 2021/22, 2022/23<br>40 x 2 семестра x 3 години x 0,02 | **0,48** |
| 9. | **Консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка пракса (0,2)**<br>6 x 2 семестра x 5 години x 0,2 | **12** |
| **2.** | Настава во школи и работилници<br>Учесник ( *1) | |
| | Учесник на симпозиуми:<br>1. Симпозиум „Навремена и правилна ортодонтска дијагноза-императив за успешен третман”, МСД, Скопје, 19.9.2020<br>2. Симпозиум „Терапевтски модалитети за зачувување на денталното здравје во детската возраст”, МСД, Скопје, 26.9.2020<br>3. Симпозиум со меѓународно учество „Примена на дигиталната технологија во стоматолошката протетика” МСД, Скопје, 13.3.2021<br>4. Симпозиум „Инфективни заболувања во стоматологијата – орална манифестација и заштита”, УКИМ, Стоматолошки факултет, Скопје, 16.1.2021<br>5. Петти симпозиум на Српското ортодонтско друштво со меѓународно учество, Белград, 28.11.2021<br>6. BaSS Симпозиум “Balkan Dentists Working Abroad”, Солун, 22.5.2021<br>7. Симпозиум со меѓународно учество „Пристап во современите протетички конструкции”, МСД, Скопје, 2.10.2021<br>8. Трети интернационален симпозиум на ортодонти на Албанија, SHOSH, Тирана, 6 – 8.10.2022<br>9. Симпозиум со меѓународно учество „Ден на современа стоматологија”, Факултет за дентална медицина при Меѓународниот балкански универзитет, Скопје, 17.11.2024 | **32** |

| | | |
|---|---|---|
| | Учесник на семинари:<br>1.iTOP Ортосеминар, Curadent academy, Скопје, ноември, 2024<br>2. Семинар “Future concepts in orthodontics”, European Orthodontic society, 11-18.03.2021<br>3. Семинар “All around Orthodontics- periodontology, TMJ disorders and unwanted side effects”, European Orthodontic Society, 8-22.10.2021<br>4. Семинар “Contemporary concepts of Class II treatment and an update on force measurements during orthodontics”, European orthodontic society,12-28.11.2021<br>5. Семинар “Clinical sessions”, European orthodontic Society, 2021<br>6. Семинар “Obstructive sleep apnea: comorbidities, patient screening and treatment with oral appliances”. European Orthodontic Society, 28.01-13.02.2022<br><br>Учесник на курсеви:<br>1. One day training on Invisible Orthodontics: “Straighten your path to success”, Dr. Chris Chang DDS, PHD Tirana, Albania, 14.10.2024<br>2.“Biomechanics and Esthetic Based Orthodontic Treatment Strategies” Dr Ravindra Nanda BDS, MDS, PhD Belgrade, Serbia, 8$^{th}$ May 2023.<br><br>Работилници:<br>-раководител (1,5)<br>1. Работилница „Импактирани максиларни канини, одредување на положба, прогноза и можни компликации”, Стоматолошки факултет, Скопје, 13.11.2020<br><br>2. Работилница „Кефалометриски иситувања кај пациенти со Sleep apnea”, Стоматолошки факултет, Скопје, 18.12.2021<br><br>Учесник на конгреси:<br>1. Online Congress of the European Orthodontic Society, hosted by the President Dr. Christos Laspos, 2-3.07.2021<br>2. 24$^{th}$ Congress of the Greek Orthodontic Society and Orthodontic Society of the Northern Greece with the participation of the Hellenic professional union of orthodontists, Thessaloniki, Greece, 4-5.12.2021<br>3. 5$^{th}$ Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists, Belgrade, Serbia, 25-27.11.2021<br>4. 25$^{th}$ BaSS Congress, Sarajevo, BiH,19-21.05.2022<br>5. 6$^{th}$ Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists, Tirana, Albania, 6-8.10.2022<br>6. 26$^{th}$ Congress of the BaSS, Skopje,Macedonia, 11-14.05.2023<br>7. 27$^{th}$ Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye, 9-11-11.2023.<br>8. 26$^{th}$ Congress of the Greek Orthodontic Society and the Orthodontic Society of Northern Greece, Thessaloniki, Greece,1-3.12.2023<br>9. 98$^{th}$ Congress of the European Orthodontic Society, Oslo, Norway, 11-15.06.2023 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. 28th BaSS Congress, Budva, Montenegro, 25-27.04.2024<br>11. 27th National Congress of the Greek Orthodontic Society and Orthodontic Society of Northern Greece with co-organization of the Cyprus Orthodontic Society and the participation of the Hellenic Professional Union of Orthodontists, Athens, Greece, 30.11-1.12.2024<br>12. 9th Pan Albanian Dental Congress, Struga, Macedonia, 24-26.05.2024 | |
| **3.** | **Ментор во текот на специјализација (1)**<br>1. Решение бр. 08-163/2 од 6.5.2019 до 6.5.2022<br>2. Решение бр. 08-118/2 од 2.5.2019 до 2.5.2022<br>3. Решение бр. 08-109/2 од 6.5.2019 до 6.5.2022<br>4. Решение бр. 08-574/2 од 4.3.2020 до 4.3.2023<br>5. Решение бр. 08-305/4 од 15.12.2022<br>6. Решение бр. 08-144/4 од 15.12.2022<br>7. Решение бр. 08-70/4 од 15.12.2022<br>8. Решение бр. 08-4/3 од 28.2.2022<br>9. Решение бр. 08-186/4 од 15.12.2023<br>10. Решение бр. 08-151/3 од 15.9.2023 | **10** |
| **4.** | Член на комисија за оцена и одбрана на стручен труд (0,3)<br>1. Решение бр. 02-3515/2, на 24.11.2023 | **0,3** |
| | **Вкупно** | **116,68** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | 1. Учесник во национален научен проект (3)<br>„Влијание на формата и големината на денталните лакови врз морфолошките варијации на малоклузии кај школски деца на територија на град Скопје”, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, Република Северна Македонија. Решение 02-624/1, од 5.2.2020. | **3** |
| 2 | 2.1. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на инернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematic и Реферативни журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. (5)<br>1. Jusufi G., **Petrovska J.**, Bogdanovska B., Jusufi O., Jahja U., Jahja I.L., Jankulovska M. Comparing of salivatory fluoride concentration during fixed orthodontic treatment. Apolonia Journal of Dentistry. 2021;45-46:5-13. ISSN 1409-8768, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32644<br>2. Volcheski F., **Petrovska J.**, Aleksova Noveska E.,Osmani V. A 36-year-old female patient treated with an occlusal splint: a case report. Acta Medica Medianae. 2023,Vol.62(3):xx-xx., ISSN 0365-4478, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32645 | **29,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.Terzieva-Petrovska O., **Petrovska J**., Velkoska-Kukuneshoska G., Petrovski M. Twin-block in Orthodontics-indications, advantages and limitations. Apolonia Journal of Dentistry. 2023;52-53:78-86. ISSN 1409-8768, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32646<br>**4.Petrovska J.,** Petrovski S., Jusufi G., Petrovski D. New concepts in Aligner therapy. Apolonia Journal of Dentistry. 2024;56-57, 141-150. ISSN 1409-8768, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32647<br>**5.Petrovska J**., Petrovski S., Jusufi G., Petrovski D. Understanding the process of orthodontic relapse. Apolonia Journal of Dentistry. 2024,56-57, 164-172. ISSN 1409-8768, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32648<br>1.2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет како што се: Epsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.(8)<br>1. Terzieva Petrovska O., Petrovski M., **Petrovska J.** Usage of Delaire facemask for treatment of class III malocclusion. Acta Stomatologica Naissi. 2024 Vol.40; 2814-2822. ISS 89, (и.ф.=0,07) http://hdl.handle.net/20.500.12188/32649<br>2. Vasileva G., Volcheski F., Petrovska J., Endjekcheva S. Extraoral Orthopedic Appliances – Headgear, Face Mask and Chin Cup –A Review Article. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences. 2023, Volume 22; Issue 3, Ser.4, 01-06. ISSN:2279-0861., (и.ф.=5,164) http://hdl.handle.net/20.500.12188/32650<br>2.3. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.(5)<br>1.Veleska Nacevska A., Tasevska Gjorgievska A., Maneva Ristovska M**., Petrovska J**., Andonova E. Use of Carriere motion class III appliance (CM3) in the treatment of skeletal malocclusion class III in minimally growing patients- case report. Македонски стоматолошки преглед. 2022;45(3):103-114. ISSN 2545-4757, http://hdl.handle.net/20.500.12188/32651 | |
| 3 | Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (3)<br>1. **Petrovska J**., Localizing impacted canines. 9$^{th}$ Pan Albanian Dental Congress Struga, 24-26 May, 2024 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32934<br>2. **Petrovska J.,** Impacted teeth, diagnosis and treatment. Прв симпозиум со меѓународно | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | учество, Факултет за дентална медицина при Меѓународниот балкански универзитет, Скопје, 17.11.2024 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32935 | |
| 4 | Активно учество на научен/стручен собир со реферат -усна презентација (1)<br>1. **Petrovska J**.,Petrovski D.,Petrovski S. CBCT versus OPG in localizing impacted canines- when and why. 25th Congress of Balkan Stomatological Society, Sarajevo, BiH, 19-21.05.2022. Abstract book, OP-10 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32936<br>**2. Petrovska J**.,Mitic K., Kanurkova L., Petrovski D. Effects of vitamin C and E on tooth movement.26th Congress of the BaSS, Skopje, Macedonia, 11-14.05.2023. Abstract book, OP-121 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32937<br>3. Petrovski S., Apostolova G., **Petrovska J**. Stress levels in students from 4th and 5th year Dental University, during oral surgery practice. 27th Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye, 9-11.11.2023. Abstract book, OP-058. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32938<br>4. **Petrovska J**., Petrovski D., Petrovski S., Jusufi G. Understanding the Process of Orthodontic Relapse. 28th BaSS Congress, Budva, Montenegro, 25-27.04.2024. Abstract book, OP-61 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32939<br>5. Petrovski S., **Petrovska J**., Petrovski D. Detecting White Spot Lesions During Orthodontic Treatment. 28th BaSS Congress, Budva, Montenegro, 25-27.04.2024. Abstract book, OP-62 http://hdl.handle.net/20.500.12188/32940 | **5** |
| 5 | Активно учество на научен/стручен собир со реферат – постер (0,5)<br>1. Petrovski D., **Petrovska J**., Petrovski S. Pre-prosthetic orthodontic treatment in deep bite cases. 25th BaSS Congress, Sarajevo, BiH,19-21.05.2022. Abstract book, PP-10. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32941<br>2. Flamur Havziji, Kanurkova L**., Petrovska J**., Osmani V., Havziji Zeqir., Jahja A. Management of congenitally missing maxillary lateral incisors; orthodontics-implanto-prosthetics. 26th Congess of the BaSS, Skopje, Macedonia, 11-14.05.2023. Abstract book, PP-11. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32942<br>3. **Petrovska J.,** Jusufi G., Petrovski S. Petrovski D. A practitioner’s perspective to the Orthodontic fixed appliance therapy. 27th Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye. 9-11.11.2023. Abstract book, P-41. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32943<br>4. **Petrovska J.,** Petrovski D. Impacted canine associated root resorption in orthodontic patients. 98thAnnual Congress of the European Orthodontic | **5,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | Society, Oslo, Norway,11-15.06.2023. Abstract book, P-131. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32944<br>5. **Petrovska J**., Petrovski D. OPG versus CBCT in localizing impacted maxillary canines. 98th Annual Congress of the European Orthodontic Society, Oslo, Norway, 11-15.06.2023. Abstract book, P-132. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32945<br>6. Osmani V., Muratovska I., Trpevska V**., Petrovska J.,** Jusufi G. Difference in the development of the second molars between the left and right sides of the maxilla. 8th Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists (BAOS), Limassol, Cyprus, 15-16 November, 2024. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32946<br>7. Muratovska I., Osmani V., Trpevska V., **Petrovska J.,** Jusufi G. Enamel consequences as a result of adhesive residues from orthodontic brackets. 8th Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists (BAOS), Limassol, Cyprus, 15-16 November, 2024. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32947<br>8. Kanurkova L., Havziu F**., Petrovska J**., Osmani V., Jahja A.., Havziu Z. Orthodontic and implantology: an interdisciplinary treatment tooth agenesis 41. 2nd International Dental Congress Prishtina Dental Weekend 2023. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32948<br>9. Jusufi O., Aliu A., Jusufi G., **Petrovska J**., Bogdanovska B., Lazarevska B. Reimplantation of the impacted incisor. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32269<br>10. Saliu A., Murtezani J., Jusufi O**., Petrovska J**., Jusufi G. Fixed prosthetic rehabilitation over implants and determination of inter-jaw relations and teeth position in dental arches with the help of bite templates- case report. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32949<br>11. Daci A., Jusufi G., Bogdanovska B., **Petrovska J.**, Jusufi O. In-vitro evaluation of root canal post space depth and quality using intraoral (IOS) compared with laboratory scanner. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32268 | |
| 6 | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>**- меѓународна ( 1 ):**<br><br>1. **Petrovska J.,**Petrovski D.,Petrovski S. CBCT versus OPG in localizing impacted canines- when and why. 25th Congress of Balkan Stomatological Society, Sarajevo, BiH, 19-21.05.2022. Abstract book, OP-10. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32936 | **16** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. **Petrovska J**.,Mitic K., Kanurkova L., Petrovski D. Effects of vitamin C and E on tooth movement.26th Congress of the BaSS, Skopje, Macedonia, 11-14.05.2023. Abstract book, OP-121. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32937<br>3. Petrovski S., Apostolova G., **Petrovska J.** Stress levels in students from 4th and 5th year Dental University, during oral surgery practice. 27th Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye, 9-11.11.2023. Abstract book, OP-058. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32938<br>4. **Petrovska J**., Petrovski D., Petrovski S., Jusufi G. Understanding the Process of Orthodontic Relapse. 28th BaSS Congress, Budva, Montenegro, 25-27.04.2024. Abstract book, OP-61. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32939<br>5. Petrovski S., **Petrovska J.,** Petrovski D. Detecting White Spot Lesions During Orthodontic Treatment. 28th BaSS Congress, Budva, Montenegro, 25-27.04.2024. Abstract book, OP-62. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32940<br>6. Petrovski D., **Petrovska J.,** Petrovski S. Pre-prosthetic orthodontic treatment in deep bite cases. 25th BaSS Congress, Sarajevo, BiH,19-21.05.2022. Abstract book, PP-10. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32941<br>7. Flamur Havziji, Kanurkova L., **Petrovska J.,** Osmani V., Havziji Zeqir., Jahja A. Management of congenitally missing maxillary lateral incisors; orthodontics-implanto-prosthetics. 26th Congess of the BaSS, Skopje, Macedonia, 11-14.05.2023. Abstract book, PP-11. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32942<br>8. **Petrovska J.,** Jusufi G.,Petrovski S.,Petrovski D. A practitioner's perspective to the Othodontic fixed appliance therapy. 27th Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, Turkiye. 9-11.11.2023. Abstract book, P-41. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32943<br>9. **Petrovska J.,** Petrovski D. Impacted canine associated root resorption in orthodontic patients. 98thAnnual Congress of the European Orthodontic Society, Oslo, Norway,11-15.06.2023. Abstract book, P-131 .http://hdl.handle.net/20.500.12188/32944<br>10. **Petrovska J.,** Petrovski D. OPG versus CBCT in localizing impacted maxillary canines. 98th Annual Congress of the European Orthodontic Society, Oslo, Norway, 11-15.06.2023. Abstract book, P-132. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32945<br>11. **Petrovska J.** Localizing impacted canines. 9th Pan Albanian Dental Congress Struga, 24-26 May, 2024. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32934<br>12. Jusufi O., Aliu A., Jusufi G**., Petrovska J**., Bogdanovska B., Lazarevska B. Reimplantation of the impacted incisor. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32269 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 13. Saliu A., Murtezani J., Jusufi O., **Petrovska J**., Jusufi G. Fixed prosthetic rehabilitation over implants and determination of inter-jaw relations and teeth position in dental arches with the help of bite templates- case report. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32949<br>14. Daci A., Jusufi G., Bogdanovska B., **Petrovska J**., Jusufi O. In-vitro evaluation of root canal post space depth and quality using intraoral (IOS) compared with laboratory scanner. 9th Pan Albanian Dental Congress, 24-26 May 2024, Struga. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32268<br>15. Osmani V., Muratovska I., Trpevska V., **Petrovska J.,** Jusufi G. Difference in the development of the second molars between the left and right sides of the maxilla. 8th Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists (BAOS), Limassol, Cyprus, 15-16 November, 2024. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32946<br>16. Muratovska I., Osmani V., Trpevska V., **Petrovska J**., Jusufi G. Enamel consequences as a result of adhesive residues from orthodontic brackets. 8th Congress of the Balkan Association of Orthodontic Specialists (BAOS), Limassol, Cyprus, 15-16 November, 2024. http://hdl.handle.net/20.500.12188/32947 | |
| | **Вкупно** | **64,7** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството (2)<br>Специјалист по ортодонција, 25.5.2001 | |
| 2 | Клиничка практика во соодветната област (дијагностички и тераписки процедури)<br>-прв пат во институцијата воведна процедура (1)<br>1. Употреба на апарат за семи-рапидна експанзија<br>2. Терапија со сплинт кај темпоромандибуларни дисфункции<br>3. Воведување на основи за примена на Tad’s<br>4. Употреба на нов концепт за лингвална техника | **4** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (0,5)<br><br>1. Член во работно претседателство на сесија на 28. Интернационален стоматолошки студентски конгрес и 3. Летна школа во Охрид, 27 – 29.5.2022<br>2. Претседавач на сесија на 9th Pan Albanian Dental Congress, 24 – 26.5.2024, Струга, Македонија | **1** |
| 2 | Награда за научни постигнувања од струкова организација<br>-самостоен (3)<br>1. Благодарница за придонес во развојот и афирмацијата на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Стоматолошки факултет, Скопје. | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Учество во комисии и тела на државни и други органи (1)<br>1. Претседател на Комисија за расходување на основни средства , ситен инвентар и материјали (Одлука бр. 02-1716/9 од 2.12.2020)<br>2.Претседател на Комисија за расходување на основни средства, ситен инвентар и материјали (Одлука бр. 02-2111/4 од 11.11.2021)<br>3.Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-498/1, 15.1.2020, Општина Центар, Кисела Вода, Чаир и Ѓорче Петров)<br>4. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-8877/1, 16.12.2020, Кочани и Пробиштип)<br>5. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-9050/1, 23.12.2020, Свети Николе и Струмица)<br>6. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-26/1, 9.2.2021, Куманово)<br>7. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-1832/1, 24.2.2021, Кавадарци)<br>8. Стручно лице во комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-26/1, 21.1.2021, Охрид и Струга)<br>9. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-252/1, 5.1.2024, Штип)<br>10. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр. 17-808/54, 30.4.2024, Тетово)<br>11. Стручно лице во Комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр.17-808/50, 30.4.2024, Велес)<br>12. Стручно лице во комисијата за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност ортодонција, во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија (Одлука бр.17-808/49, 30.4.2024, Општина Аеродром, Скопје)<br>13. Комисија за признавање на странска специјализација од областа на ортодонција (Одлука бр. 10-5066/1, 28.7.2020) (2 кандидата).<br>14. Член на EOS<br>15. Член на OUS<br>16. Член на BaSS | **29** |

| | | |
|---|---|---|
| | 17. Член на BAOS<br>18. Член на WFO<br>19. Член на Стоматолошка комора на Македонија<br>20. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција.<br>Пријава бр. 08-172/9, на 10.12.2022<br>21. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција.<br>Пријава бр. 08-72/3, на 6.4.2023<br>22. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција.<br>Пријава бр. 08-12/2, на 23.1.2023<br>23. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција.<br>Пријава бр. 08-160/3, на 26.10.2023<br>24. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста ортодонција.<br>Пријава бр. 08-69/3, на 31.12.2024<br>25. Член на комисија за полагање на предиспитен завршен колоквиум по специјалноста ортодонција (5)<br>Решение бр. 08-172/2, на 12.12.2022<br>Решение бр. 08-72/2, на 27.8.2023<br>Решение бр. 08-12/1, на 13.1.2023<br>Решение бр. 08-160/2, на 16.10.2023<br>Решение бр. 08-69/2, на 31.12.2024 | |
| | **Вкупно** | **37** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **116,68** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **64,7** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37** |
| **Вкупно** | **218,38** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на н. сор. д-р Билјана Богдановска и н. сор. д-р Јасна Петровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека н. сор. д-р Билјана Богдановска и н. сор. д-р Јасна Петровска поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето виш научен соработник во научната област ортодонција.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, н. сор. д-р Билјана Богдановска и н. сор. д-р Јасна Петровска да бидат избрани во звањето **виш научен соработник** во научната област ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Кануркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Арта Аслани Беќири | Протетичка рехабилитација со индивидуално дизајнирани оклузални сплинтови кај пациенти со дијагностициран ноќен бруксизам | Prosthetic rehabilitation with individually designed occlusal splints with diagnosed night bruxism | Проф.д-р Билјана Капушевска | 24.3.2025 02-464/3 |

# П Р Е Г Л Е Д

**На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 24. 3. 2025 година**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата – на македонски јазик | Назив на темата – на англиски јазик | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Д-р Хусние Емини** | „Употреба на стабилизациски сплинтови при терапија на миозитис”. | „ Use of stabilization splints in the treatment of myositis”. | Проф. д-р Билјана Капушевска | бр. 02-567/2 од 24. 3. 2025 |
| 2 | **Д-р Мартина Анастасо-вска** | „Евалуација на оксидативниот стрес преку саливарните биомаркери: fras, mda и sod кај пациенти со орален планоцелуларен карцином (oscc) пред и по хируршки третман и по радиотерапија на главата и вратот”. | „ Evaluation of oxidative stress through salivary biomarkers: fras, mda, and sod in patients with oral squamous cell carcinoma (oscc) before and after surgical treatment and after head and neck radiotherapy”. | Проф. д-р Даница Поповиќ Моневска<br><br>Коментор: Проф. д-р Ќиро Ивановски | бр. 02-589/2 од 24. 3. 2025 |
| 3 | **Д-р Захра Амза** | „Аналгетска ефикасност на артикаин во комбинација со дексаметазон при орално-хируршки интервенции на импактирани долни трети молари”. | „ The analgesic efficacy of articaine in combination with dexamethasone in oral surgical interventions of impacted lower third molars”. | Научен соработник д-р Билјана Евросимовск а | бр. 02-616/2 од 24. 3. 2025 |
| 4 | **Д-р Надежда Живковиќ** | „Влијанието на алфа липоичната киселина врз оксидативниот стрес при хируршка екстракција на импактирани мандибуларни трети молари”. | „ The effect of alpha lipoic acid on oxidative stress during surgical extraction of impacted mandibular third molars”. | Проф. д-р Гордана Апостолова | бр. 02-620/2 од 24. 3. 2025 |

До Наставно научниот совет и
Деканот на Стоматолошки факултет и до Ректорот на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# П Р И Г О В О Р

**на референтот за избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје објавен во Билтен на УКИМ бр. 1326 од 15.03.2025 година**

Почитувани,

Во Билтенот на УКИМ бр.1326 од 15.3.2025 во делот на Стоматолошкиот факултет во Скопје објавен е Реферат за избор на две лица од Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сашо Еленчевски, проф. д-р Сања Панчевска,и проф. д-р Наташа Ставрева, сите професори на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19.11.2024 година наведено е дека се рапишува конкурс за избор на **три лица** во сите научни звања во научната област Стоматолошка протетика.

На конкурсот во предвидениот рок се пријавиле пет кандидати и тоа: н. сор. д-р Марјан Петков, н. сор. д-р Весна Јуруковска Шотаровска, н. сор. д-р Надица Јанева, д-р Будима Пејковска Шахпаска, д-р Борјан Наумовски и д-р Петар Јанкуловски. Последниот кандидат не ги исполнува предвидените услови според Законот за високо образование (ЗВО). Само двајца кандидати се предлагаат за избор во звање виш научен соработник и тоа: д-р Марјан Петков и д-р Весна Јуруковска Шотаровска додека д-р Надица Јанева е избрана по друг конкурс во знање вонреден професор. Иако ги исполнуваат условите не се предлагаат за избор д-р Будима Пејковска Шахпаска и д-р Борјан Наумовски.

Рефератот што е поднесен од наведената рецензентска комисија е за избор на **две лица.**

Именованите професори од рецензентската комисија се определени за рецензенти со одлука на Наставно научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје на седница од 16.12.2024 година. Одлуката гласи: Одлука за формирање на рецензентска комисија **за избор на 3 (три) лица** во сите звања во научната област стоматолошка протетика.

Иако конкурсот е за избор на три лица кои треба да се бираат во научно звање по стоматолошка протетика, Рецензентската комисија предлага избор само на две лица во научната област стоматолошка протетика. При тоа Комисијата не дава објаснување зошто предлогот е за две лица, иако има обврска и е должна да предложи избор за три лица.

Произлегува дека Комисијата не ја почитува одлуката на Стоматолошкиот факултет, односно на ННС која е прецизна и е за избор на три лица, исто како што е наведено и во јавно објавениот конкурс за избор на три лица.

Непостапувајќи по одлуката на ННС, не постапувајќи по конкурсот и не објаснувајќи зошто така одлучила, Комисијата со тоа ги прекршила одредбите од Законот за високото образование и правните акти УКИМ за избор во звања. Со прекршување на Законот Комисијата сторила сериозен преседан и им нанесла штета на кандидатите кои конкурирале. Нанесена ми е директна штета и мене со оглед дека конкурирав на јавно објавениот конкурс и во целост ги исполнувам сите услови и критериуми кои се предвидени со ЗВО.

За конкурсот на кој јас прим. д-р Будима Пејковска Шахпаска конкурирав за избор во звање научен соработник поднесувам приговор по однос на бодувањето на моите достигнувања, како и за непостапувањето по одлуката на ННС од страна на комисијата.

Рецензентската комисија не постапила по член 173 став (8) од Законот за високото образоване („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18, 178/21 и 58/24). Имено не е дадена оценка за моите остварувања како кандидат, ниту пак е даден предлог за мој избор во соодветно звање иако е тоа законска обврска на комисијата.

Во Законот е предвидено во ставот (8): За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.

Може да се согледа дека Рецензентската комисија не постапила по Законот и затоа извештајот на Комисијата во предложениот облик не треба да биде прифатен од ННС односно да се заложи комисијата да изврши повторно оценување на моите остварувања согласно ЗВО.

Во член 173 во точка (10) од споменатиот закон е предвидено: Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Рецензентската комисија не ги вреднувала сите мои научни, стручни и педагошки остварувања според уредно поднесената документација. Комисијата недозволено врши селекција и не ги вреднува дел од моите научни и стручни трудови.

Со тоа Рецензентската комисија го прекршила Законот за високото образование каде во член 207 во став (5) е предвидена одредба ако не се постапи согласно со членот 173 став (8) од Законот за високо образование, односно при избор на кандидат во наставно-научно звање биде предложен кандидат кој не ги исполнува условите согласно одредбите од Законот за високо образование **или не биде предложен кандидат кој ги исполнува условите за избор во звање.**

Истакнувам дека ги исполнувам во целост сите услови согласно Законот за високото образование, иако има место за предлагање на избор (со одлуката на ННС се предвидени три лица за избор) рецензентската комисија предлага двајца кандидати односно не ме предлага за избор, иако има законска обврска да го направи согласно член 173 став (8) и член 207 став (5) од Законот. Укажувам дека ги имам потребниот број поени предвидени за избор и тоа три пати повеќе од предвидените поени.

Истакнувам дека имам најмногу поени во однос на другите кандидати или 265,3 поени (споредено со д-р Борјан Наумовски кој има 108,7 поени и д-р Петар Јанкуловски со 50,6 поени) кои учествуваа на конкурсот, а не се предложени за избор.

Комисијата во рефератот не ги земала предвид моите ангажирања како насловен доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип (УГД) на Факултетот за

дентална медицина каде држам предавања и вежби од обласа на стоматолошка протетика.

Целиот дел што го имам приложено како мое ангажирање во Наставно образовна дејност или вкупно 73,8 поени не се прикажани во Образецот бр.2 од Рецензијата. Со тоа Комисијата прави превид и неосновано не ги признава моите Наставно образовни активности. Со тоа сум сериозно оштетена иако имам приложено докази за овие остварени педагошки активности.

Рецензентската комисија треба да ја земе предвид досегашната практика на Стоматолошкиот факултет каде што на наставници при нивниот избор кои биле ангажирани на УГД им биле признаени сите нивни ангажмани и им се определени потребните поени. Тоа укажува дека веќе е воспоставена пракса на признавање на педагошка активност од други универзитети што е согласно ЗВО.

Го посочувам како доказ Билтенот бр, 1054 на УКИМ од 13.05.2013 страница од стр. 96 до стр. 130, каде што на колеги кои конкурираат на Стоматолошки факултет во Скопје во рецензија за избор им се признаваат звањето и одржаните предвања и вежби на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип. Рецензентската комисија треба да го земе предвид и Билтенот на УКИМ број 1167, Скопје од 16 април 2018 година, од стр. 124 до стр. 228 каде на колеги кои се избрани во звање редовни професори од истата научна област (стоматолошка протетика) им се признаени сите активности и предавања и вежби одржани на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип.

Оттаму нејасно е по кои критериуми и прописи рецензентската комисија не ги признава моите 73,8 поени кои ги добивам со моето три годишно учество како насловен доцент на УГД Штип за одржани предавања и вежби, а и со активно учество и присуство на бројни меѓународно признаени конгреси, симпозиуми, работилници, во Србија, Косово, Р.С.Македонија.

Во Образецот 2 не се земени предвид 4 поени за објавен Практикум Предклиничка фиксна протетика-фиксни протези (мостови), од 2019 година каде сум коавтор на практикумот. Не се земени предвид предвидените 8 поени за одбранета докторска дисертација.

Исто така во овој образец не се внесени поени за 17 трудови објавени во научни и стручни списанија кои се приложени со поднесената документација кои вкупно се вреднувани и изнесуваат 59,2 поени.

Според правилникот за избор во звања во Анекс 1 официјално објавена на УКИМ јавно може да се компарира недоследноста во бодувањето на веќе остварените активности јавно објавени во книга на апстракти од конгреси, трудови in extenso внесени јавно во ризница на трудови на УГД, јавно претставени на Google Scholar, Research gate, Academia, Pubmed, Scopus и бројни релевантни бази.

Комисијата наместо 406,7 поени колку што изнесува мојата пријава по конкурсот со поднесената документација пресметува дека имам освоено вкупно 265,3 поени.

Со тоа се потврдува дека сум оштетена за 141,4 поени без Комисијата да даде соодветно објаснување.

Наместо да ми се прифатат сите докази со кои остварувам вкупен збир од 406,7 поени комисијата ги намалува и ги сведува само на 265,3 поени.

Изземено е бодирањето на моето членство на сите стоматолошки здруженија како СКМ, МСД, БАСС, ЕСЦД и други, што вообичаено се бодира кај други кандидати.

Врз основа на изнесното предлагам ННС на Стоматолошкиот факултет да не ја прифати рецензијата во предложениот облик туку да измени и да донесе одлука за мој избор во звањето научен соработник со оглед дека во целост ги исполнувам предвидените услови по ЗВО што може да се види и од доставена документација.

**Прим. Д-р Будима Пејковска Шахпаска**

Скопје, 20.03.2025 година

**До**
**Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

Во врска со приговорот на Рефератот за избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, поднесен од д-р Будима Пејковска Шахпаска, а кој се однесува на Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 1326 од 15.3.2025 година, Рецензентската комисија во состав: д-р Сашо Еленчевски, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Сања Панчевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и д-р Наташа Ставрева, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, го дава следниов

# О Д Г О В О Р Н А П Р И Г О В О Р

По детално разгледување на Приговорот поднесен од кандидатката д-р Будима Пејковска Шахпаска, Рецензентската комисија оцени дека тој во целост е неоснован.

Кандидатката во Приговорот наведува дека конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија” и „Koha“, распишан на 19.11.2024 година, како и Одлуката за формирање на Рецензентска комисија се однесуваат на избор на 3 (три) лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика, додека рефератот се однесува на избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика, па кандидатката укажува дека Рецензентската комисија не ја почитува одлуката на Стоматолошкиот факултет, односно на Наставно-научниот совет. Дополнително, кандидатката укажува дека Рецензентската комисија го прекршила Законот за високото образование и правните акти на УКИМ.

Рецензентската комисија смета дека наводите на кандидатката се целосно неосновани и паушални, без да се земат предвид законските одредби и фактичката состојба која е релевантна за постапката за избор во звања. Имено, доколку кандидатката во целост го разгледала извештајот, а особено биографските податоци на кандидатите, можела да заклучи дека кандидатите кои имаат засновано работен однос на Факултетот се избрани во звањето научен соработник и за нив е неопходно распишување на конкурс во повисоко научно звање, со оглед на тоа што во тоа звање се избрани повеќе од 4 години и 5 месеци. Имајќи ја предвид фактичката состојба, која е објавена во самиот реферат, кандидатката требала да ја има предвид и одредбата од членот 176, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/24), која укажува дека најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот, деканот на факултетот распишува конкурс. Дополнително, кандидатката требала да ги има предвид и одредбите од членот 26 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) (во понатамошниот текст: Правилник), кој во целост ја уредува постапката за распишување на конкурс, како и членот 30 од наведениот Правилник кој се однесува на составот и роковите за формирање на рецензентска комисија. Исто така, кандидатката требала да ја има предвид и одредбата од членот 9, став 4 од Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021), со оглед дека таа нема засновано работен однос на Факултетот, а согласно со која е предвидено дека постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кога изборот се врши по првпат, се спроведува по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии. Доколку кандидатката во целост ја утврдила фактичката состојба, релевантна за распишување на конкурсот, и ги имала предвид одредбите од правните акти кои ја регулираат постапката за избор во звање, нема да тврди дека Комисијата

сторила сериозен преседан и дека и е сторена директна штета, а уште помалку да тврди дека Рецензентската комисија постапувала спротивно на актите при изготвување на Рефератот.

Неоснован е наводот на кандидатката дека Рецензентската комисија при оцена на остварувањата на кандидатката не постапила согласно со Законот за високото образование. Напротив, видно од самиот реферат, Комисијата во целост ги има земено предвид остварувањата на кандидатката, па во заклучокот наведува дека кандидатката поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и ги исполнува сите услови да биде избрана во научно звање во научната област стоматолошка протетика.

По детално разгледување на Рефератот, утврдено е дека сите активности кои се предмет на вреднување, правилно и во целост се вреднувани согласно со Законот за високото образование, Правилникот и Анекс 1 на наведениот правилник, па неосновани се тврдењата за сторен прекршок од страна на Комисијата.

Неосновано е и тврдењето дека при бодирањето не се земени предвид докторската дисертација на кандидатката, објавеното учебно помало, трудови објавени во научни и стручни списанија, членство во здруженија и слично. Рецензентската комисија, по извршениот увид во Рефератот, констатира дека во целост се вреднувани активностите согласно со Анекс 1 на Правилникот, а за кои кандидатката има доставено документација релевантна за избор.

Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија во целост го отфрла Приговорот како неоснован и останува на ставот изнесен во Рефератот за избор на две лица во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 1326 од 15.3.2025 година.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
**Проф. д-р Сања Панчевска, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Ставрева, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ КОЛА И ПРОЦЕСИРАЊЕ НА СИГНАЛИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 4.3.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-578/6, донесена на 19.3.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитар Ташковски, претседател, проф. д-р Зоран Ивановски, член и проф. д-р Бранислав Геразов, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Марија Марковска Димитровска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Марковска Димитровска е родена на 13.2.1992 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 2010/2011 година се запишала на додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а дипломирала во септември 2014 година, на насоката Компјутерско системско инженерство и автоматика, со просечен успех 9,11.

Во учебната 2014/2015 се запишала на втор циклус студии на ФЕИТ, на насоката Дигитално процесирање на сигнали. Студиите ги завршила во септември 2015 година, со просечен успех 10,00. Магистерскиот труд со наслов: „Ефикасна имплементација на банки на филтри за анализа на хармоници на TMS320C6713 процесор” го изработила под менторство на проф. д-р Димитар Ташковски.

Во учебната 2015/2016 година се запишала на трет циклус студии на Докторската школа при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на програмата Електротехника и информациски технологии, и ги положила сите испити со највисока оценка 10,00. Дисертацијата на тема „Класификација на нарушувањата на напонските сигнали во електроенергетската мрежа во реално време” ја одбранила на 2.7.2020 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Владимир Димчев (претседател), проф. д-р Димитар Ташковски (ментор), проф. д-р Зоран Ивановски (член), проф. д-р Јосиф Ќосев (член) и проф д-р Владимир Катиќ (надворешен член од Универзитетот во Нови Сад, Р Србија). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на технички науки од областа електротехника и информациски технологии.

Во текот на последниот семестар од додипломските студии, Марија Марковска Димитровска била ангажирана како студент демонстратор по предметот Практикум по MATLAB, а по дипломирањето во септември 2014 година, на Наставно-научниот совет на ФЕИТ била избрана за демонстратор на Институтот за електроника. Во декември 2017 година, кандидатката била избрана за асистент докторанд на истиот институт. Рефератот за избор за асистент докторанд е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, број 1158, од 1.12.2017 година. Во септември 2020 година, кандидатката е избрана во звањето доцент по предметите од наставно-научната област 20414 – електрични кола и дигитално процесирање на сигнали. Рефератот за изборот во звањето доцент е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, број 1221, од 1.9.2020 година.

Нејзиното поле на научен интерес е во областа на дигиталното процесирање на сигнали. Нејзина потесна специјалност е анализа и обработка на сигнали од електроенергетската мрежа. Пошироко работи во областа на примена на машинското учење. Во овие области има објавено 28 научни трудови и има учествувано во повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти, а самата била раководител и на 1 национален проект.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1158 и бр. 1221, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката кои се комплетирани од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Марија Марковска Димитровска, во изминатиот период, како наставник при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, држела предавања и аудиториски вежби по предметот Сигнали и системи, предавања, аудиториски и лабораториски вежби по предметите Дигитално процесирање на сигнали и Системи за дигитално процесирање сигнали, и предавања по предметите Практикум по MATLAB и Практикум по инженерски алатки, на прв циклус студии. Дополнително држела предавања, аудиториски и лабораториски вежби по предметот Електроника на Машинскиот факултет.

Кандидатката секогаш ги извршувала наставните обврски квалитетно, професионално и совесно, и тоа на високо стручно ниво. Успешно им го пренесувала знаењето на студентите, со нив постапувајќи на коректен и на професионален начин. Потврда за ова е и позитивната оценка што кандидатката ја добила на анонимната студентска анкета за квалитет на реализираната настава, организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот.

Кандидатката била ментор на 1 дипломски труд и учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 2 дипломски труда.

Марија Марковска Димитровска одржала предавања на работилницата „Технологија за тебе” и на школата „Машинско учење и наука за податоци за средни училишта”, и двете во рамки на активностите на лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Од почетокот на нејзината научноистражувачка дејност до денот на пријавата, кандидатката се јавува ако автор или коавтор на вкупно 28 научни трудови презентирани на домашни и меѓународни конференции или публикувани во меѓународни списанија (од кои 15 објавени до претходниот избор). Таа се јавува како учесник во вкупно 5 национални и 7 меѓународни научноистражувачки проекти (од кои во 1 национален и 1 меѓународен до претходниот избор).

Од последниот избор до денот на пријавата, кандидатката Марија Марковска Димитровска има објавено 13 научни трудови. Тие, заедно со нивен краток опис, се наведени во продолжение:

**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научни списанија кои имаат импакт-фактор за годината во која се објавени трудовите, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:**

1. G. Nadzinski, B. Gerazov, S. Zlatinov, T. Kartalov, M. Markovska-Dimitrovska, H. Gjoreski, R. Chavdarov, Z. Kokolanski, I. Atanasov, J. Horstmann, U. Sterle, M. Gams, “Data Science and Machine Learning Teaching Practices with Focus on Vocational Education and Training,” in Journal of Informatics in Education, Vol. 22, No. 4, pp. 671–690, 2023, IF: 2.1. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/31461)

   Во трудот е даден преглед на најдобрите практики и состојбата на машинското учење и науката за податоци во образованието на светско ниво, со акцент на средното стручно

образование. Презентирани се резултатите од анкета спроведена во средни стручни училишта во Словенија, Србија и Северна Македонија, која ја потврдува потребата од развој на наставни програми во овие области.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**

2. B. Velkovski, M. Markovska, Z. Kokolanski, D. Taskovski, V. Dimcev, “Evaluating the uncertainty of a virtual power quality disturbance generator and its use in power quality classifier evaluation”, in Acta IMEKO, Vol. 12, No.3, 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32574)
   Во трудот е претставен виртуелен генератор за квалитет на електрична енергија и е презентирана постапката за евалуација на неговата мерна неодреденост. Дополнително, презентирана е неговата примена за евалуација на класификатор на нарушувања на квалитет на електрична енергија.
3. B. Markovski, L. Grcev, V. Gjorgievski, B. Velkovski, M. M. Dimitrovska, “Parametric Analysis of Conductive Coupling of Transmission Line Tower Grounding and Pipeline in Multilayer Soil”, in Przegląd Elektrotechniczny, ISSN 0033-2097, R. 99 NR 7/2023, pp. 223-226, Jul. 2023 (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/29863)
   Во трудот е презентирана параметарска анализа на проводните влијанија помеѓу заземјувачите на надземните енергетски водови и цевководите, при различни карактеристики на средината и различна конфигурација на системите.

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.**

4. B. Velkovski, B. Markovski, V. Gjorgievski, M. Markovska, L. Grcev, S. Kalabakov, E. Merdjanovska, “Improving the Efficiency of Grounding System Analysis Using GPU Parallelization”, in Proceedings of XV International Conference ETAI, pp. 218-222, 23-24 Sept. 2021, Macedonia. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/21992)
   Во трудот е презентирана примена на алгоритми за паралелизација на пресметките за анализа на заземјувачи на графички процесор (GPU), при што е направена споредба на ефикасноста во однос на традиционалните пресметки на централна процесорска единица (CPU).
5. B. Markovski, L. Grcev, V. Gjorgievski, B. Velkovski, M. Markovska Dimitrovska, “Electromagnetic Coupling of Overhead High Voltage Transmission Lines to Pipelines in Multilayer Soil: Parametric Analysis”, in Proceedings of the 8-th International Symposium on Applied Electromagnetics SAEM'2022, Struga, North Macedonia, 26-29 June 2022, pp. 113-123. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/21991)
   Во трудот е презентирана параметарска анализа на електромагнетните влијанија помеѓу надземните енергетски водови и цевководите, при различни карактеристики на средината и конфигурации на системите.
6. A. Zlatkova, M. Markovska and D. Taskovski, “Deep learning approach for classification of PQ disturbances,” in Proceedings of 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe), pp. 1-6, Prague, Czech Republic, 2022. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/24491)
   Во трудот е предложена длабока конволуциска невронска мрежа за детекција и класификација на нарушувања на напонските сигнали. Дополнително, направена е споредба на перформансите на предложениот модел за класификација со други модели кои постојат во литературата.
7. B. Velkovski, M. Markovska, Z. Kokolanski, D. Taskovski, V. Dimcev “Evaluating the Uncertainty of a Virtual Power Quality Disturbance Generator”, in Proceedings of IMEKO TC11

& TC24 Joint Hybrid Conference, Dubrovnik, Croatia, October 17-19, 2022. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/26197)
Во трудот е опишан начинот за одредување на мерната неодреденост на виртуелен генератор за квалитет на електрична енергија. Генераторот го сочинуваат следните модули: виртуелен инструмент, картичка за аквизиција и високонапонски засилувач на моќност. Се анализира буџетот на мерна неодреденост и примената на законот за пропагација на неодреденоста во мерењето за сите модули од мерниот систем.

8. M. Kalendar, Z. Kokolanski, B. Gerazov, G. Nadzinski, M. Poposka, A. Zlatkova, F .Donchevski, M. Markovska, A. Sapeha, K. Karpov, D. Efnusheva, D.Gleich, A. Sarjas, B. Pongrac, E. Siemens, "The UbiLAB Framework for Remote Laboratories," in Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, North Macedonia, 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32571)
Трудот презентира веб-базирана платформа на која се имплементирани лаборатории на далечина и која овозможува изведување виртуелни лабораториски вежби од областа на компјутерското инженерство. Со тоа, авторите предлагаат решение за надминување на предизвиците поврзани со физички ограничените лаборатории, особено во време на пандемија.

9. M. Markovska, B. Gerazov, A. Zlatkova and D. Taskovski, "Electricity Theft Detection Based on Temporal Convolutional Network with Self-Attention," in Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, Macedonia, 27 – 29 June, 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32576)
Во трудот е предложен метод за детекција на кражба на електрична енергија базиран на длабоко учење. Методот е развиен со примена на реални сигнали од потрошувачка на електрична енергија. Направена е споредба на неговата ефикасност со ефикасноста на други методи кои постојат во литературата.

10. Zlatkova A., B. Velkoski, Z. Kokolanski, B. Gerazov, M. Markovska and D. Taskovski, "Multi-horizon energy consumption forecasting on daily basis," in Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, Macedonia, 27 – 29 June, 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32575)
Во трудот е презентиран модел за предвидување на потрошувачката на електрична енергија базиран на длабоко учење. Моделот е тестиран на податоци од реалната потрошувачка на електрична енергија на ФЕИТ.

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**

11. Zlatkova, M. Markovska, B. Gerazov, D. Taskovski, "Analysis and forecasting energy consumption for educational institutions", Летен симпозиум за електроника и обработка на сигнали, Крушево, 24 – 25.06.2022. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32573)
Во трудот е презентиран метод за предвидување на потрошувачката на електрична енергија на ФЕИТ преку споредба на три модели базирани на длабоко учење за таа намена, при што е избран моделот кој дава најсоодветни резултати.

12. Б. Марковски, Л. Грчев, В. Ѓоргиевски, Б. Велковски, М. Марковска Димитровска, „Компјутерски модел за прецизна анализа на електромагнетни појави во енергетски системи“, МАКО CIGRE 2023, Охрид, Северна Македонија, 17 – 19 септември 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/29865)
Во трудот е презентиран компјутерски модел за анализа на електромагнетни појави во енергетските системи. Во моделот се применети повеќе нумерички методи за зголемување на пресметковната ефикасност.

13. M. Markovska, A. Zlatkova, B. Gerazov, B. Velkovski, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Electricity Consumption Forecasting and Theft Detection: Challenges and AI-based Solutions," in Proceedings of MAKO CIGRE 2023, Ohrid, North Macedonia, September 17 – 19, 2023. (линк од репозиториум на УКИМ: http://hdl.handle.net/20.500.12188/32572)
Во трудот се разгледуваат предизвици поврзани со предвидувањето на потрошувачката на електрична енергија и детекцијата на нетехнички загуби во дистрибутивната мрежа, како што е кражба на електрична енергија, кои влијаат директно врз стабилноста на

електроенергетскиот систем. Во таа насока се предложени решенија базирани на модели на длабоко учење.

Во периодот од последниот избор до денот на пријавата, д-р Марија Марковска Димитровска била раководител на 1 национален научноистражувачки проект со наслов „ПЕЕК: Предвидување на потрошувачката на електрична енергија и детекција на кражби”, а била и учесник во 3 национални и 6 меѓународни научноистражувачки проекти.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Марковска Димитровска се одвивала во различни полиња. Од септември 2020 година, таа е раководител на Лабораторијата за дигитално процесирање на сигнали. Била член на организацискиот и програмскиот одбор на конференциите ЕТАИ 2021 и ЕТАИ 2024. Учествувала во подготовка и пријавување на 4 национални научноистражувачки проекти, при што на една апликација била носител, како и во подготовка и пријавување на повеќе од 10 меѓународни научноистражувачки проекти, од кои на една апликација била носител. Кандидатката била учесник во изработка на студија за влијанието на енергетски кабелски вод врз цевковод. Учествувала во промотивни активности на Факултетот и Институтот за електроника. Била член на рецензентска комисија за избор на лице во наставно-научно звање.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марија Марковска Димитровска добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Марковска Димитровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Марковска Димитровска поседува педагошки, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали. Детали околу исполнетоста на општите услови, според Законот за високото образование, како и посебните услови, се наведени во табелите од Образец 1 и Образец 2 во рамките на овој извештај.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Марија Марковска Димитровска да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор по предметите од наставно-научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димитар Ташковски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Ивановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Бранислав Геразов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** МАРИЈА ЉУБЕ МАРКОВСКА ДИМИТРОВСКА
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** 2.02.00.01-Електрични кола и процесирање на сигнали

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,11.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали; поле. електротехника, електроника и информациско инженерство; подрачје: инженерство и технологија. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Informatics in Education, (IF=2.1)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Data Science and Machine Learning Teaching Practices with Focus on Vocational Education and Training<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Acta IMEKO<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Evaluating the uncertainty of a virtual power quality disturbance generator and its use in power quality classifier evaluation<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Conference proceedings - 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe)<br>2. Назив на меѓународниот собир: 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe)<br>3. Имиња на земјите: Италија, Португалија, Полска, ...<br>4. Наслов на трудот: Deep learning approach for classification of PQ disturbances<br>5. Година на објава: 2022 | |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Conference proceedings - IMEKO TC11 & TC24 Joint Hybrid Conference<br>2. Назив на меѓународниот собир: IMEKO TC11 & TC24 Joint Hybrid Conference<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Италија, Кина, ...<br>4. Наслов на трудот: Evaluating the uncertainty of a virtual power quality disturbance generator<br>5. Година на објава: 2022 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Conference proceedings - 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)<br>2. Назив на меѓународниот собир: 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)<br>3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Белгија, Словенија, Канада... | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: Electricity Theft Detection Based on Temporal Convolutional Network with Self-Attention<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: Билтен бр. 1221, од 1.9.2020 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** МАРИЈА ЉУБЕ МАРКОВСКА ДИМИТРОВСКА
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** 2.02.00.01-Електрични кола и процесирање на сигнали

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава - прв циклус студии: (предавања+аудиториски вежби+лабораториски вежби)** | **28,50** |
| 1.1 | Сигнали и системи (3+2+0) – зимски 20/21 | 2,70 |
| 1.2 | Дигитално процесирање на сигнали (0+1+2) – зимски 20/21 | 1,35 |
| 1.3 | Системи за дигитално процесирање на сигнали (3+1+1) – летен 20/21 | 3,15 |
| 1.4 | Практикум по MATLAB (0+1+0) – летен 20/21 | 0,45 |
| 1.5 | Сигнали и системи (3+2+0) – зимски 21/22 | 2,70 |
| 1.6 | Дигитално процесирање на сигнали (3+1+1) – зимски 21/22 | 2,70 |
| 1.7 | Електроника на МФ (3+1+1) – зимски 21/22 | 2,70 |
| 1.8 | Системи за дигитално процесирање на сигнали (3+1+1) – летен 21/22 | 2,70 |
| 1.9 | Практикум по MATLAB (0+1+0) – летен 21/22 | 0,45 |
| 1.10 | Практикум по инженерски алатки (1+0+0) – летен 22/23 | 0,60 |
| 1.11 | Сигнали и системи (3+2+0) – зимски 23/24 | 2,70 |
| 1.12 | Дигитално процесирање на сигнали (3+0+0) – зимски 23/24 | 1,80 |
| 1.13 | Сигнали и системи (3+0+0) – зимски 24/25 | 1,80 |
| 1.14 | Дигитално процесирање на сигнали (3+1+1) – зимски 24/25 | 2,70 |
| **2** | **Настава на школи и работилници (предавања)** | **2,00** |
| 2.1 | „Припрема на податоци за машинско учење“, Валенс: Машинско учење и наука на податоци за средни училишта, ФЕИТ ФабЛаб, 20-22.3.2023 | 1,00 |
| 2.2 | „Уметноста на визуелизацијата на податоците: интерактивна визуелизација во Orange“, Технологија за тебе, ФЕИТ, 15.05.2023 | 1,00 |
| **3** | **Подготовка на нов предмет** | **2,50** |
| 3.1 | Електроника на МФ (предавања + вежби) | 1,50 |
| 3.2 | Практикум по инженерски алатки (предавања) | 1,00 |
| **4** | **Консултации со студенти** | **1,51** |
| 4.1 | зимски семестар 20/21 – 109 студени | 0,22 |
| 4.2 | летен семестар 20/21 – 86 студенти | 0,17 |
| 4.3 | зимски семестар 21/22 – 98 студенти | 0,20 |
| 4.4 | летен семестар 21/22 – 208 студенти | 0,42 |
| 4.5 | летен семестар 22/23 – 66 студенти | 0,13 |
| 4.6 | зимски семестар 23/24 – 98 студенти | 0,20 |
| 4.7 | зимски семестар 24/25 – 85 студенти | 0,17 |
| **5** | **Ментор на дипломска работа** (1 кандидат) | **0,20** |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Член во комисија за оценка и одбрана на дипломска работа** (2 кандидати) | **0,20** |
| | **Вкупно** | **34,91** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Раководител на национален научен проект** | **6,00** |
| 1.1 | „ПЕЕК: Предвидување на потрошувачката на електрична енергија и детекција на кражби“, ФЕИТ, 2022-2023 | 6,00 |
| **2** | **Учесник во национален научен проект** | **9,00** |
| 2.1 | „Електромагнетно моделирање на преодни појави во големи системи“, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2020-2021 | 3,00 |
| 2.2 | „Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб“, Фонд за иновации и технолошки развој, 2022-2023 | 3,00 |
| 2.3 | „Воспоставување на Енергетска Жива Лабораторија во ИНОФЕИТ“, Министерство за економија и труд на РС Македонија, 2024-2025 | 3,00 |
| **3** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **30,00** |
| 3.1 | “Advancing machine learning in vocational education (VALENCE)” Erasmus+ KA202, 12.2020- 01.2023 | 5,00 |
| 3.2 | “UbiLab: A ubiquiqous virtual laboratory framework,” Erasmus+ KA226, 06.2021-05.2023. | 5,00 |
| 3.3 | “VoiceKids: Inspiring Children’s Vocal Inclusion”, Erasmus+ KA220, 09.2024 - 02.2027 | 5,00 |
| 3.4 | “Advancing Renewable Energy in the Adriatic Ionian Region through the Use of Digital Twins (GOTOTWIN)”, Interreg IPA Adrion, 09.2024 - 08.2027 | 5,00 |
| 3.5 | **“Innovation network for development of solutions and technologies for sustainable blue economy in the Adrion region (INNOVABLUE)”, Interreg IPA Adrion, 07.2024-12.2026** | 5,00 |
| 3.6 | “INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia (INNOFEIT EDIH)”, DIGITAL, 01.2025 - 12.2028. | 5,00 |
| **4** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **6,06** |
| 4.1 | G. Nadzinski, B. Gerazov, S. Zlatinov, T. Kartalov, M. Markovska-Dimitrovska, H. Gjoreski, R. Chavdarov, Z. Kokolanski, I. Atanasov, J. Horstmann, U. Sterle and M. Gams, “Data Science and Machine Learning Teaching Practices with Focus on Vocational Education and Training,” in *Journal of Informatics in Education, Vol. 22*, No. 4, pp. 671–690, 2023, IF*:* 2.1 | 6,06 |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | **6,00** |
| 5.1 | B. Velkovski, M. Markovska, Z. Kokolanski, D. Taskovski and V. Dimcev, “Evaluating the uncertainty of a virtual power quality disturbance generator and its use in power quality classifier evaluation”, in *Acta IMEKO*, Vol. 12, No.3, 2023. | 3,00 |
| 5.2 | B. Markovski, L. Grcev, V. Gjorgievski, B. Velkovski and M. M. Dimitrovska, “Parametric Analysis of Conductive Coupling of Transmission Line Tower Grounding and Pipeline in Multilayer Soil”, in *Przegląd Elektrotechniczny*, ISSN 0033-2097, R. 99 NR 7/2023, pp. 223-226, Jul. 2023 | 3,00 |
| **6** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **22,00** |
| 6.1 | B. Velkovski, B. Markovski, V. Gjorgievski, M. Markovska, L. Grcev, S. Kalabakov and E. Merdjanovska, “Improving the Efficiency of Grounding System Analysis Using GPU Parallelization”, in *Proceedings of XV International Conference ETAI*, pp. 218-222, 23-24 Sept. 2021, Macedonia. | 3,00 |
| 6.2 | B. Markovski, L. Grcev, V. Gjorgievski, B. Velkovski and M. Markovska Dimitrovska, “Electromagnetic Coupling of Overhead High Voltage Transmission Lines to Pipelines in Multilayer Soil: Parametric Analysis”, in *Proceedings of the 8-th International Symposium on Applied Electromagnetics SAEM'2022*, Struga, North Macedonia, 26-29 June 2022, pp. 113-123. | 3,00 |
| 6.3 | A. Zlatkova, M. Markovska and D. Taskovski, “Deep learning approach for classification of PQ disturbances,” in *Proceedings of 2022 IEEE International Conference on Environment and Electrical Engineering and 2022 IEEE Industrial and Commercial Power Systems Europe (EEEIC / I&CPS Europe)*, pp. 1-6, Prague, Czech Republic, 2022. | 4,00 |
| 6.4 | B. Velkovski, M. Markovska, Z. Kokolanski, D. Taskovski and V. Dimcev “Evaluating the Uncertainty of a Virtual Power Quality Disturbance Generator”, in *Proceedings of IMEKO TC11 & TC24 Joint Hybrid Conference*, Dubrovnik, Croatia, October 17-19, 2022. | 3,00 |
| 6.5 | M. Kalendar, Z. Kokolanski, B. Gerazov, G. Nadzinski, M. Poposka, A. Zlatkova, F .Donchevski, M. Markovska, A. Sapeha, K. Karpov, D. Efnusheva, D.Gleich, A. Sarjas, B. Pongrac and E. Siemens, “The UbiLAB Framework for Remote Laboratories,” in *Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, Ohrid, North Macedonia, 2023. | 3,00 |
| 6.6 | M. Markovska, B. Gerazov, A. Zlatkova and D. Taskovski, “Electricity Theft Detection Based on Temporal Convolutional Network with Self-Attention,” in *Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, Ohrid, Macedonia, 27 – 29 June, 2023. | 3,00 |
| 6.7 | A. Zlatkova, B. Velkoski, Z. Kokolanski, B. Gerazov, M. Markovska and D. Taskovski, “Multi-horizon energy consumption forecasting | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | on daily basis," in *Proceedings of 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, Ohrid, Macedonia, 27 – 29 June, 2023. | |
| 7 | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир | **3,60** |
| 7.1 | A. Zlatkova, M. Markovska, B. Gerazov and D. Taskovski, "Analysis and forecasting energy consumption for educational institutions", *Летен симпозиум за електроника и обработка на сигнали*, Крушево, 24 – 25.6.2022. | 1,20 |
| 7.2 | Б. Марковски, Л. Грчев, В. Ѓоргиевски, Б. Велковски, М. Марковска Димитровска, „Компјутерски модел за прецизна анализа на електромагнетни појави во енергетски системи“, *MAKO CIGRE 2023*, Охрид, Северна Македонија, 17 – 19 септември 2023. | 1,20 |
| 7.3 | M. Markovska, A. Zlatkova, B. Gerazov, B. Velkovski, Z. Kokolanski and D. Taskovski, "Electricity Consumption Forecasting and Theft Detection: Challenges and AI-based Solutions," in *Proceedings of MAKO CIGRE 2023*, Ohrid, North Macedonia, September 17 – 19, 2023. | 1,20 |
| **8** | Рецензија на научен/стручен труд | **3,40** |
| 8.1 | **IWSSIP 2021 – 1 труд** | 0,20 |
| 8.2 | **ETAI 2021 – 6 труда** | 1,20 |
| 8.3 | **IWSSIP 2023 – 5 труда** | 1,00 |
| 8.4 | **IEEE Transactions on Instrumentation & Measurement (2024) – 1 труд** | 0,20 |
| 8.5 | **ETAI 2024 – 3 труда** | 0,60 |
| 8.6 | **Measurement (2024) – 1 труд** | 0,20 |
| **9** | Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество | **4,00** |
| 9.1 | Markovska. M., "VALENCE educational software environment using Orange," VALENCE Multiplier Event 1, SOSU Ilinden, Skopje, North Macedonia, 18 Dec, 2021. | 2,00 |
| 9.2 | Markovska. M., "Introduction to Orange," VALENCE Multiplier Event 2, INNOFEIT, Skopje, North Macedonia, 09.05.2022. | 2,00 |
| | **Вкупно** | **90,06** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **1,00** |
| 1.1 | Елаборат за електромагнетно влијание на 10 kV подземен кабелски вод врз Магистралниот гасовод Клечовце – Кавадарци (Неготино), април 2024, арх. бр. 03-702/4 од 26.04.2024 | 1,00 |
| **2** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **1,50** |
| 2.1 | Отворени денови на ФЕИТ/ Институт за електроника (2021x3) | 1,50 |
| **3** | **Раководител на лабораторија** | **1,00** |
| 3.1 | Раководител на Лабораторија за дигитално процесирање на сигнали (Решение бр. 04-1357/34 од 2.10.2023 година) | 1,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **2,00** |
| 4.1 | ETAI 2021 – организациски одбор | 1,00 |
| 4.2 | ETAI 2024 – програмски одбор | 1,00 |
| **5** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **2,50** |
| 5.1 | „ПЕЕК: Предвидување на потрошувачката на електрична енергија и детекција на кражби“, ФЕИТ, 2022-2023 (носител) | 1,00 |
| 5.2 | „Електромагнетно моделирање на преодни појави во големи системи“, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2020-2021 (соработник) | 0,50 |
| 5.3 | „Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб“, Фонд за иновации и технолошки развој, 2022-2023 (соработник) | 0,50 |
| 5.4 | „Воспоставување на Енергетска Жива Лабораторија во ИНОФЕИТ“, Министерство за економија и труд на РС Македонија, 2024-2025 (соработник) | 0,50 |
| **6** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | **12,00** |
| 6.1 | “Enhancing R&I Capacity on DiStribuTed EnErgy Monitoring (ESTEEM)”, Horizon WIDERA Twinning, 2023 (носител) | 2,00 |
| 6.2 | “UbiLab: A ubiquiqous virtual laboratory framework,” Erasmus+ KA226, 06.2021-05.2023 (соработник) | 1,00 |
| 6.3 | “Advancing Depression Severity Understanding Through EEG Analysis (DEP-SEE)”, The International Brain Research Organization (IBRO) - Neuroscience Capacity Accelerator for Mental Health, 2023 (соработник) | 1,00 |
| 6.4 | “Enhancing Vocational Education Through Algorithmic Thinking (EVETALT)”, Erasmus+, 2023 (соработник) | 1,00 |
| 6.5 | “VoiceKids: Inspiring Children’s Vocal Inclusion”, Erasmus+ KA220, 09.2024 - 02.2027 (соработник) | 1,00 |
| 6.6 | “CoLlabOratiVe Excellence and Digital Solutions for Sustainable EneRgy Transition (CLOVER)”, Horizon WIDERA Excellence Hub 2024 (соработник) | 1,00 |
| 6.7 | “Secure and Stable Energy Infrastructure via Federated Learning for Renewables (SAFE-R)”, NATO SPS 2024 (соработник) | 1,00 |
| 6.8 | **“VET Advancement through LLM Application (VeLLMa)”, Erasmus+, 2024 (соработник)** | 1,00 |
| 6.9 | “INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia (INNOFEIT EDIH)”, DIGITAL, 01.2025 - 12.2028 (соработник) | 1,00 |
| 6.10 | “VET Advancement through LLM Application (VeLLMa)”, Erasmus+, 2025 (соработник) | 1,00 |
| 6.11 | “Holistic AI for Personalized STEM Education (HAIPED)”, Erasmus+, 2025 (соработник) | 1,00 |
| **7** | **Член на комисија за избор во звање** | **0,20** |
| 7.1 | Член на рецензентска комисија за избор на м-р Александра Златкова во звање – асистент (2020 година) | 0,20 |
| | **Вкупно** | **20,20** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **34,91** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **90,06** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **20,20** |
| **Вкупно** | **145,17** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димитар Ташковски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Ивановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Бранислав Геразов, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

**1. Електрични машини и автоматизација**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Сашо Цветановски | Предизвици од примената на обновливите извори на енергија врз функционирањето на заштитата во електроенергетскиот систем | Challenges of Renewable Energy Sources Application on the Protection Functioning in Power System | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-361/12 од 19.2.2025 г. |

**2. Dedicated Embedded Computer Systems and IoT (на англиски јазик) (DECS-IoT) (Наменски вградливи компјутерски системи и Интернет на нешта (НВКС и ИнН))**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Христијан Славкоски | Подобрување на LoRaWAN комуникацијата за мобилни крајни уреди со техники за предвидување на јачината на сигналот | Enhancing LoRaWAN communication for mobile nodes with techniques for predicting signal strength | Проф. д-р Марија Календар | 02-361/13 од 19.2.2025 г. |

**3. Податочна наука во електротехника и информациски технологии**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Емилија Чона | Примена на машинско учење за интелигентно управување со ресурси во O-RAN архитектура за мобилни мрежи | Application of machine learning for intelligent management in O-RAN architecture for mobile networks | Вон. проф. д-р Даниел Денковски | 02-361/14 од 19.2.2025 г. |
| 2 | Матеа Маринова | Примена и оптимизација на дистрибуирано учење во безжични системи | Application and Optimization of Distributed Learning in Wireless Systems | Вон. проф. д-р Валентин Раковиќ | 02-361/15 од 19.2.2025 г. |

## 4. Интернет и мобилни сервиси и апликации

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Мартин Цветановски | Примена на трансформер архитектура во оптимизација на радио пристапна мрежа на мобилни системи | Application of Transformer Architecture in then Optimization of Radio Access Network for Mobile Systems | Вон. проф. д-р Валентин Раковиќ | 02-361/16 од 19.2.2025 г. |

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ РАЗВОЈОТ НА ГРУБА И ФИНА МОТОРИКА И РАЗВОЈОТ НА ГОВОРОТ И ЈАЗИКОТ КАЈ ДЕЦА“ ОД М-Р МИРАНДА БАРУТИ-СУЛЕЈМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ ЗА СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет/Институт за специјална едукација и рехабилитација во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 15.1.2025 година, донесе Одлука (бр. 10-168/1) за формирање комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Миранда Баюти-Сулејмани со наслов: „Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца“. Комисијата е во состав: проф. д-р Наташа Чичевска Јованова (претседател), проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска (ментор), проф. д-р Горан Ајдински (член), проф. д-р Зора Јачова (член) и проф. д-р Александра Каровска-Ристовска (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Миранда Баюти-Сулејмани, со наслов: „Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца“, содржи 208 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 205 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Во согласност со законската процедура, од страна на менторот е извршена проверка на оригиналноста на трудот во базата на трудови при Министерството за образование и наука (plagijati.mon.gov.mk) на 10.3.2025 година.

Трудот е структуриран во осум дела: *Теоретски основи, Методологија на истражувањето, Резултати од истражувањето, Дискусија, Заклучоци, Предлози, Користена литература* и *Прилози.*

**Првото поглавје** од докторската дисертација, презентирано преку четири тематски единици, претставува мошне солидна теоретска елаборација и дефинирање на проблемот на истражување. На самиот почеток, кандидатката фокусот го става на развојот кај децата, гледан низ призмата на различни автори од повеќе земји. Во првата тематска единица „Развој на моторни вештини“, кандидатката м-р Миранда Баюти-Сулејмани ги анализира и ги објаснува стадиумите на развој на моторни вештини, правејќи јасна дистинкција помеѓу груби моторни вештини, фини моторни вештини и орално-говорни моторни вештини. Оваа единица кандидатката ја заокружува со анализа на теориите кои се однесуваат на моторниот развој кај децата.

Во втората тематска единица со наслов „Развој на јазикот и говорот“, кандидатката м-р Миранда Баюти-Сулејмани дава осврт на артикулацијата на развојот на говор кај децата, при тоа почнувајќи од периодот на интраутерин живот и први реакции на звуци, па сѐ до целосен развој на говорот. Теориите за развој на говорот ја комплетираат и оваа тематска единица во докторскиот трд.

Во следната тематска единица со наслов „Односот помеѓу развојот на моторни вештини и развојот на јазикот и говорот кај децата“, кандикатката преку анализа на различни научни истражувања и научно-стручни трудови ја обработува и ја детерминира корелацијата помеѓу развојот на моторни вештини кај децата и развојот на јазикот и говорот, притоа утврдувајќи и покрај тоа што потенцијалните ефекти на моторичките вештини врз развојот на јазикот сѐ уште не се соодветно истражени, сепак постојат прецизни индикатори кои посочуваат на заемна и тесна поврзаност на развојот во двата домена и дека проблемите во моторниот развој се едни од клучните фактори поврзани со јазичните и комуникациските проблеми кај децата.

Следната тематска единица, „Фактори кои влијаат на развојот на моторните вештини и развојот на јазикот и говорот кај децата“, ги детерминира факторите кои го условуваат развојот

на моторните вештини и способности кај децата, како развојот на говорот и јазикот, при тоа посебно внимание посветувајќи на нивната корелација и заемно дејствување.

**Второто поглавје** од докторскиот труд ги содржи методолошките компоненти на истражувањето. Во него се дефинирани предметот, целта и задачите, примерокот, хипотезите на истражувањето, методите и техниките што се користени за собирање на податоците.

Предмет на ова истражување е корелацијата помеѓу развојот на грубите и фините моторни вештини кај децата и развојот на говорот и јазикот.

Целта на ова истражување е да се добијат сознанија за тоа како развојот во доменот на моториката, односно грубите и фините моторни вештини влијаат врз оромоторниот развој кај децата, односно да се детерминира дали и како се условува развојот на говорот и јазикот кај децата.

Што се однесува до карактеристиките, истражувањето има дескриптивен карактер, насочено е кон откривање, анализа и компарација помеѓу развојот на фините и грубите моторни вештини, оралниот моторен развој и изговорот на звуците на рана возраст. Настојува да ги идентификува асоцијациите и корелациите помеѓу променливите без да манипулира со нив и ни овозможува да разбереме како промените во една променлива се поврзани со промените во друга.

Според дефинираната цел, во докторската дисертација се поставени следниве групи на хипотези:

**Х0**. Се претпоставува дека развојот на јазикот е директно поврзан со моторниот развој, што значи дека очекуваме висока корелација помеѓу моторниот и јазичниот развој кај децата.

***Х1:*** Родителите и наставниците сфаќаат дека постои значајна позитивна корелација помеѓу моторните вештини и развојот на говорот кај нивните деца.

***Х2:*** Родителите веруваат дека подобрувањата на моторните вештини може да доведат до напредок во развојот на говорот на нивните деца.

***Х3:*** Наставниците согледуваат дека постои значајна позитивна корелација помеѓу моторниот развој и развојот на говорот кај учениците.

***Х4:*** Постои позитивна корелација помеѓу развојот на фините и грубите моторни вештини во раното детство и развојот на оралните моторни вештини и изговорот на звуците.

***Х5:*** Децата со напредни моторни вештини ќе покажат попрецизна артикулација во говорот во споредба со оние со помалку развиени моторни вештини.

***Х6:*** Повисоките нивоа на моторна координација, особено во оралните моторни движења, ќе бидат поврзани со зголемена флуентност на говорот кај малите деца.

Во истражувањето се опфатени 70 родители како испитаници на ова истражување, каде што 35 од нив имаат деца кои манифестирале тешкотии во развојот на фините и грубите моторни вештини и во развојот на јазикот и говорот и 35 родители чии деца се без тешкотии во моторниот развој. Истражувањето беше спроведено во државата Косово, вклучувајќи ги градовите Приштина, Митровица, Гњилане, Пеќ, Ѓаковица, Феризај и Призрен.

Податоците добиени преку прашалниците се обработени и анализирани со програмата Статистички пакет за општествени науки (Statistical Package for Social Sciences SPSS 21) за Windows.

Во **третото и четвртото поглавје** од докторската дисертација, кандидатката прави анализа на резултатите со богат илустративен материјал, притоа дискутирајќи ги и споредувајќи ги добиените резултати со низа релевантни истражувања. Анализата на теоретските расправи и емпириските податоци до кои е дојдено во истражувањето упатува на следниве заклучни согледувања (презентирани во **петтото поглавје**):

- Поврзан развој: Од ова истражување можеме да разбереме дека развојот на моторните вештини (фини и груби) е поврзан со развојот на јазикот и говорот кај децата. Кога децата стануваат дел од различни физички активности, тие успеваат да се развијат и когнитивно, но и да го развијат јазикот и говорот.

- Основни вештини: Фините моторни вештини, кои вклучуваат правилна функција на прстите и координација на рака – око, во голема мера влијаат на пишувањето, цртањето и манипулирањето со предмети. Завршувањето на овие дејства влијае на развојот на јазикот,

бидејќи децата полесно го учат јазикот при интеракција со различни алатки за пишување, цртање и предмети.

- Груби моторни вештини и комуникација: Врз основа на наодите од истражувањето, може со сигурност да се каже дека грубите моторни вештини, кои ја вклучуваат големата група на мускули на целото тело, помагаат во вклучувањето во социјалните интеракции. И во овој случај, освен зборувањето, комуникацијата вклучува и гестови, говор на телото, физичка координација, а на нив влијае генералниот развој на моторните вештини.

- Сензоримоторна интеграција: Односот помеѓу моторните вештини и јазичниот развој вклучува сензомоторна интеграција, каде што се работи за способноста на децата да ги комбинираат сетилните информации со моторните дејства. А сензомоторниот аспект им помага на децата да го разберат јазикот, потоа во формирањето на зборовите и артикулацијата на говорот.

- Пресвртници на развојот: Врз основа на наодите од истражувањето, се подразбира дека набљудувањето и поддршката за развој на моторните и јазичните вештини ни ги дава вистинските информации за вкупниот развој на децата.

- Холистички пристап кон образованието: Наодите од истражувањето за поврзаноста помеѓу моторичките вештини и јазичниот развој ни покажуваат дека едукативните интервенции треба да се прават со сеопфатен пристап. Во моментот кога децата се вклучени во активности кои позитивно влијаат на моторниот и јазичниот развој на децата, тие можат да ги подобрат резултатите од учењето.

Како заклучок, врската помеѓу развојот на моторните вештини (фини и груби) и развојот на јазикот и говорот кај децата е повеќеслојна и реципрочна. Во овој случај, со позитивно влијание врз развојот на моторните вештини, заедно со развојот на јазикот, воспитувачите, наставниците и родителите или старателите на децата можат да го поддржат растот и сеопфатните вештини во развојот на детските комуникациски вештини.

Кандидатката посочува дека заклучоците од ова истражување не треба да се прифатат како категорични, бидејќи тие се однесуваат на конкретен примерок, во одреден временски период, но сепак треба да се уважат во насока на рана детекција на отстапките во развојот во различни развојни домени, нивната заемна условеност и значајноста на раната интервенција и стимулација, давајќи притоа препораки и сугестии во тој правец пред крајот на дисертацијата, т.е. во **шестото поглавје**.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Миранда Барути-Сулејмани**, со наслов: **Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца**, претставува истражување од областа на специјалната едукација и рехабилитација. Студијата ги опишува фазите на развој на мотори вештини, говор и јазик кај децата, факторите кои ги условуваат, како и нивната заемна корелација.

Констатациите, резултатите, толкувањата, предлозите и заклучоците од оваа студија треба да се земаат предвид од страна на сите актери во системот на рана детска интервенција, но и образовниот систем, како специјални едукатори и рехабилитатори, педијатри, невролози, патронажни сестри, наставниците, раководителите на образовните институции, родителите и истражувачите од областа на раната детска интервенција и воспитание. Исто така, заклучоците од ова истражување ќе бидат значајни за Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, како институции одговорни за креирање и имплементација на политики кои овозможуваат оптимален развој на децата. Соработката помеѓу институциите, различните даватели на сервисни услуги, а посебно соработката со родителите треба да се редимензионира, ориентирајќи ја оваа соработка кон конкретно ангажирање на родителите во процесот на оптимален развој и учење, но и активно вклучување на сите релевантни чинители.

Од моментот на раѓањето на детето треба да се набљудува развојот на моторните вештини, заедно со јазичниот развој, за што поскоро да се забележат тешкотиите на кои детето може да наиде во развојот на двата домена. Оптималниот развој на децата и искористувањето на нивите потенцијали може да се постигне само преку создавање на средини кои ќе им дадат можност на децата да истражуваат и да стимулираат моторни вештини, како и јазични и говорни вештини, но и со трансдисциплинарен пристап.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Миранда Барути-Сулејмани, со наслов: „Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: **Baruti-Sulejmani M,** Rashikj-Canevska O. (2024). The impact that fine and gross motor development have on the oral motor development and the pronunciation of sounds in early age. International Journal of Management Studies and Social Science Research 6(4):114-125 ISSN: 2582 - 0265 DOI: 10.56293/IJMSSSR.2024.5111 (Online)) https://www.ijmsssr.org/paper/668931dfoded6.pdf

[2]. Автори: **Baruti-Sulejmani M,** Rashikj-Canevska O. (2023). Teachers' perceptions about the impact of motor development on students' language and speech development., Turkish International Journal of Special Education and Guidance & Counseling 12(2), 211-217 ISSN: 1300 – 7432 (Online)) https://www.tijseg.org/index.php/tijseg/article/view/210.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација под наслов: **Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца**, изработена од **м-р Миранда Барути-Сулејмани**, со својата теоретска елаборација, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава значаен придонес во расветлувањето на еден мошне сложен и актуелен проблем во нашиот здравствен и образовен систем. Трудот претставува сам по себе значаен извор, стимулација и поддршка на други истражувања од овој домен, особено поради фактот што во македонската научна теорија и практика постојат мал број трудови што како научен дискурс ја имаат корелацијата на различни развојни домени. Поставеноста на проблемот, аналитичкиот пристап на кандидатката и солидното владеење со методологијата доведуваат до прегледни заклучоци, кои на коректен начин ги детерминираат поставените хипотези со конзистентна научна аргументација, давајќи му на трудот значајно нагласена научна тежина.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет/Институт за специјална едукација и рехабилитација да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Миранда Барути-Сулејмани** со наслов: **Корелација помеѓу развојот на груба и фина моторика и развојот на говорот и јазикот кај деца.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Горан Ајдински, член, с.р.**
**Проф. д-р Зора Јачова, член, с.р.**
**Проф. д-р Александра Каровска Ристовска, член, с.р.**

**Издвоени мислења** (доколку има):

**Издвоени мислења** (доколку има):

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОПШТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ (6.02.02.28) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на наставник во сите звања во наставно-научната област општа и компаративна книжевност (6.02.02.28), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на својата осумнаесетта редовна седница одржана на 22.1.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Славица Србиновска, проф. д-р Маја Бојаџиевска и проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска.

По разгледувањето на пристигнатата документација, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите звања во научната област општа и компаративна книжевност (6.02.02.28) пристигна пријава од кандидатот д-р Ведран Диздаревиќ. Пријавата ги содржи следниве документи: биографија на кандидатот, доказ за стекнат научен степен доктор на филолошки науки, уверение за државјанство, изјава за исполнување на општите и посебните услови на работното место, список на објавени научни, стручни трудови и педагошки и други остварувања, уверение за познавање на англиски јазик и образец 1 и 2.

Врз основа на приложените документи, Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

Ведран Диздаревиќ е роден на 19.9.1992 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во 2011 година се запишал на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, на кој дипломирал во 2015 година и се стекнал со звањето дипломиран педагог. Во 2016 година се запишал на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на кој дипломирал во 2020 година со успех 9,96 и се стекнал со звањето дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност.

Во 2015 година се запишал на постдипломски студии од областа на интеркултурните студии при Филозофскиот факултет, каде што ги положил испитите со средна оценка 10 и го одбранил магистерскиот труд под наслов „Културно-историска анализа на проектот Скопје 2014“ и се стекнал со звањето магистер по интеркултурни студии.

Во 2020 се запишал на Докторската школа на УКИМ, на насоката Наука за книжевност, и ја пријавил докторската теза под наслов „Спецификите на полето на книжевноста во теоријата на Пјер Бурдје“. Во 2024 година ја одбранил докторската теза и се стекнува со научниот назив доктор по хуманистички науки – Наука за книжевност – Општа и компаративна книжевност.

Како демонстратор при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ, работи во текот на 2021 и 2022 година. На 21.12.2022 година е избран во звањето асистент во наставно-научните области (61207) теорија на книжевноста и (61221) историја на општата книжевност и заснова работен однос на определено време до 20.12.2025 г.

**Научни, стучни и други остварувања на кандидатот**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамки на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, кандидатот м-р Ведран Диздаревиќ бил вклучен како демонстратор, а потоа и како асистент во изведувањето на наставата на Катедрата за општа и компаративна книжевност на наставната насока по предметите Методика на наставата по книжевност 1 и Методика на наставата по книжевност 2, со работа со студенти во рамки на наставата во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ и на културолошката насока по предмети од полето на теоријата и методологијата на книжевноста и компаративните поетики.

**Научноистражувачка дејност**

Во научноистражувачката дејност, Диздаревиќ ги актуализира прашањата поврзани со областа на образованието во списанија и зборници од областа на педагогијата, како што се студиите: *The Position of the Child in Pedagogical Conception of John Dewey* (2016), *The method of Global Reading from Interdisciplinary Perspective* (2018), *The Power of Story in the Function of Language Literacy* (2019), *Jerom Bruner on Literature : Concerning the Narratives for Education* (2022). Трудовите се објавувани во списанија и зборници од областа на педагогијата и образованието. Во научните истражувања ги анализира историските контроверзи и методолошките недоследности во научните дела на В. Гете во студијата *Гете контра Њутн: анализа на методолошките премиси на научните дела на Јохан Волфганг Гете.*

Кандидатот Ведран Диздаревиќ докторира на темата *Спецификите на полето на книжевноста во теоријата на Пјер Бурдје,* со која дава придонес со анализа на клучни концепти како рефлексивноста сфатена како процес кој се однесува на поимање на истражувањето и пристапот кон книжевноста или, воопшто, кон уметноста, одликите на полето на книжевноста со преиспитување на определбите за нејзината автономијата и хетерономија или третирање на книжевноста како појава која, освен иманентни одлики, се истражува и во корелација со општествената стварност, потоа трудот ја тематизира одлуката на П. Бурдје за актуализирање на т.н. концепт на „двојната историзација“ во поврзување на внатрешните и надворешните пристапи кон делото. Во докторскиот труд се истражува концептот на симболичкиот капитал врз основа на марксистичките поимања на капиталот и вредноста. Концепциите се анализираат низ призма на читањето на Пјер Бурдје на делото *Сентиментално воспитување* од Г. Флобер.

Од истражувањата и докторската теза поврзана со т.н. *правила на уметноста* на социологот, филозоф и теоретичар на културата Пјер Бурдје, д-р Ведран Диздаревиќ ги објавува трудовите: *Анализа на концептот на рефлексивност во теоријата на Пјер Бурдје* (2021)*, Двата пола на книжевната продукција:хетерономија, автономија и книжевно поле во теоријата на Пјер Бурдје* (2021), *Симболичкиот капитал во полето на книжевноста* (2022), ‘*Правилата на уметноста*’*, неолиберализмот и методот на „двојна историзација“ на Пјер Бурдје* (2023), а во духот на овие истражувања е и трудот во кој се тематизира поимањето на реализмот под наслов *Сите лица на реализмот* (2024). Во доменот на развојот и предизвиците на компаративната книжевност се студиите: *Читање на далечина и светска литература:нова перспектива на еден стар проблем* (2023)*, Против „двојната уцена“ кон Антигона на Славој Жижек* (2024), каде што се актуализира темата за митот и драмата. Објавува и прегледи на научни студии од сферата на македонската култура.

Кандидатот д-р Ведран Диздаревиќ учествувал на неколку научни конференции: по повод обележувањето на 40 години од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност – *Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век* – со тема посветена на *Читањето на далечина и светската литература* (2021), конференција по повод обележување на 75 години од постоењето на Институтот за педагогија – *Educational Challenges and Future Prospects* (2022), со тема за истражувањата на Џером Брунер, потоа на конференција посветена на новите хоризонти во психологијата како наука и практика со тема за придонесите на Џером

Брунер – *New Horizons in Psychological Science and Practice* (2024), конференција посветена на современите филолошки проучувања каде што говори за истражувањата на Џером Брунер и Марта Нусбаум – *Contemporary Philological Studies* (2024), како и конференцијата посветена на митот и драмата и современите интерпретации во оваа сфера – *Мит и драма: современи интерпретации* (2024) со тема: *Трите животи на Антигона*, а посветена на отуѓувањето и анахронизмот низ перспективата на Славој Жижек.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ведран Диздаревиќ, во текот на изработката на докторскиот труд, остварува престој при Катедрата за компаративна книжевност при Универзитетот во Загреб, последната недела од месец мај 2022 година. Тој ја преведува од англиски на македонски јазик студијата *Дали книжевноста може да ги излекува болестите на филозофијата* од Ајрис Мардок (Арт Конект, 2022).

Диздаревиќ членува во Комисијата за наградување на студентски есеј на конкурсот „Блаже Конески“ во 2023 година, кој секоја година се одржува по повод патронатот на Факултетот. Тој ја извршува должноста ЕКТС-координатор при Катедрата за општа и компаративна книжевност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност д-р Ведран Диздаревиќ. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата смета дека д-р Ведран Диздаревиќ поседува стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област општа и компаративна книжевност (6.02.02.28).

Кандидатот д-р Ведран Диздаревиќ се одликува со потенцијал и со можност за остварување придонеси во областа на општата и компаративна книжевност во нашиот академски контекст. Неговите интереси во областа на компаративната книжевност, педагогијата, филозофијата и социологијата придонесуваат тој да биде соодветен кандидат за членство во нашата академска заедница.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Ведран Диздаревиќ да го избере во звањето доцент во научната област општа и компаративна книжевност (6.02.02.28).

Скопје, 24.2.2025 г.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Славица Србиновска, с.р.**
**Проф. д-р Маја Бојаџиевска, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ведран Адмир Диздаревиќ
**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
**Научна област:** општа и компаративна книжевност

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,96.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0.<br>Просечниот успех изнесува 10,0 за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: општа и компаративна книжевност; поле: наука за книжевност; подрачје: хуманистички науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>5. Назив на научното списание: Život i škola<br>6. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>7. Наслов на трудот: The Power of a Story in the Function of Language Literacy<br>8. Година на објава: 2019 | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24 (Македонија 8, Русија 2, Полска | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2, Иран 1, Белгија 1, Данска 1, Романија 1, САД 1, Шпанија 1, Франција 1, Хрватска 1, Канада 1, Германија 1, Република Србија 1, Италија 1)<br>3. Наслов на трудот: „Правилата на уметноста“, неолиберализмот и методот на „двојна историзација“ на Пјер Бурдје<br>9. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24 (Македонија 8, Русија 2, Полска 2, Иран 1, Белгија 1, Данска 1, Романија 1, САД 1, Шпанија 1, Франција 1, Хрватска 1, Канада 1, Германија 1, Република Србија 1, Италија 1)<br>3. Наслов на трудот: „Подобро е добро име отколку големо богатство“: Симболичкиот капитал во полето на книжевноста<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: ARHE: Časopis za filozofiju<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 (Словенија 1, Данска 1, Белгија 1, Загреб 3, Србија 5, САД 1, Русија 2, Македонија 1, Босна и Херцеговина 1, Германија 2)<br>3. Наслов на трудот: Analiza koncepta refleksivnosti i teoriji Pjera Burdjea<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: __________ | не |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>5 Назив на зборникот: __________<br>6 Назив на меѓународниот собир: __________<br>7 Имиња на земјите: __________<br>8 Наслов на трудот: __________ | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 9 Година на објава: __________ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: __________<br>2. Година на објава: __________<br>3. Издавач, место на издавање и година: __________ | не |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 24.12.2024 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Славица Србиновска, с.р.**
**Проф. д-р Маја Бојаџиевска, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ведран Адмир Диздаревиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** општа и компаративна книжевност

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Методика на наставата по книжевност 1 | 1.2 |
| | Методика на наставата по книжевност 2 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на фикцијата 2, (0+2) летен 2021/22 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Рецепција, книжевност, култура, (0+2) летен 2021/22 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на фикцијата 1, (0+2), зимски 2022/23 | 1.2 |
| | Компаративни поетики: Книжевност, филм и култура, (0+2), зимски | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на фикцијата 2, (0+2) летен, 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Рецепција, книжевност, култура, (0+2) летен 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија на книжевноста (изборен предмет за катедрите за италијански и шпански јазик), (2+0), летен 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на фикцијата 1, (0+2), зимски 2023/24 | 1.2 |
| | Компаративни поетики: Книжевност, филм и култура, (0+2), зимски 2023/2024 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Теорија на фикцијата 2, (0+2) летен 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Рецепција, книжевност, култура, (0+2) летен 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија на книжевноста (изборен предмет за катедрите за италијански и шпански јазик), (2+0), летен 2022/23 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Фикција, факти и репрезентација, (0+1), зимски 2024/25 | 0.6 |
| | Компаративни поетики: Книжевност, филм, култура, (0+2), зимски 2024/25 | 1.2 |
| | Теорија и методологија на книжевноста: Книжевност и политика, (0+1), зимски 2024/25 | 0.6 |
| | Компаративни поетики: Постмодернистички поетики, (0+2), зимски 2024/25 | 1.2 |
| | Книжевна херменевтика: Книжевна херменевтика 1, (0+2), зимски 2024/25 | 0.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Теорија и методологија на книжевноста: Историографска метафикција, (2+0), зимски 2024/25 | 1.2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **22.2** |
| 2 | **Консултации со студенти** | 0.20 |
| 3 | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Теорија на книжевноста (изборен предмет за катедрите за италијански и шпански јазик). | 1 |
| | **Вкупно** | **23.40** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| | Delcheva, D. J., & Dizdarevikj, V. (2018). The method of global reading from an interdisciplinary perspective. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, 6(1), 61-66. | 8 |
| | Dizdarevikj, V. (2019). The Power of a Story in the Function of Language Literacy. *Život i škola: Časopis za teoriju i praksu odgoja i obrazovanja (Life and School: Journal for the Theory and Practice of Education)*, 6 (1-2), 201-205. | 8 |
| **2** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| | Диздаревиќ, В. (2023). Правилата на уметноста“, неолиберализмот и методот на „двојна историзација“ на Пјер Бурдје. *Journal of Contemporary Philology*, 6 (2), 57–71. | 5 |
| | Диздаревиќ, В. (2022). Подобро е добро име отколку големо богатство: Симболичкиот капитал во полето на книжевноста. *Journal of Contemporary Philology*, 5 (1), 73–87. | 5 |
| | Диздаревиќ, В. (2021). Двата пола на книжевната продукција: хетерономијата, автономијата и книжевното поле во теоријата на Пјер Бурдје. *Journal of Contemporary Philology*, 4 (1), 119–132. | 5 |
| | Dizdarevikj, V. (2021). Analiza koncepta refleksivnosti i teoriji Pjera Burdjea. *ARHE: Časopis za filozofiju*. 35, 261-276. | 5 |
| | Dizdarevikj, V. (2020). A Comparative Interpretation of Henry James's Novella “The Figure in the Carpet”. *Journal of Contemporary Philology*, 3(1), 137–149. | 5 |
| **3** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Диздаревиќ, В. (2023). Читање на далечина и светска литература: нова перспектива на еден стар проблем. *Предизвици на компаративната книжевност во XXI век*, 245-263. Сигмапрес. | 5 |
| | Dizdarevikj, V. (2022). Jerome Bruner on Literature: Concerning the Importance of Narratives for Education. *75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects*, 151-159. | 5 |
| | Dizdarevikj, V. (2016). The Position of the Child in The Pedagogical Conception of John Dewey. *International Journal for Education, Research and Training*, 2(1), 59-68. | 5 |
| **4** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| | Диздаревиќ, В. (2022). Во потрага по добар живот. *Културен живот*, 3(4), 84-90. | 2 |
| | Диздаревиќ, В. (2024). Делото и дамката. *Културен живот*, 1(2), 96-100. | 2 |
| | Диздаревиќ, В. (2024). Сите лица на реализмот. *Културен живот*, 3(4). | 2 |
| **5** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | Диздаревиќ, В. (2021). Гете contra Њутн: Анализа на медотолошките премиси и недоследности на научните дела на Јохан Волфганг Гете. *Филозофска трибина*, 44(30), 131-148. | 3 |
| **6** | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа** | |
| | Диздаревиќ, В. (2022). Неолиберализмот и методот на „Двојна историзација“ во Правилата на уметноста на Пјер Бурдје. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*, книга 47/48, 321-335. | 2 |
| 7 | **Рецензија на монографија или превод на капитално дело /речник/ енциклопедија** | |
| | Диздаревиќ, В. Опасни и заводливи приказни (кон Николовска, Н. Кристина. Национални митови од маргините: Факти и фикции во предмодерните црковнословенски записи, Сигмапрес, Скопје, 2023 и Талевска, И. Антисемитизам и холокауст: политика, општество, книжевност, култура, Сигмапрес, Скопје, 2023), *Journal of Contemporary Philology*, 7 (1), 115–123. | 0.5 |
| | Диздаревиќ, В. (2024). Против „двојната уцена“: кон Антигона на Славој Жижек (Жижек, С. *Антигона*, Штрих, Скопје, 2024), Systasis, 2024, 42, 72–83. | 0.5 |
| **8** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | Јубилеј: 40 години од основањето на катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески”: „Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век“ (15/10/2021), *Читање на далечина и светска литература: нова перспектива на еден стар проблем.* | 1 |
| | 75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects (16/05/2022 – 18/05/2022), *Jerome Bruner on Literature: Concerning the Importance of Narratives for Education.* | 1 |
| | Contemporary Philological Studies, University of Belgrade – Faculty of Philology (02/03/2024 – 03/03/2024), *Literature as a Tool for Cultivating Humanity: Martha Nussbaum's Account of the Interconnectedness of Literature, Ethics, Education and Democracy.* | 1 |
| | International Scientific Conference “New Horizons in Psychological Science and Practice” on the occasion of 50 years jubilee of the Institute | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | of Psychology, (03/062024 – 05/06/2024) UKIM, Skopje, *Shaping minds, creating worlds: A Comparative analysis of the educational and literary theories of Jerome Bruner and Martha Nussbaum.* | |
| | Мит и драма: современи интерпретации (29-30 ноември 2024) - соорганизација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје, Институтот за македонска литература, УКИМ, Скопје и Факултетот за драмски уметности, УКИМ, Скопје, *The Three Lives of Antigone: Anachronism and Alienation in Slavoj Žižek's "Ethico-political Exercise".* | 1 |
| **9** | **Апстракти објавени во зборник на конференција:** | |
| | 75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects: *Jerome Bruner on Literature: Concerning the Importance of Narratives for Education.* | 1 |
| | Мит и драма: современи интерпретации: *The Three Lives of Antigone: Anachronism and Alienation in Slavoj Žižek's "Ethico-political Exercise".* | 1 |
| | **Вкупно** | **75** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| | Учество во Отворениот ден на Филолошкиот факултет за 2023 година (зимски семестар) | 0.5 |
| | Учество во Отворениот ден на Филолошкиот факултет за 2023 година (летен семестар) | 0.5 |
| | Учество во Отворениот ден на Филолошкиот факултет за 2023 година (зимски семестар) | 0.5 |
| | Учество во Отворениот ден на Филолошкиот факултет за 2023 година (летен семестар) | 0.5 |
| | Промоција на додипломските студии во средните училишта во Скопје, 2023 | 0.5 |
| | Промоција на додипломските студии во средните училишта во Скопје, 2024 | 0.5 |
| 2 | **Превод** | |
| | Ајрис Мердок, *Дали книжевноста може да ги излекува болестите на филозофијата?*, Скопје, Арт Конект, 2024. | 3 |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Студиски престој во странство** | |
| | Студиски престој при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Универзитетот во Загреб, во мај 2022 година. | 0.5 |
| 2 | **Член на факултетска комисија** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на Комисијата за наградниот конкурс „Блаже Конески“ за студентски есеј (2023) | 0.5 |
| **3** | Координатор на студиска програма | |
| | Координатор за ЕКТС на студиската програма Општа и компаративна книжевност | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **8** |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **23,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **75** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **8** |
| **Вкупно** | **106,4** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Славица Србиновска, с.р.**
**Проф. д-р Маја Бојаџиевска, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
## 2025

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Љуљзим Рамиќи | „Роднинската терминологија во германскиот, во македонскиот и во албанскиот јазик“ | “The Kinship Terminology in German Macedonian and Albanian Language “ | проф. д-р Силвана Симоска | 21.3.2025 10-35/5 |

# П Р Е Г Л Е Д
## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
## 2025

**2. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Борис Симоновски | „Екокритиката и екопоетиката во поезијата и книжевната критика на Вилијам Вордсворт и Семјуел Тејлор Колриџ“ | Ecocritcism and Ecopoetics in the Poetry and Literary Criticism of Wiliam Wordsworth and Samuel Taylor Coleridge | проф. д-р МиланДамјанос ки | 20.3.2025 10-479/4 |
| 2. | Елиф Пошка | „Ориентализмите кај Албанците во Скопје и околината“ | Orientalizmat te shqiptarët në Shkup dhe rrethinë | проф. д-р Ајтен Ќамили | 20.3.2025 10-480/4 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНДРОЛОГИЈА И ФИТОЦЕНОЛОГИЈА (4.01.05.01) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (ФШНПАЕ „Ханс Ем“), објавен во дневните весници „Нова Македонија“ (стр. 18) и „Коха“ („Koha“) (стр. 20) на 20.XII 2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *дендрологија и фитоценологија* (4.01.05.01), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-34/6, донесена на 27 јануари 2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јане Ацевски, редовен професор на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“, проф. д-р Марилена Иџојтиќ (prof. dr. sc. Marilena Idžojtić), редовен професор на Факултетот за шумарство и технологија на дрвото во состав на Универзитетот во Загреб, Хрватска (Sveučilište u Zagrebu, Fakultet šumarstva i drvne tehnologije) и проф. д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

Во согласност со член 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, овој реферат е напишан на македонски јазик, бидејќи членот на Рецензентската комисија од странскиот универзитет (Хрватска) го познава македонскиот јазик и го потврдува/заверува со својот потпис.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *дендрологија и фитоценологија* (4.01.05.01), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Бојан Симовски од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Бојан Симовски е роден на 4 октомври 1982 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје на 8 јуни 2001 година. Со високо образование се стекнал на УКИМ – Шумарски факултет во Скопје (УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“), на 3 мај 2007 година, кога дипломирал со просечен успех 9,02.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, пасивно со германскиот јазик и има основни познавања од албанскиот јазик. Исто така, одлично се користи со современи компјутерски вештини.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ – Шумарски факултет во Скопје (УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Студиите ги завршил на 16 мај 2011 година, со просечен успех 10,00 и одбрана на магистерскиот труд на тема: „Дендрофлористички карактеристики на Националниот парк ’Маврово‘“.

Докторска дисертација пријавил на 29 декември 2014 година на УКИМ – Шумарски факултет во Скопје (УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Дисертацијата со наслов: „Природни сукцесии во шумите од Националниот парк ’Маврово‘“ ја одбранил на 6 јули 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Коле Василевски, претседател, проф. д-р Јане Ацевски, ментор, проф. д-р Никола Николов, вонр. проф. д-р Влатко Андоновски и вонр. проф. д-р Николчо Велковски, сите од УКИМ – Шумарски факултет во Скопје (УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на шумарски науки од научната област *дендрологија и фитоценологија* (4.01.05.01), еквивалентно на/во согласност со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (меѓународната Фраскатиева класификација) од 2015 година и релевантни домашни акти со кои се утврдуваат научноистражувачките полиња од трето ниво.

| 43 | Член на експертскиот тим од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ во меѓусекторската работна група за планината Водно во Скопје: „Водно 2018“ (2019 г. – до сега) | 1 |
| 44 | Претседател и член на Одборот за соработка и доверба со јавноста од редот на наставно-научниот кадар на УКИМ – ШФС / УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ (2019 г. – до сега) | 1 |
| 45 | Член од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ во Работната група за подготовка на VI национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност во МЖСПП (2019 – 2020) | 1 |
| 46 | Член од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ во Потсекторската постојана група за цвеќе и украсни дрвја во МЗШВ (од 2018 г. до сега) | 1 |
| 47 | Администратор на „Ризница на трудови“ на УКИМ за УКИМ – ШФС / УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ (од 2018 г. до сега) | 0,5 |
| 48 | Одговорно лице и член на Центарот за професионална обука и кариера (ЦЕПРОК) на УКИМ – ШФС / УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ (2013 – 2022 г., 2022 г. – до сега) | 1 |
| 49 | Администратор на веб-локацијата и фејсбук-страницата на УКИМ – ШФС / УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ (од 2013 г. до сега) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **77,500** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **52,660** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **62,615** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **77,500** |
| **Вкупно** | **192,775** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Јане Ацевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марилена Иџојтиќ (prof. dr. sc. Marilena Idžojtić), член, с.р.**
**Проф. д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИБАРСТВО (4.01.07.01) ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 172, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 26, став 2 од Правилникот за посебните услови за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 49, став 1, точка 8 од Статутот на Институтот за сточарство и рибарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019), Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје го распиша јавниот конкурс за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во научната област рибарство, подрачје 4. земјоделски и ветеринарни науки, научно поле 4.01. земјоделство, шумарство и рибарство, научно потполе 4.01.07. рибарство, научна област 4.01.07.01 рибарство, според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) како дополнување на двете нивоа на меѓународната Фраскатиева класификација (Сл. весник бр. 91 на Република Северна Македонија од 19.4.2024 година).

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 13.2.2025 година.

Согласно со член 30 од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), по завршувањето на рокот на јавниот конкурс од 8 (осум дена), Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство, на својата 12. седница одржана на 26.2.2025 година, донесе Одлука бр. 02-123/1 од 26.2.2025 година, за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Васил Костов, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, претседател;
2. проф. д-р Родне Настова, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, член;
3. проф. д-р Весна Левков, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, член.

По приемот на доставената документација по распишаниот јавен конкурс, Рецензентската комисија констатира дека се пријави само еден кандидат, м-р Ирина Маневска од Скопје.

По разгледувањето на уредно доставените материјали по распишаниот јавен конкурс согласно со член 170 и член 172, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 26, став 2 и член 36 од Правилникот за посебните услови за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 49, став 1, точка 8 од Статутот на Институтот

за сточарство и рибарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019), Рецензентската комисија со особено задоволство на Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во прилог на пријавата заверена со архивски број 04-100 од 13.2.2025 година, кандидатката ги достави следниве документи:

- кратка биографија;
- Државјанство – оригинал;
- Извод од матична книга на родени – оригинал;
- Уверение за положени испити од прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, студиска програма: Анимална биотехнилогија, број 10-10/43 од 23.9.2021 (нотарска заверка);
- Диплома за завршени прв циклус студии од Факултетот за земјоделски науки и храна, студиска програма: Анимална биотехнилогија – оригинал;
- Уверение за положени испити од втор циклус студии на УКИМ – Институт за сточарство и рибарство во Скопје, на студиска програма: Рибарство број 0302-133 од 21.2.2020 година – оригинал;
- Диплома за завршени втор циклус студии на УКИМ – Институт за сточарство и рибарство во Скопје, на студиска програма: Рибарство (магистер по рибарство) – нотарска заверка и оригинал;
- Уверение за познавање на англиски јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филозофски факултет „Блаже Конески“
- Изјава за исполнети општи и посебни услови согласно со Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите акти на Универзитетот;
- Доказ за исполнување на посебните услови од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 41/2018 и бр. 426/2019) и другите акти на Универзитетот.

Рецензентската комисија детално ја разгледа доставената документација од кандидатката м-р Ирина Маневска и констатира дека е уредна и комплетна.

Согласно со член 12, член 15 и член 24 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ирина Маневска ги исполнува општите и посебните услови за избор во звањето асистент/асистент истражувач. Во прилог го доставуваме образложението за исполнување на условите на кандидатката.

1. ***Биографски податоци***

М-р Ирина Маневска е родена на 1.8.1975 година во Скопје, каде што ги завршила основното образование и средното ветеринарно образование. Високото образование го завршила на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и се стекнала со диплома – дипломиран земјоделски инженер на студиската програма Анимална биотехнологија со просечен успех 8,17 (245 ЕКТС). Од 1.4.2007 е во редовен работен однос на УКИМ – Институт за сточарство и рибарство – Скопје како лаборант со високо образование во Центарот за рибарство. Во учебната 2011/2012 година, кандидатката се запишала на постдипломските студии при УКИМ – Институт за сточарство, на студиската програма Рибарство. Во февруари 2020 успешно ги завршила вториот циклус студии со среден успех 10,00. На 7.2.2020 година, како прв магистранд на Институтот за сточарство и рибарство, успешно ја одбранила магистерската теза под наслов: „Влијание на пробиотиците врз производните карактеристики и квалитетот на месото на крапот при интензивно одгледување во кафезен систем“ и се стекнала со научен степен – магистер по рибарство. На 76. редовна седница на Научниот совет со Одлука бр. 02-270/2 од 30.5.2022 година, м-р Ирина Маневска е избрана во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во областа рибарство.

2. ***Научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Ирина Маневска е вработена како асистент во Центарот за рибарство при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство и во изминатиот период учествувала во апликативни и научноистражувачки активности и проекти од областа на рибарството. Особено е активна во активности поврзани со иновации, унапредување и модернизирање на аквакултурното производство на слатководни видови риби. Учествувала и во научноистражувачки проекти за определување на биодиверзитетот на рибите во водите на РС Македонија, мапирање, одредување на еколошкиот статус, детекција, проценка и заштита на ендемичните и загрозени видови риби. Исто така, во рамките на научноистражувачките проекти, учествувала и во изготвување на акциски конзервациски планови, квалитативно и квантитативно определување на структурата, густината и големината на популациите на риби итн.

Со својата стручна и научна определба, кандидатката, во рамките на научната област рибарство, својот професионален развој го насочува преку:

- учество во изработка на методи за унапредување на аквакултурата;
- учество во изработка на извештаи, елаборати и научни студии;
- асистирање во морфометриски анализи и дескрипција на примероци риби;
- подготовка на литературни податоци за дистрибуција на рибите во реките, езерата и акумулациите во РС Македонија;
- теренски активности;
- асистирање при изведување на теренските активности, при идентификација на ретки, ендемични и загрозени видови итн.

Согласно со член 15 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), кандидатката м-р Ирина Маневска приложува листа за учество на следните научноистражувачки проекти и наслови на публикувани научни трудови како автор и коавтор. Исто така, кандидатката приложува и листа за учество на домашни

и меѓународни конгреси, работилници и симпозиуми (во последните 3 години од првиот избор во соработничко звање – асистент/асистент истражувач).

*Листа на научноистражувачки проекти*

1. Проект: „Еколошка состојба на рибната фауна во Белчишко Блато – прелиминарни истражувања“. Носител: ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид. Финансиран и одобрен од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. Траење: 2021 – 2023.
2. Проект: „Биодиверзитет на рибите од горниот тек на реката Треска и езерото Козјак“. Проект финансиран од УКИМ. Траење: 2022 – 2025.
3. Проект: „Прелиминарни истражувања на рибната фауна, планктон и бентална фауна во акумулација Козјак“. Проект финансиран од МЖСПП. Траење: 2023.

*Листа на објавени научни трудови:*

1. Irina Manevska, Ivica Panchevski, Marija Kostova, Natalija Atanasova Panchevska, Vasil Kostov**.** (2024). *“Influence of probiotic supplemented feed on growth rate in common carp (Cyprinus carpio L.) in intensive cage system”.,* (2024), Macedonian Journal of Animal Science. http://www.mjas.ukim.edu.mk
2. Manevska I., Pancevski I., Pancevska N., Arsovska J., Kostov V., *“Influence of Probiotic Feed Addition on Common Carp (Cyprinus carpio) meat chemical composition*”. (2024), NUTRICON Food Quality and Safety, Health and Nutrition, Journal in 2024.
3. **Manevska I., Kostov V., Pancevski I. & Atanasova-Pancevska N.,** *“Influence of dietary probiotic on welfare and feed conversion ratio on common carp (Cyprinus carpio) reared in intensive cage system”* (2024)**.**. https://acta-zoologica-bulgarica.eu/supplement-20-2024/**Issue frequency: 4 per year | ISI Impact Factor (2023) = 0.4**
4. Vasil Kostov, Irina Manevska, Julijana Arsovska, Lidija Velkova-Jordanoska, Dijana Blazhekovikj-Dimovska, Stojmir Stojanovski**.** *“Biological, ecological and taxonomic characteristics of the species Pelasgus minutus (Karaman, 1924) from Belchishko Blato, Republic of North Macedonia”* (2024). https://acta-zoologica-bulgarica.eu/supplement-20-2024/**Issue frequency: 4 per year | ISI Impact Factor (2023) = 0.4**

*Учество на меѓународни научни собири (конгреси, семинари, работилници и форуми):*

1. AQUACULTURE CONGRESS ONLINE Israel Chamber of Commerce of the Fillippines 2023. “Spotlight on Israeli Tech to Meet the Rising Food Demand”. 28.02.2023.
2. NUTRICON Food Quality and Safety, Health and Nutrition 2023. Oral presentation of scientific articles titled: Influence of Probiotic Feed Addition on Common Carp *(Cyprinus carpio)* meat chemical composition”. Manevska I., Pancevski I., Pancevska N., Arsovska J., Kostov V. (2024). Issued in NUTRICON EHEDG Journal in 2024.
3. International Conference participation: 27.09.-29.09.2023: “ONE HEALTH AND ZOOLOGY”, Hyssaria - Bulgaria.
4. INSTITUTE FOR COMMUNICATING STUDIES. PROGRAMME-ENVIRONMENTAL COMMUNICATION. 08.06.2023.
5. International Workshop for Islands Development, Sustainability and Best Practices. Presentation for aquaculture best practices titled: “Alternative eco approach in freshwater aquaculture Environmentally Friendly and Sustainable Aquaculture”. Academia Shipan Lighthouse-Croatia. May 7-10 2023.
6. European Aquatic Tracking Network Training School-Inland Fisheries Institute, University of Warmia and Mazury in Oslztyn, Poland May 29 -1 June 2023.
7. INLAND FISHERIES MANAGEMENT AND AQUATIC BIODIVERSITY CONSERVATION. University of South Bohemia, Faculty of Fisheries and Protection of

Waters-Research Center CENAKVA. Vodnany, Ceske Budejovice. 08.-14.10.2023:

8. INTERREG IPA – WORKSHOP – Info Day/Partner Search Forum for potentional beneficiaries on 1st Call for Proposals. January, 25 2024, Ohrid.
9. Green Growth Platform – “National workshop for biobased solutions in water ecosystems with multi stake holder approach”. Accelerating of circular integration of biobased solutions in European rural areas- BIORURAL. Financed by EU research and innovation programme – HORIZON EUROPE. Presentation titled: *“Alternative approach in aquaculture – probiotic addition in carp feed reared in intensive cage system”.* 12.04.2024.
10. International conference participation „AdriBioPro2024 (Adriatic Biodiversity Protection Conference 2024)“, from October 01-04 2024 held in Kotor Montenegro, accepted paper and presentation titled: „Ecological research of ichthyofauna and benthal fauna in Kozjak reservoir“. Irina Manevska, Jelena Hinić-Jordanovska, Marija Kostova, Valentina Slavevska-Stamenković, Vasil Kostov.
11. Water climate Discission – Radical Change: Polluter Pays plus”.IWA’s SWS Climate Working Group meeting. Online webinar participation. 22.10.2024.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија детално и со внимание ја разгледа приложената пријава, со соодветната документација на кандидатката м-р Ирина Маневска, и констатира дека таа ги исполнува и ги надминува условите по однос на точките од образложението во овој извештај. Посебните услови се во согласност со предвидените услови во членовите 12, 15, 24, 26, 27 и 28 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 170 од Законот за високото образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018 и бр. 178/2021). Согласно со предвидените општи услови од Правилникот, кандидатката има остварено просечен успех од 8,17 на првиот циклус академски студии, како и на вториот циклус академски студии каде што остварениот просечен успех е 10,00. Кандидатката се стекнала со научен степен – магистер по рибарство од научната област од која се избира – рибарство.

Во текот на изминатите три години од нејзиното работење во Институтот за сточарство и рибарство, како асистент по рибарство, учествувала во три (3) научноистражувачки проекти, автор и коавтор е на четири (4) научни труда, од кои два со фактор на влијание, учествувала на единаесет (11) меѓународни научни собири, има познавање на англиски јазик на ниво Ц1 со издаден документ кој е пропишан согласно со Правилникот за избор во звања (асистент) и има способност и квалитети за успешно изведување на научноистражувачка дејност.

Имајќи предвид дека кандидатката учествувала на домашни и меѓународни конгреси, работилници и симпозиуми преку кои ги потврдила своите знаења, вештини и компетенции, особено во областа на рибарството, како и нејзиниот севкупен ангажман во научноистражувачкиот процес во рамките на Центарот за рибарство при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, цениме дека станува збор за мошне солиден работник, трудољубив и продуктивен член на нашата институција.

**Имајќи ја предвид целокупната научноистражувачка и апликативна дејност на кандидатката м-р Ирина Маневска, образложена во овој извештај, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Васил Костов, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, претседател, проф. д-р Родне Настова, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, член, и проф. д-р Весна Левков, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, член, со особено задоволство му предлага на Научниот совет на УКИМ – Институт за сточарство и рибарство, да го усвои овој извештај/реферат и да ја реизбере кандидатката м-р Ирина Маневска во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во научната област рибарство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Васил Костов,**
**редовен професор, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Родне Настова,**
**редовен професор, член, с.р.**

**Проф. д-р Весна Левков,**
**редовен професор, член, с.р.**

**Анекс – Образец 1, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019).**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2. | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: РИБАРСТВО | **да** |
| 3. | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на првиот циклус изнесува 8,17.<br>Просечниот успех на вториот циклус изнесува 10,00. | **да** |
| 4. | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик АНГЛИСКИ<br>2. Назив на документот: УВЕРЕНИЕ бр. 03-1973/2 за познавање на англискиот јазик на ниво **Ц1** според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 3.12.2021 година. | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Васил Костов,**
**редовен професор, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Родне Настова,**
**редовен професор, член, с.р.**

**Проф. д-р Весна Левков,**
**редовен професор, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛИКАТА НА ДРУГИОТ ВО АЛБАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА 20 ВЕК “ ОД М-Р РЕЦЕП ХОТИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 11. редовна седница одржана на 18.12.2024 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов „Сликата на другиот во албанската книжевност на 20 век“ на кандидатот м-р Рецеп Хоти. Комисијата е во состав: проф. д-р Наташа Аврамовска (претседател), проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева (ментор), проф. д-р Мишел Павловски (член), проф. д-р Ана Мартиноска (член) – четворицата членови од Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Арлинд Фаризи (член) од Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тетово.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. **Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Сликата на другиот во албанската книжевност на 20 век“, од кандидатот м-р Рецеп Хоти, содржи 344 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со проред 1,5 и големина на букви 12, со 15 фусноти, 8 страници библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 3 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека покрај тоа, се прави и своевиден вовед во начинот на кој се поима имагологијата како наука за другиот и другоста, како и тематска идентификација на другиот и важноста на претставите за ликот на другиот.

**Првата глава** е посветена на историјата и на теоријата на имагологијата. На имагологијата се гледа како на дел од компаративната книжевност, но и како на засебна поддисциплина која подразбира специфичен, имаголошки пристап кон литературата, како и мултидисциплинарност. Посебно место зазема третирањето на сликата и стереотипот, проширени со имагинарната сликата на Балканот како место на вкрстување на себството и другиот во перспектива на цивилизациите. Посебен дел е посветен на прашањето за меѓусебната поврзаност на имагологијата и идентитетот. Тука се поставува прашањето за идентитетот и алтернативата, типизацијата на другиот во литературата, но и пошироко, во хуманистичките науки. Во овој дел се посветува внимание и на судирите, неминовни кога станува збор за одредување на улогата на другиот, неговата интерпретација во контекст на етнотипите, со што се заокружува теоретскиот дел од студијата.

**Вториот дел** започнува со конкретно проучување на делата на великанот на албанската литература од 20 век, Исмаил Кадаре, кој на овој или оној начин, ликот на другиот го поставува во центарот на вниманието. Така, второто поглавје претставува задлабочена анализа и промислено толкување на шест романи на Кадаре, и тоа: „Палата на соништата“, „Генералот на мртвата војска“, „Погрешна вечера“, „Зима на голема осаменост“, „Концерт на крајот на зимата“ и „Самрак на боговите на степата“.

Анализата на романот „Палата на соништата“ покажува еден поинаков пристап кон ова дело од досега виденото. Имено, кандидатот Хоти критички приоѓа кон ставовите

на дотогашните толкувања, што ќе се покаже парадигматично за неговиот пристап воопшто. Оттука се заклучува дека приодот на Хоти кон потврдените вредности и авторитети на албанската книжевност е поинаков, оригинален и отвора простор за размислувања врз основа на субверзија на веќе постојните елаборати на албанските или странските истражувачи.

Во „Палата на соништата“, покрај третманот на другиот во имагинарната свест, значаен простор зазема и судот на Сатри за уметноста и анимираниот друг. Со политичката критика на Црвениот Друг, според Хоти, се разбива светот на литературата до неговиот код. Посебната комбинација на односите помеѓу „јас“ (себството) и другиот што се воспоставуваат во тажната палата, како и празнината на другиот во центарот на Империјата, според кандидатот, создава ситуација во која „јас“ е окупирано и му служи на другиот. Тоа, пак, е повод, кандидатот да ја надополни анализата со концептуални дигресии какви што се потподелбите предизвикани од евроцентризмот, дури и од расизмот. На овие нивоа се појавува евалуациската анализа на другиот како непријател, сè до оптоварувањата што ги имаат ликовите кои припаѓаат на „ние“, но и оние кои се други во однос на „јас“. „Генералот на мртвата војска“ го истакнува себството како „туѓ друг“, т.е. онаа Албанија која е на генералот и на свештеникот. Во овој контекст, заклучува Хоти, се одвива и наклонетоста на авторот кон претставување на „јас“ преку другиот, странецот во туѓа земја, имагинирајќи го дијалогот на другиот за себе и со себството.

Во анализата на „Погрешната вечера“, кандидатот Реџеп Хоти ја изнесува тезата дека преку имаголошкиот пристап на книжевноста може да се просуди и уметничката вредност на книжевното дело. Во оваа насока се поставуваат поделбите: себство – друг, анализа на туѓото „јас“ во квалитетот на себството, препознавање на себството против другиот со необичен заклучок за другиот од ист пол.

Толкувањето на романот „Зимата на голема осаменост“, Хоти го започнува со анализа на експлозиите на „за“ и „против“ другиот, од аспект на јас/себството, за да дојде до заклучок дека постои т.н. литературен имунитет на јас/себството во односот со сругиот. Од оваа перспектива, лесно е да се разбере релацијата на книжевноста и идеологијата, па и другите концепти, што ги постулира Хоти. Тука се поставува тезата дека, можеби изненадувачки и за самиот автор на романот, мислата на авторот творец или некој дел од таа мисла произлегува од неговата потсвест и е целосно автономна од она што е познато како книжевна свест на авторското дело. Критички настроен кон албанската реалност во дадениот период, Хоти ја поставува тезата дека во дадени околности јас/себството е злото кое се открива пред странецот, другиот, виден во контекст на енверизмот и сталинизмот.

М-р Реџеп Хоти смета дека има квалитетен скок во творештвото на Кадаре со појавата на романот „Концертот на крајот на зимата“, изнесувајќи го својот оригинален концепт за т.н. Кадарева иновација, односно за „друг поглед“, првото поаѓалиште од кое ја отвора студијата за ова дело, за да дојде до анализа на монологот на главниот јунак сместен под земја, во пештера и оттаму да го насочи погледот кон освојување на другиот и да поентира со проклетството на писмото, напишано од една изгубена држава во Европа. Хоти заклучува дека подредениот однос на значењата произлегува од судирот меѓу љубовта, работата и идеологиите во буржоаското и комунистичкото уредување. Низ целиот роман, смета Хоти, блеска доловувањето на третманот на една млада, мртва жена, која и како таква, безживотна, им е потребна на сите главни ликови и фигури на романот. Тој мотив се продолжува и во анализата на делото „Самракот на боговите на степата“ низ третманот на мртвото „јас“, видено во светлината на воскресението од кое мислата тежнее кон трансценденталниот свет.

**Третиот дел** започнува со студијата за Петро Марко (романите: „Хаста ла виста“ и „Последниот град“), продолжува со анализа на делата на писателот Дрито Аголи („Човекот со топка“, „Ѓаволскиот ковчег“) и завршува со романите на Луан Старова („Балканска жртва/Клуч“ и „Таткови книги“). Овој дел може да се сфати и како своевидна проверка на валидноста на пристапот што го фаворизира Хоти во однос на делата на Кадаре.

Она што се издвојува во овој дел од студијата се податоците, особено во романот „Хаста ла виста“ на Марко. Хоти смета дека оваа книга мора да се чита со придружни белешки, особено ако ја читаат млади читатели. Тешките идеолошки и психолошки деформации што некои од ликовите на овој роман ги носат со себе, ја демонстрираат потребата за идно „лекување“. И покрај тоа што Хоти смета дека по уметничка вредност, делото не е на ниво на оние на Кадаре, за него тоа е значајно бидејќи може да ја надополни теоријата за другиот и за себството; т.н. „црвена методологија“ и другиот е потподелба што ја отвора анализата на романот „Хаста ла виста“, при што се воочува посебното позиционирање на себството како „другото на другиот“, како и на авторот и неговата моќ. Неговата анализа на мислата за странецот, конструирана според тогаш актуелната идеолошка литература, отвора можна полемика и со концептот на Самуел П. Хантингтон за судирот на цивилизациите, како и со идејата дека распаѓањето на комунистичкиот идеал за „јас“ и „другоста“ носи свет на себство без индивидуализам. За вториот анализиран роман, „Последниот град“, Хоти вели дека е поуметнички реализиран, но сепак со скромна естетика. Тој смета дека тука третманот на странецот е поцелосен, издиференциран преку конфронтацијата хуманост – идеологија, што е значајно за анализата на романот.

Истражувањето на кандидатот Хоти се приведува кон крај со проширување на границите кои ги подразбира имагологијата како наука за сликата за другиот создадена од човекот. Во прозата на Дритеро Аголи, кандидатот гледа една проширена комуникација, овојпат со другиот жив нечовечки свет, за да ја извлече констатацијата дека комуникацијата со другиот во живиот свет, било да е растителен, животински или човечки, не е доволна за писателот да се смета комплетен. Оттука и идејата во „Човекот со топката“ дека освен со етнотипови, човештвото се соочува и со зоотипови. Во романот „Ѓаволскиот ковчег“, пак, себството и сликата на другиот е во движењето на обликувањето. Другиот го среќаваме во улога на водач (албанскиот лидер, фигурата на советскиот лидер, фигурата на американскиот лидер).

Студијата завршува со анализа на романите на Луан Старова, „Балканска жртва“ и „Таткови книги“. Како и кај Петро Марко, смета Хоти, може да се дебатира за уметничката вредност на романите, бидејќи станува збор за романи со богатство на односи. Носталгијата во „Балканската жртва /Клуч“, ја обликува и сликата на другиот, смета Хоти, а семејството станува еден вид „света институција“ којашто мора да се заштити од другиот. Така, според Хоти, сликата на другиот е подложна на моментално формирање, условена од верувањата, но, од друга страна, таа е и предмет на континуиран интерес, па следствено, и формирање. Така, сликата за другиот во однос на автоимаголошката претстава го дефинира идентитетот. Фигурата на Козата, во „Време на козите“, вели Хоти, ја содржи метафората за неговото затворање во зоолошката градина на Европската Унија, што, пак, значи затворање на народите на Балканот. Дури и во „Татковите книги“, смета кандидатот, „Себството се витка пред книги кои во основа завршуваат во ништо“. Така, „јас“ и другиот настапуваат помеѓу двете цивилизации, Исток и Запад, исто како што концептот на себството и другиот се протега до голиот опстанок, подложен на обликување на идентитетот во зависност од околностите и времето и просторот.

Во **заклучокот,** кандидатот дава одредени препораки за натамошни можни истражувања.

### 1.1. Предмет на истражување

Дисертацијата на Рецеп Хоти, со наслов „Сликата на другиот во албанската книжевност на 20 век“, е компонирана од два дела: првиот е посветен на проучувањето на предметот на истражување на теоретско ниво, односно на прашањата што ги поставува имагологијата, а кои главно се однесуваат на теоретските концепции на оваа поддисциплина, а вториот дел на проучувања на конкретните дела на авторите на албанската литература од 20 век од имаголошки аспект.

Вториот дел од докторската дисертација е нејзиниот практичен дел и има за цел да ја проследи врската меѓу идентитетот и претставата за другиот низ функционална

анализата на конкретни литературни дела на авторите на албанската литература од 20 век, како: Исмаил Кадаре, Петро Марко, Дритеро Аголи и авторот со албанско потекло кој живее и работи во Македонија – Луан Старова.

**Истражувачките прашања кои се поставуваат во тезата се: Кој е другиот во делата на посочените писатели и како тие се идентификуваат? Како да се одреди функцијата на ликот на странецот во творештвото на спомeнатите автори, особено што авторите допираат и историски и идеолошки теми? Кој е другиот и кои се етнотипите за него? Дали другиот е основната категорија на мислата за себе? Дали идеологијата литературно е претставена во сликовноста? Дали имагинарната свест и слики ги обликуваат себството, другото и другоста? Што е „јас“ и другиот пред војната и освојувачот? Што е другото во однос на диктатурата? Каков е односот на другиот во однос на крвната одмазда? Каков е односот на „јас“ и другиот во однос на идеологијата? и сл.**

Работната хипотеза се дефинира на следниов начин: Странецот во албанскиот наратив има суштинска улога во разработката на темата, а карактерот на странецот, со оглед на главните негови карактеристики, е замислен како место за комуникација со светот.

Оттука произлегуваат и помошни хипотези:

ПХ1. Ликовите на странците го сочинуваат главниот дел од настаните во наративите на авторите чии дела се анализирани;

**ПХ2. Во дискурсите за другиот, етнотипите се контрадикторни.**

**ПХ3. Тишината на другиот/странецот е одговор на контекстуалното претставување.**

**ПХ4. Имагинарната свест и слики ги обликуваат и „јас“ и другото и другоста.**

### 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Кандидатот констатира недостиг на литература од албански истражувачи. Оттука, има недостиг на проучување на албанската литература од имаголошки аспект. Кандидатот солидно е запознаен со најновите имаголошки проучувања од влијателните светски автори, кои му се основа за продлабочена анализа на албанскиот наратив за другиот. Тој го одбира концептот на имаголошката филозофија, што му овозможува подлабок увид во врската што нарацијата ја остварува со идеологијата (особено кај Кадаре). Користената литература е богата и има жива комуникација со истражувачите и филозофите кои на одреден начин се доближуваат до имаголошкиот пристап или тој им е главна насока, од Сартр до Фукујама, од Хантингтон до Гадамер.

### 1.3. Краток опис на применетите методи

Од постојната теоретска литература, кандидатот ги извлекува оние сознанија кои се најрелевантни за неговиот предмет на истражување. Врз овој корпус, тој ги формулира прашањата и проблемите кои се специфични за имагологијата, односно одговара на прашањето во каква релација е сликата за другиот во однос на самоидентификацијата, идеологијата, воспоставувањето на вредностите и сл. Истражувањето користи дескриптивна анализа (опис на сликите во наративите) за да се извлечат релевантни аргументи во докажување на хипотезата. Тоа ја условува и структурата на дисертацијата, условена од предноста што кандидатот м-р Реџеп Хоти ѝ ја дава на филозофијата на имагологијата над сликата за другиот. Тоа значи дека, за разлика од други имаголошки проучувања, Хоти смета дека естетиката на пишаниот јазик е важна компонента во обликување на

секоја книжевна слика. Оттука и неговиот став дека дека научната мисла за книжевноста мора да ја има предвид естетиката на јазичниот израз како неопходна компонента.

Тргнувајќи од премисата на овој труд дека е невозможно да се замисли постоењето на човечкото суштество без неговата различност, кандидатот смета дека човечкото творештво, човечкото суштество ја негувало својата конфронтација со себе и другото како една од главните компоненти на сите воспоставени вредности. Тој јасно ја сублимира идејата дека сликата на другиот е односот помеѓу себството и другиот, кој во фикцијата е аксијален. Овој став се забележува и при анализата на сликите и во истражувањето на другите интертекстуални, контекстуални и текстуални аспекти на етнотипите и другите книжевни форми.

### 1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од овој труд ќе им помогнат на идните истражувачи да го пополнат недостокот од научна литература која го применува имаголошкиот пристап, односно ја проучува литературната фигура/слика на другиот во однос на Албанците, која досега беше само површно спомната. Има малку истражувачи кои се занимавале со оваа тема. Реџеп Хоти успешно го помина овој научен пат, користејќи литература на германски, англиски, српско-хрватски, македонски и албански јазик, наведувајќи низа ретки научни книги типолошки поврзани со централната тема на студијата.

## 2. Оцена на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Реџеп Хоти, со наслов „Сликата на другиот во албанската литература на 20 век“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација воведува еден контекстуален пристап во имагологијата, што на одреден начин е иновативен пристап во културолошките студии за кој може да се дискутира.

Во дефинирањето на насловот на докторската дисертација на кандидатот м-р Реџеп Хоти, „Сликата на другиот во албанската литература на 20 век“, треба да се посочи дека во корпусот автори кои се разгледуваат е и писателот Луан Старова, истакнат културен деец во Македонија од албанско етничко потекло. Оттука, одредницата „албанска литература“ во насловот треба да се поима во насока на разгледување на етнотипите, односно инкорпорирани писатели со албанска етничка припадност од различни држави.

Докторската теза за која станува збор е сериозна научна студија, која ги има предвид досегашните истражувања на имагологијата, но, едновремено, тие сознанија ги комбинира со поширокaта литературна, филозофска и политичка мисла, доаѓајќи до резултати кои отвораат можност за натамошни истражувања и дискусии. Истражувајќи ја темата, кандидатот доаѓа до сознание дека албанските проучувачи на литературата до сега речиси и не се занимавале со имаголошкиот пристап, па во таа смисла може да се констатира дека овој труд е пионерски. Оттаму и ставовите на кандидатот кои на одреден начин критички приоѓаат кон досегашните оценки за предметните автори. Сметаме дека докторскиот труд на Хоти во иднина ќе служи како комплементарна литература за новите истражувачи кои сакаат да се занимаваат со оваа тема. Според мислењето на Комисијата за оцена, кандидатот м-р Реџеп Хоти ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

### Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Rexhep Hoti: THE SOCIAL AND THEORETICAL IMPORTANCE OF STUDYING THE IMAGE OF OTHERING, Anglisticum, December 2022 e-ISSN: 1857-8187 p-ISSN: 1857-8179, p. 17-22, vol 11, no 12 (2022) https://anglisticum.org.mk/index.php/IJLLIS/issue/view/130
2. Реџеп Хоти, Арлинд Фаризи, Валдет Хисенај: „ХАСТА ЛА ВИСТА“ – ЦРВЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА И ДРУГОСТА, Современи дијалози списание за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво; Македонско научно друштво – Битола, Год. XII, бр. 14, БИТОЛА, 2024 Г. 12(14), 2024 ISSN 1857- 940X CONTEMPORARY DIALOGUES, УДК 821.18-31(049.3), Стр.118-123
3. Valdet Hysenaj, Arlind Farizi, Rexhep Hoti: A CRITICAL AND LINGUISTIC ANALYSIS OF ISMAIL KADARE'S NOVEL - THE ACCIDENT | Anglisticum. Journal of the Association-Institute for English Language and American Studies, 2024 e-ISSN: 1857-8187 p-ISSN: 1857-8179, p 50-57
4. **Arlind Farizi, Valdet Hysenaj, Rexhep Hoti: PERSONAZHI NARRATOR – QASJA TEORIKE DHE SHEMBUJ NGA ROMANET E KADARESË (NARRATOR CHARACTER – THEORETICAL APPROACH AND EXAMPLES FROM KADARESA'S NOVELS), Journal: Albanologjia International Journal of Albanology, University of Tetova, Issue: 21-22/11/2024, p. 44-50, https://www.ceeol.com/search/journal-detail?id=2674**

**Меѓународна мобилност**

Кандидатот Реџеп Хоти реализираше студиски престој на Националната библиотека „Пјетер Богдани“ во Приштина, Косово, од 1.9. до 7.10.2023.

**Заклучок и предлог**

*Главни научни придонеси на кандидатот*

Докторската дисертација под наслов „Сликата на другиот во албанската литература на 20 век“, изработена од м-р Реџеп Хоти, ја надополнува празнината во албанската наука за литературата со теми кои ја применуваат имагологијата како научна поддисциплина. Од друга страна, проследувајќи ја обемната досегашна светска теоретска мисла во однос на имаголошкиот пристап кон литературата, кандидатот Хоти си поставува амбициозна цел, самата имагологија да ја прошири со прашања кои до сега не биле поставувани или барем не биле доминантни во овој пристап кон толкувањето на книжевниот свет. Во таа насока, тој отвора повеќе дискусии, како во однос на самите теоретски ставови, така и во однос на толкувањето на конкретните книжевни дела. Со еден мултидисциплинарен пристап кон истражувачкиот проблем, Хоти ја нагласува врската помеѓу факцијата и фикцијата, на дискретен начин посочувајќи дека едновремено книжевноста е под директно влијание на идеологијата/стварноста, но и нејзин нужен коректив. Минуциозната анализа на наративот на, пред сè Исмаил Кадаре, но и другите великани на албанската книжевност, како Петро Марко, Дритеро Аголи и Луан Старова, сведочат за иновантен и љубопитен истражувач, кој на веќе, по малку, апсолвираната имаголошка перспектива ѝ дава нов и свеж поттик.

Во посочената докторска дисертација, на убедлив, систематски и доследен начин, се укажува на потребата од негување на имаголошката традиција во толкувањето на книжевните дела и иновации во постапката, бидејќи авторот на студијата верува во можноста дека токму со овој пристап може да се дојде доповеродостојна слика за природата на книжевноста и нејзината функција/значење во општеството.

*Подрачје на примена и ограничувања*

Резултатите од истражувањето имаат за цел да отворат нови дискусии во однос на имагологијата како наука и со тоа да ја актуализираат како значајна платформа од која можат да се анализираат книжевните дела. Проширувајќи го обемот на делување на имагологијата со прашања кои не биле поставени како доминантни (естетиката и вреднувањето, пред сè), резултатите од истражувањето можат да бидат прилог кон оние имаголошки истражувања кои сакаат да дадат сеопфатна, вредносна и ететички образложена слика на свет видена преку неговото книжевно моделирање.

*Можни понатамошни истражувања*

Иако станува збор за анализа на не мал материјал со кој кандидатот сака да стекне потврда на своите хипотези и тврдења, сепак дискусијата околу нив е добредојдена со цел тезите да се развијат со нови сознанија или делумно да се оспорат за да се отворат други, нови можни перспективи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Реџеп Хоти со наслов „Сликата на другиот во албанската книжевност на 20 век“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Наташа Аврамовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Мишел Павловски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Мартиноска, член, с.р.**
**Проф. д-р Арлинд Фаризи, член, с.р.**